# БОЖЈАТА МИСИЈА
# – МОЈА МИСИЈА!

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2023

**БОЖЈАТА МИСИЈА - МОЈА МИСИЈА!**

Автори: Директорите на Центарот за глобална мисија

Број 4/2023

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Божјата мисија за нас - 1 дел ................................................ 7

2. Божјата мисија за нас - 2 дел ................................................ 14

3. Бог нè повикува во мисија.................................................... 21

4. Извршување на Божјата мисија............................................ 28

5. Изговори за избегнување на мисијата ................................ 35

6. Мотивација и подготовка за мисијата ................................ 42

7. Мисија за мојот ближен....................................................... 49

8. Мисија за оние на кои им е потребна помош ..................... 56

9. Мисија за моќните ................................................................ 63

10. Мисија за недосегнатите – Дел 1 ........................................ 70

11. Мисија за недосегнатите – Дел 2 ......................................... 77

12. Естира и Мардохеј ................................................................ 84

13. Завршеток на Божјата мисија.............................................. 91

**Додаток**

Утрински стихови – октомври ................................................... 98

Утрински стихови – ноември...................................................... 99

Утрински стихови – декември ................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата............................................ 102

Текстови за вечерно богослужение ...........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................. 104-106

# ПРЕСТАНЕТЕ ДА ЗБОРУВАТЕ И ПОЧНЕТЕ НЕШТО ДА РАБОТИТЕ!



Пред многу години, едно од нашите адвентистички списанија објави парабола за страшно мочуриште. Додека луѓето оделе по патеката што водела над него, тие често се лизгале и паѓале во неговите опасни води. Нивните смртни извици одекнувале до блиското село. Тоа било навистина страшно!

Затоа селаните одржале состанок. Всушност, тие одржале многу состаноци селото. Биле претставени различни теории и трудови во кои се анализирала причината за проблемот, а понекогаш дури се предлагале и решенија. Но ништо не било направено, освен што продолжиле да се состануваат и да разговараат. Дискусиите траеле со години. Луѓето пишувале дисертации на оваа тема. Биле донесени и гости-предавачи. Се одржувале продажби во дворовите за да се соберат пари и да се обезбедат оброци за оние кои се жртвувале толку многу часови седејќи на тие состаноци. На крајот се собрале и пари за изградба на звучно изолирана сала за состаноци, за плачот на изгубените и оние на умирање да не ги наруши тековните дискусии. Но, никој не направил ништо за да им помогне на оние кои имаат потреба. И никој не направил ништо за да спречи уште повеќе луѓе да се изгубат во мочуриштето. Тие само зборувале.

Ниту црквата како целина, ниту вашата саботношколска класа сигурно не би сакале да бидат како луѓето во тоа село. Го сакаме времето што го поминуваме заедно во молитва, во размислување, сведочење и разговори. Сепак, копнееме да одиме чекор подалеку од тоа и навистина да направиме нешто за луѓето околу нас. Сакаме да внесеме промена во нашите заедници и низ целиот свет. Сакаме делото да се заврши и Исус да се врати.

Поуката за ова тримесечје е осмислена со цел да го насочи нашето внимание кон потребата да излеземе и да направиме нешто. Ќе проучуваме многу чудесни библиски приказни. Ќе читаме за возбудливи иску-

ства. Ќе дознаеме нешто за ресурсите што ни се достапни и кои можат да ни помогнат да допреме до нашите ближни (особено до оние кои немаат христијанска заднина). Но тоа ќе бидат само илустрации кои треба да нè мотивираат. Вистинскиот фокус, срцевината на секоја лекција, е она со што ќе се занимаваме секој четврток во текот на ова тримесечје – предизвик да излеземе и навистина да направиме нешто.

Ние ќе ги изнесеме теолошките согледувања и ќе ви дадеме идеи и алатки со кои ќе можате да работите. А секој четврток, дел од лекцијата ќе се однесува на внимателно осмислени предизвици кои со текот на времето ќе стануваат сè поголеми. Ќе започнеме со она што е лесно. Но, како што ќе одминува тримесечјето, тие предизвици ќе стануваат малку (но и не толку малку) потешки. Целта е секој од нас да го прифати предизвикот да се моли за водство на Светиот Дух, да го примени она што сме го проучувале, а потоа да посвети неколку минути следната седмица зборувајќи за тоа какви искуства стекнал. Тоа не треба да биде време за фалење, туку за разговор за тоа што поминало добро, а што не. Додека ги споделуваме искуствата, групата ќе доаѓа до нови идеи. Молитвените листи ќе се прошируваат (и личните и заедничките).

На крајот, наша желба е ова тримесечје да биде запаметено не по некои незаборавни мисли, интересни приказни и длабоки теолошки концепти. Може и такво нешто да има – и тоа многу. Но, нашата примарна желба е сите да можеме да гледаме наназад на ова тримесечје како време кога Светиот Дух се придружил на нашите скромни напори и извршил мисионски чуда во чест и слава на Божјото име.

Центрите за глобална мисија првпат беа основани од Генералната конференција во 1980 година. Тие работат под водство на Канцеларијата за адвентистичка мисија при Генералната конференција. Во моментов постојат шест такви центри. Нивната цел е да ѝ помогнат на црквата поефикасно да формира нови групи верници меѓу главните нехристијански популации во светот.

*Во времето на пишување на оваа поука, директорите на тие центри (Петрас Бахадур, Ричард Елофер, Клебер Гонсалвес, Клифмонд Шамирудин, Даг Вен, Ејми Витсет), со помош на Гери Краус (Директор на адвентистичката мисија), Хомер Трекартин (пензиониран директор на Центрите на глобалната мисија) и Џеф Скогинс (директор за планирање на Глобалната мисија), работеа заедно на нејзиното обликување. За повеќе информации, ве молиме да ја посетите www.GlobalMissionCenters.org.*

**Лекција 1**
**Од 30 септември до 6 октомври 2023**

# БОЖЈАТА МИСИЈА ЗА НАС - 1 ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,9-15; 1. Мојсеева 28,15; 2. Мојсеева 29,43.45; Матеј 1,18-23; Јован 1,14-18; Јован 3,16; Јован 14,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ, Бог, го повика човекот и му рече: 'Каде си?'" (1. Мојсеева 3,9)**

Своето потекло и својата цел мисијата ги наоѓа само во Бога. Таа мисија не започнала со повикувањето на Аврам (1. Мојсеева 12,1-4) ниту со излегувањето од Египет (2. Мојсеева 12,31-42). Тоа дури и не започнало ни со Исуса Христа на земјата (Матеј 1,18-25) ниту со мисионерските патувања на Павле (Дела 13,4-14,26). Таа мисија ја започнал сам Бог, кога ја создал вселената а подоцна и човечкиот род (1. Мојсеева 1,26.27).

Во Светото Писмо гледаме дека Бог доброволно ја подава својата рака и сака да биде со своите деца. Од самиот почеток воспоставува врска со Адам и Ева. Дури и по појавата на гревот, Тој ја продолжува својата мисија, но овојпат тоа е мисија која има за цел да ја обнови својата заедница со човештвото. На крајот, Божјата мисија ќе биде остварена (Откровение 21-22), поради што треба да бидеме високо мотивирани да земеме учество во делото на проповедање на вечното евангелие на светот (Откровение 14,6.7).

Затоа, основата на секој мисионски потфат мора да биде сосредоточена на меѓусебниот однос со Создателот и на правилното разбирање на Неговата мисионска природа и карактер. Но, за да ја разбереме Божјата мисија, најпрво е потребно подобро да го разбереме самиот Бог, кој е во суштината на таа мисија.

## БОГ КОЈ ЈА ПОДАВА СВОЈАТА РАКА КОН НАС

Бог нѐ создал според својот лик. Тој ни дал совршен свет, а Неговата намера била да живееме во совршена врска со Него, во заемен однос втемелен на Неговата најдрагоцена особина – љубовта. Но, за таа љубов да биде вистинска, Бог ни дал уште еден драгоцен дар – слободна волја – слобода да го избереме патот по кој ќе одиме. Се разбира, Бог им дал јасни упатства на Адам и Ева за опасноста и за смртоносните последици од непослушноста (1. Мојсеева 2,16.17). Меѓутоа, сатаната ја измамил Ева да поверува дека може да јаде од плодот на дрвото на познавање на доброто и злото без никакви негативни последици. Тој тврдел дека тие, напротив, ќе станат „како богови и ќе знаат што е добро, а што зло“ (1. Мојсеева 3,5). За жал, Ева решила да јаде од тој плод, а му го дала и на Адам, кој ја донел истата одлука. На тој начин, совршеното дело на создавањето било извалкано со гревот.

Тој момент го променил првичниот Божји план и намери за новосоздадената планета Земја. Мисијата на спасението, која била осмислена уште „пред создавањето на светот“ (Ефесјаните 1,4), сега морала да се спроведе.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,9-15. Кои биле првите зборови што Бог му ги упатил на Адам откако тој и Ева падналe во грев, и зошто таа изјава, во теолошка смисла, е толку значајна дури и денес?**

___

___

Се разбира, Бог точно знаел каде се наоѓаат тие. Всушност, Адам и Ева, кои биле обземени од страв, требало да согледаат што се случува. Тие, исто така, требало и да се соочат со Бога, за да можат да ги увидат ужасните последици од нивниот грев. Исто така, требало да го победат и сатаната. Од оваа причина, Бог веднаш почнал да им ја објаснува својата мисија – планот на спасението (види 1. Мојсеева 3,14.15) – единствената надеж да успее „да го помири светот со себе“ (2. Коринќаните 5,19).

Меѓутоа, посебно внимание треба да се посвети на фактот дека, пред соочувањето и ветувањето за помирување, Бог дошол да го побара паднатиот човек. И покрај навидум безизлезната ситуација, со прашањето што му го поставува на Адам, Бог всушност отвора две важни теми – за нашата падната состојба и за Неговата мисионерска природа. Ние сме изгубени и нам ни е очајно потребно спасение. Но Тој е оној кој нѐ наоѓа, цврсто решен да нѐ спаси и да биде со нас.

**Низ целокупната историја, Бог постојано го поставувал прашањето: „Каде си?“ Што значи ова за вас во поглед на вашето лично искуство, и каков одговор Му давате?**

## БОГ КОЈ КОПНЕЕ ДА БИДЕ СО НАС

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Мојсеева 17,7; 1. Мојсеева 26,3 и 1. Мојсеева 28,15. Според тие стихови, што се наоѓа во фокусот на ветувањето што му го дава Бог на Аврам и на неговите потомци?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во старозаветниот наратив Бог продолжува да постапува според својата мисионерска природа за да ги оствари своите планови. На пример, по потопот, жителите на Вавилон решиле да се соберат на едно место за да изградат град со кула што ќе достигне до небото. Бог интервенирал така што им го побркал јазикот за да ги расее низ светот (1. Мојсеева 11,1-9). Потоа ја проширил својата мисија, повикувајќи го Аврама (кој подоцна станал Авраам) да биде канал за излевање на Неговите благослови низ целиот свет (1. Мојсеева 12,1-3). Бог му дал многу ветувања на Аврам и на неговото потомство, но едно посебно се истакнува. Тој, всушност, повеќе пати им вели: „Јас ќе бидам (ваш) Бог“; „Ќе бидам со вас“; „Јас сум со тебе“ (видете: 1. Мојсеева 17,7.8; 1. Мојсеева 26,3; 1. Мојсеева 28,15).

Како што тече историјата, Јосиф завршува во Египет, но како инструмент за спасение на својот народ. Библијата потврдува дека во секој чекор од искуството на Јосиф – дури и во најтешките моменти од неговиот живот – „Господ беше со него“ (1. Мојсеева 39,2.21.23). Со генерации подоцна, за да ја исполни својата мисија, Бог го испратил Мојсеја кај фараонот како оној што ќе го ослободи Неговиот народ од египетското ропство. Кога го „повикал во служба“, Бог му рекол на Мојсеја: „Јас ќе бидам со тебе“ (2. Мојсеева 3,12). Одвреме-навреме, Јахве ја потврдувал својата длабока желба да биде со својот народ.

Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 29,43.45. Која била една од главните намени на старозаветното светилиште? Бог решил да биде со своите деца на поинаков начин. Тој ја потврдил својата желба да живее меѓу израелските деца, кога му дал налог на Мојсеја да изгради шатор и да воспостави многу промислен и целисходен систем, кој требало да упатува на врховниот инструмент на Неговата мисија – Исус Христос. „Жртвените приноси и свештенството во еврејскиот систем биле воспоставени со намера да ја претставуваат Христовата смрт и Неговото посредничко дело. Сите овие церемонии немале друга смисла ниту значење, освен да упатуваат на Христа“ (Елена Г. Вајт, *The Advent Review и Herald of the Sabbath*, 17 декември 1872 г.).

**На кои начини вие го доживувате Божјото присуство во вашиот живот?**

## БОГ КОЈ СТАНАЛ ЕДНО СО НАС

Стариот завет зборува за тоа како Создателот почнал да го спроведува својот план преку еден народ кој требало да ја претставува Неговата природа и Неговите намери пред светот. А сè што правел Бог, било во согласност со Неговата мисионска стратегија. Преку пророкот Исаија Тој вели: „...Јас Сум Бог, и нема друг Бог, никој не Ми е сличен! Оној Сум, Кој од почетокот го открива свршетокот... Јас велам: ‘Мојата одлука ќе се исполни, ќе извршам сè што Ми е по волја‘“ (Исаија 46,9.10). Во Новиот Завет, од друга страна, Божјата желба да биде со луѓето поприма една нова димензија. Со Христовото отелотворување, она што било само ветување од Едемската градина (1. Мојсеева 3,15), станало реалност.

**Прочитајте го наративот за најавувањето на Исусовото раѓање во текстот Матеј 1,18-23. Кои клучни подробности за Бога ни ги открива тој извештај?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Господ е со нас.“ Емануел. Бог живеел меѓу својот народ во светилиштето, а сега живеел со нив преку физичкото присуство на Исус од Назарет. Навистина, со Исусовото раѓање, Бог на конкретен начин ја претставил својата непоминлива желба да биде со нас, на тој начин што ќе ја дели нашата природа и мисија – Синот Божји бил целосно човек и целосно Бог, и токму Тој потврдил: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој нема да дојде кај Отецот преку мене“ (Јован 14,6).

**Прочитајте го текстот Јован 1,14-18. Што можете да научите за Божјата мисија за нас врз основа на Христовото отелотворување?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Бог продолжил со својата мисија, а потоа, преку Исуса Христа, бил присутен во тело меѓу своите деца. „Единородниот Син, Кој дојде од Отецот, полн со благодат и вистина“ (Јован 1,14, парафразирано), ги исполнил старозаветните пророштва и, според божествениот план, станал едно со нас, Бог во човечко тело. Така Бог на мисијата продолжил да ја остварува својата цел.

**Размислете што значи тоа што Божјата љубов кон нас е толку голема што Тој бил готов да дојде кај нас земајќи ја нашата природа. Како треба да одговориме на таа љубов, имајќи ја посебно предвид мисијата за другите?**

## БОГ КОЈ ОСТАНУВА СО НАС

Животот и службата на Исус биле Божјото конечно откровение. За нешто повеќе од три години, Бог успеал да ни открие повеќе за себе и за својата мисија отколку преку што и да е друго што го правел во претходните генерации. Христос бил совршена „слика на невидливиот Бог“, Оној во кого требало да се „насели сета полнота... творејќи мир со крвта на Неговиот крст“ (Колошаните 1,15.19.20). Преку Христа, Божјата мисионска природа е целосно објавена. Сам Исус ја открил својата мисија, велејќи: „Синот Човечки дојде да го бара и да го спаси изгубеното“ (Лука 19,10).

**Прочитајте го стихот Јован 3,16 и добро размислете за него. Како се огледува меѓусебната поврзаност на Божјата љубов и Неговата мисија во тој стих?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Подоцна во Исусовата служба, пред последната седмица од Неговиот живот, се решавала конечната судбина на човештвото. Настаните што се случиле во тие денови ги поврзувале очекувањата од минатото со надежта во иднината. За време на празникот Пасха – кој укажувал на ослободување од египетското угнетување – Исус Христос, отелотворениот Бог, го положил својот живот за да нè избави од ропството на гревот. Во врска со тоа, апостол Павле пишува: „Зашто Оној, Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев за нас, за да станеме Божја правда во Него“ (2. Коринќаните 5,21).

**Прочитајте го текстот Матеј 28,18-20. Какво ветување наоѓаме во Големиот налог? Како тоа ни влева сигурност кога се вклучуваме во Божјата мисија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христовата смрт била дел од процесот на помирување, а не негов крај. Со своето воскресение Исус ја победил смртта и му била дадена „сета власт на небото и на земјата“ (Матеј 28,18). Врз основа на тој факт, Тој на сите свои следбеници им дал налог да создаваат ученици ширум светот, со величественото ветување: „*И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот*“ (Матеј 28,20).

**Ги забележувате ли начините на кои Исусовото ветување, дека ќе биде „со вас во сите дни“, се исполнува во вашиот живот кога се вклучувате во мисијата?**

## БОГ КОЈ ЌЕ СЕ ВРАТИ ЗА НАС

**Прочитајте го текстот Јован 14,1-3. Како е поврзан со пораката за последното време што ја наоѓаме во Светото писмо?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Во едно од најдрагоцените ветувања што Христос, како блажена надеж, ги дал за време на својата земна служба, повторно се огледува желбата на Создателот да биде со нас засекогаш. Исус потврдува: „Пак ќе дојдам и ќе ве земам при Себе, за да бидете и вие каде што Сум и Јас“ (Јован 14,3).

Според апостол Јован, тоа ветување на крајот ќе стане реалност. „И чув силен глас од небото, велејќи: „Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив“ (Откровение 21,3).

„Делото на откупувањето ќе биде довршено. На местото на кое гревот изобилувал, Божјата милост уште повеќе се умножува. Самата Земја, тоа поле за кое сатаната тврди дека му припаѓа нему, не само што ќе биде избавена, туку ќе биде и извишена... Овде, каде што живеел Божјиот Син во човечка природа, каде што живеел, страдал и умрел Царот на славата, овде - кога Тој ќе создаде сѐ ново - Божјата скинија ќе биде среде луѓето ’и ќе живее со нив, и тие ќе бидат негов народ, и сам Бог ќе биде со нив, нивниот Бог‘ (Откровение 21,3). И низ бескрајните векови, додека спасените ќе живеат во светлината на самиот Бог, ќе го фалат за неговиот неискажлив Дар - за Емануел - ’Бог со нас‘“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 26 оригинал).

Тука ја наоѓаме најубавата слика за искупувањето. Бог на мисијата конечно ќе ја оствари својата желба засекогаш да биде со своите деца. Колку е огромна привилегијата да се биде дел од таа стварност!

***Седмични предизвици.*** Во текот на ова тримесечје ќе бидете повикувани свесно да се вклучите во Божјата мисија. Тоа ќе биде можност да ја набљудувате и да го доживеете Бога и Неговата мисија на дело во вашиот живот. Искористете ги тие моменти за лично размислување и бидете подготвени секоја седмица да го споделувате со вашата класа она што сте го научиле. Освен тоа, „Дополнителни предизвици“ ќе ве охрабрат да го зголемите вашето учество во Божјата мисија.

***Предизвик:*** Молете се секој ден во текот на следната седмица Бог да ви го отвори срцето за да бидете дел од Неговата мисија.

***Дополнителен предизвик:*** Дознајте го името на личноста со која повремено се сретнувате, а сѐ уште не ја познавате – сосед, колега, продавач, возач на автобус, чувар итн. Започнете да се молите за таа личност секој ден.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање. Тој бил откровение на ’тајната скриена од вечноста‘“ (Римјаните 16,25). Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста. Уште од почеток Бог-Отецот и Христос знаеле за отпадот на сатаната и за падот на човекот предизвикан со делувањето на измамната сила на отпадникот. Бог не е причина за постоењето на гревот, но однапред го видел неговото постоење, осигурувајќи средство со кое ќе ѝ се противстави на оваа страшна можност. Неговата љубов кон светот била толку голема што Тој се заветувал дека ќе го даде својот единороден Син ’заниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен‘ (Јован 3,16)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 22 ориг.).

„Христос им рекол на своите ученици дека нивната задача нема да биде лесна.... Но затоа нема да бидат оставени да се борат сами. Христос им загарантирал дека Тој секогаш ќе биде со нив и дека, ако појдат со вера, ќе бидат засолнети од Семоќниот... Сѐ додека ќе се придржуваат кон неговата реч и додека во својата работа ќе бидат цврсто поврзани со него, нема да знаат за пораз и неуспех. ‘Одете по сиот свет, до најоддалечените делови на земјината топка каде што има населени луѓе, и бидете сигурни дека таму секогаш ќе бидам со вас’, им рекол. ‘Работете со вера и со сигурност, зашто јас никогаш нема да ве напуштам. Секогаш ќе бидам со вас, помагајќи ви да ја извршите својата должност. Ќе ве водам, ќе ве утешувам, ќе ве посветувам и поддржувам. Ќе ви подарам успех кога ќе зборувате зборови со кои вниманието на другите ќе го насочувате кон небото’“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 29 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете што значи тоа што првите Божји зборови до паднатиот човек не биле: „Што направи?“ Или: „Зошто не ме послуша?“ Наместо тоа, Неговите први зборови биле: „Каде си?“ Каква утеха тој факт би требало да ни влее, кога станува збор за Божјата намера спрема нас и нашите најблиски?**

**2. Размислете што значи тоа што сам Бог, во личноста на Исуса Христа, дошол на овој свет за да нѐ спаси. Христос на крстот бил врховен израз на Бога како Бог на мисијата. Што ни кажува тоа за Неговиот карактер?**

**3. Оваа мисија му припаѓа на Бога. Од оваа причина, Тој ќе ги опреми и ќе ги зајакне луѓето за таа задача. Кога ќе ги согледате предизвиците на евангелизирањето на целиот свет во светлината на тој факт, како тоа ви помага да се изборите со чувството на несоодветност и страв?**

**Лекција 2**
**Од 7 до 13 октомври 2023**

# БОЖЈАТА МИСИЈА ЗА НАС - 2 ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 20,21.22; Матеј 28,16-20; Откровение 14,6.7; 5. Мојсеева 7,6.11.12; Откровение 7,9.10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух“ (Матеј 28,19)**

Темата за Бога како Бог на мисијата се провлекува низ целото Свето писмо. Тоа е поврзувачка нишка на човечката историја, која ја открива целта на Божјото создавање. И уште повеќе, го обединува божественото откровение чиј главен фокус е обновувањето на Божјиот лик во Неговите паднати деца (спореди Колошаните 3,9.10; 1. Јованово 3,2).

Божјата мисија служи и како заднина во однос на која треба да ја согледуваме и да ја разбереме Божјата реч. Кога ја читаме Библијата, го запознаваме Бога кој доброволно ни ја подава својата рака. И покрај раздвојувањето предизвикано од гревот (Исаија 59,2), Бог преку својата мисија продолжува да го обновува нарушениот однос со човештвото до славниот момент кога Тој ќе создаде сѐ одново (види Откровение 21,5).

Во меѓувреме, Бог одлучил да ни се открие на начин кој ни овозможува да ја разбереме Неговата природа и цел и, пред сѐ, да оствариме вистинска и трајна врска со Него. Со други зборови, имаме можност не само да Го запознаеме, туку и да им кажуваме на другите за нашето искуство со Него и за Неговата спасоносна љубов.

Според тоа, во Светото писмо, Бог ни ги дава основните елементи на она што ја сочинува суштината на Неговата мисија.

# ТРИЕДЕН БОГ – ПОТЕКЛОТО НА МИСИЈАТА

Божјата мисија, претставена во Светото писмо, на чело и во средиште го има Исуса Христа, како единствен пат до спасението. Сам Христос изјавил: „Исус му рече: ‘Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене’“ (Јован 14,6). Но исто така, Тој ни помага да ја разбереме и суштинската важност што триедниот Бог ја има за Неговата мисија.

Сè што правел Христос, било за или од Неговиот Небесен Отец (видете Јован 4,34; Јован 5,30; Јован 12,45). Меѓутоа, секогаш мораме да имаме на ум дека Исусовата мисија не започнала кога дошол на овој свет. Тој ја примил од Отецот уште пред создавањето на нашиот свет (споредете со Ефесјаните 1,4; 1. Петрово 1,20).

Според тоа, Бог го планирал своето доаѓање меѓу луѓето уште пред да ги постави темелите на нашата планета и доброволно влегол во човечката историја за да ја оствари таа цел.

Синот го создал овој свет (Јован 1,3) и „кога се исполни времето“ (Галатјаните 4,4), Бог ја покажал својата љубов испраќајќи го Синот овде (Јован 3,16.17). Синот дошол, умрел на крстот и ја победил смртта. Потоа, испратен од Отецот, Духот дошол овде (Јован 14,26; Јован 16,7), го осведочил светот (Јован 16,8-11) и денес ја продолжува мисијата на Отецот и Синот со тоа што го зајакнува и испраќа Божјиот народ во мисија (Јован 14,26; Јован 16,13,14).

**Прочитајте го текстот Јован 20,21.22. Како треба да ја обликува нашата мисија сфаќањето дека таа потекнува од Отецот, Синот и Светиот Дух?**

____________________________________________________________

Иако зборот „тројство“ не се наоѓа во Библијата, има многу докази поврзани со мисијата во која се вклучени сите три Лица на Божеството. На пример, по воскресението, Христос им се јавил на своите ученици и им ветил: „Еве, Јас ќе го испратам на вас *ветувањето на Мојот Татко*; а вие останете во градот, додека не се облечете во сила одозгора!“ (Лука 24,49) Тука ја гледаме реалноста на мисијата на Божеството изразена во една реченица: ветувањето на Отецот, уверувањето на Синот дека ветувањето ќе се исполни и самото ветување – доаѓањето на Светиот Дух (видете: Лука 3,16; Дела 1,4.5.8).

Од тоа дознаваме дека оваа мисија, всушност, не е наша. Таа му припаѓа на триедниот Бог. Како таква, таа сигурно нема да пропадне.

**Отецот, Синот и Светиот Дух – сите заедно се вклучени во делото на спасување на душите. Зошто таа мисла треба да ни биде исклучително утешна?**

## ФОКУС НА МИСИЈАТА – СОЗДАВАЊЕ УЧЕНИЦИ

**Прочитајте го текстот Матеј 28,16-20. Кои елементи на учеништвото можете да ги препознаете во тој пасус?**

_______________________________________________

Во текстот Матеј 28,16-20, објавено е библиското пратеништво, познато како Големиот налог (Матеј 28,18-20), со кое Исус ги упатува своите следбеници да излезат и да создаваат ученици, поучувајќи ги во верата и воведувајќи ги во заедништвото (види исто така: Марко 16,15.16; Лука 24,44-49; Јован 20,21-23; Дела 1,8).

Основните компоненти на текстот Матеј 28,16-20 можат да се согледаат од четири едноставни аспекти: (1) Исус им заповеда на своите ученици да одат во Галилеја за да се сретнат со Него (Матеј 28,16-17), (2) Исус доаѓа кај нив, го објавува и неговиот авторитет и суверенитет (Матеј 28,18), (3) Потоа Исус им доверува на своите ученици одредена задача – имено, да создаваат ученици (Матеј 28,19.20); и конечно, (4) Исус ветува дека ќе биде со своите ученици до крајот на времето (Матеј 28,20).

Создавањето ученици е примарен фокус на Големиот налог и главна задача во рамките на мисијата. Во оригиналниот грчки јазик, почетокот на Матеј 28,19 буквално гласи: „Така, кога ќе одите, создавајте ученици...“ Зборот „така“ укажува дека Големиот налог се заснова на штотуку покажаното (Матеј 28,18): Исусовото владеење, авторитет и суверенитет. Сето тоа произлегува од победата што ја постигнал со своето воскресение.

Важно е да се нагласи дека во рамките на Големиот налог, единствениот глагол кој повикува на акција со заповеднички тон е токму глаголот „научете“. Поучувањето на сите луѓе, нивното крштевање и пренесувањето на Исусовите учења на целиот свет се карактеристики на процесот на учеништвото. Овде Исус јасно ги насочува своите ученици кон една цел – создавање ученици. Тоа е навистина еден од најзначајните текстови за мисија во целото Свето писмо. Тој се завршува со ветувањето на Исус дека секогаш ќе биде присутен меѓу своите следбеници.

Очигледно е дека Големиот налог бил наменет за многу поголем број ученици во однос на малата група што се собрала под тие посебни околности. Тие не можеле сами да одат кај „сите народи“ за да ја исполнат таа нова мисија што им била зададена – да создаваат ученици. Според тоа, тој налог е универзален по својот опсег: секој вистински следбеник на Исуса Христа би требало да се вклучи во создавањето ученици. Згора на тоа, пораката што треба да се пренесе – вечното евангелие за Исуса Христа – е наменета за целиот свет, без никакви географски, општествени или етнички ограничувања.

**Мисијата се состои во „создавањето ученици“. Како тој мандат на Учителот влијае на вашиот начин на живот и служба на другите? Што можете да преземете за да бидете повеќе вклучени во она што сте повикани да го правите?**

## ПОРАКА НА МИСИЈАТА – ВЕЧНОТО ЕВАНГЕЛИЕ

**Прочитајте Откровение 14,6.7. Кои аспекти на Божјата мисија можеме да ги препознаеме во „вечното евангелие“ изнесено од страна на првиот од трите ангели од Откровение 14?**

____________________________________________________________________________

Тоа е единственото место во Светото писмо каде што се поврзани зборовите „вечно“ и „евангелие“. Евангелието е добрата вест за благодатта што им се нуди на сите преку Исуса Христа. Тој дошол на нашиот свет за да ни ја покаже својата „благодат и вистина“ (Јован 1,14). Тој живеел безгрешен живот и умрел на крстот како заменичка жртва за да ја поднесе казната за нашите гревови (Исаија 53,4.5; 1. Петрово 3,18). Потоа воскреснал, се вратил на небото, бил возвишен од Отецот и денес посредува за нас во небесното светилиште (Откровение 1,18; Дела 2,33; Евреите 7,25). И наскоро ќе го исполни своето најголемо ветување – ќе се врати во величественост и слава за конечно, по милениумот, да го воспостави Божјето царство на земјата (Јован 14,1-4; Дела 1,11; Откровение 21,1-4). Сите овие се суштински реалности на вечното евангелие.

Сепак, фактот дека оваа порака е вечна, има исклучително голема важност. Постои само едно евангелие кое може да нè спаси. И тоа ќе остане исто додека Божјата мисија не биде целосно исполнета. Никогаш нема да има друго евангелие. Лажните учења и доктрини доаѓаат и си поминуваат (Ефесјаните 4,14), но пораката за спасение – вечното евангелие е непроменливо, а оние кои веруваат и живеат во послушност кон него ќе бидат наградени (види 5. Мојсеева 5,33; Римјаните 2,6).

Истиот налог што им бил даден на првите ученици, даден ни е и нам денес. Ние мора да продолжиме со таа задача да создаваме ученици за Христа низ целиот свет. Но, какви треба да бидат тие ученици? Добри, чесни, целосно посветени луѓе, полни со љубов? Овие особини се од суштинска важност, но не и доволни. Мораме да создаваме ученици кои ќе бидат сосредоточени на сите библиски елементи на ученииштвото (Лука 9,23; Јован 13,34.35; 2. Коринќаните 5,17), со крајна цел да бидеме подготвени и да ги подготвиме другите за второто доаѓање на нашиот Учител, Исус Христос.

„Најавувањето на судот всушност претставува проповедање дека второто Христово доаѓање е пред врата (Откровение 14,6.7). Тоа најавување е наречено вечно евангелие. Според тоа, проповедањето на второто Христово доаѓање, објавувањето на неговата близина, е прикажано како суштински дел на евангелската порака...“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи,* стр. 227, 228 оригинал).

**Како концептот на судот е поврзан со „вечното евангелие“ во пораката на првиот ангел? Зошто е евангелието незаменливо, кога станува збор за идејата за судот?**

## БОЖЈИОТ НАРОД - СПРОВЕДУВАЧ НА МИСИЈАТА

Низ историјата, Бог отсекогаш имал луѓе кои верно го претставувале неговиот карактер и послушно ги спроведувале неговите намери. Божји народ се оние кои се повикани и кои го прифатиле неговиот повик да бидат учесници во Неговата благодат. Сите тие биле – и продолжуваат да бидат – Божји орудија за исполнување на Неговата мисија.

**Прочитајте: 1. Мојсеева 12,1-3 и 5. Мојсеева 7,6.11.12. Која била првобитната цел на Бога со неговиот народ во Стариот завет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Божјиот сојуз со Аврам и неговите потомци имал одредена цел. Тие биле повикани, создадени и задолжени да бидат носители на Божјата мисија – канали на благослов до сите народи (сп. 5. Мојсеева 28,10; Исаија 49,6). Меѓутоа, тие биле избрани во рамките на заветниот однос со Бога, кој бил условен од нивната вера и послушност (1. Мојсеева 22,16-18; 2. Мојсеева 19,5.6; 5. Мојсеева 28,1.2; 2. Летописи 7,14). Тој процес, привлекување на околните народи кон Израел, бил Божјата „мисионска стратегија“ во Стариот завет.

Во Новиот завет, Божјата мисија продолжува. Воскреснатиот Господ и Спасител сега ќе започне обновена „мисионска стратегија“ (видете Матеј 28,18-20; Дела 1,8), според која Христовите ученици, кои ја сочинуваат црквата, во рамките на својата мисија излегуваат во пресрет на целиот свет, наместо, како во случајот со древниот Израел, светот да доаѓа кај нив. Мисијата не настанала со црквата. Напротив, црквата постои токму затоа што Бог сè уште има мисија што треба да се исполни и Тој ја користи својата црква за да ја исполни.

Сепак, останува прашањето: Која е мисијата на црквата? Тоа е истата онаа мисија како и мисијата на Оној кој ја повикал Црквата во постоење: „Зашто Човечкиот Син дојде да го бара и да го спаси изгубеното“ (Лука 19,10). Иако никој од нас од црквата не може да спаси никого, ние можеме и мораме да ги упатуваме другите на Единствениот кој може да спаси, а тоа е Исус Христос.

„Мисијата на Христовата црква е да ги спасува грешниците кои пропаѓаат. Таа треба да ја објавува Божјата љубов кон луѓето и да ги придобива за Христа со делотворноста на таа љубов“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 381). Какво предимство и огромна одговорност!

**Мисијата е за црквата она што е воздухот за нашиот живот. Без воздух умираме. Без мисија, црквата умира. Што можете вие лично да направите за да ја одржите вашата црква жива?**

## ПОЛЕ НА МИСИЈАТА – СВЕТОТ

**Прочитајте Откровение 7,9.10. Што ни сугерира тој текст за далекосежниот географски опсег на Божјата мисија?**

__________________________________________________________

Лекцијата за оваа седмица со право разгледува два клучни стиха во врска со мисијата, кои ја нагласуваат клучната важност да се создаваат ученици во согласност со Големиот налог и поракета за вечното евангелие. Интересно е што тие стихови имаат барем една заедничка точка што ги поврзува, а тоа е полето на мисијата. Така, во првиот случај, читаме: „Одете и *научете ги сите народи*“ (Матеј 28,19), а во вториот: „Да им го проповеда на жителите на земјата: и *на секоја народност и на секое племе и јазик и народ*“ (Откровение 14,6).

Со други зборови, Христовото евангелие треба да допре до сите класи, до сите племиња, до сите јазици и народи. Под влијание на евангелието, сите спасени треба да се обединат во едно големо братство. Имаме само еден пример што треба да го следиме, а тоа е Христос. Ако ја прифатиме вистината каква што е во Исуса, националните предрасуди и зависти ќе бидат одвеани, а духот на вистината ќе ги спои нашите срца во едно.

Кога рекол: „И ќе бидете мои сведоци“ (Дела 1,8), Исус имал на ум три различни географски области:

**1. Област:** „Ќе ми бидете сведоци... во Ерусалим.“ Во тоа време, Неговите ученици би биле многу блиску до Ерусалим. Според тоа, Исус всушност рекол: „Почнете вашето искуство со Бога да го споделувате со ближните. Мисијата започнува од домот, од семејството, соседите, пријателите. Тоа е нашето почетно мисионско поле.

**2. Област:** Исус потоа продолжува: „И во Јудеја и Самарија.“ Нашата мисија ги опфаќа и оние што ни се на некој начин блиски, но во исто време се и далеку од нас. Во оваа група се луѓето кои можеби зборуваат на истиот јазик како нас – луѓе кои имаат слична култура, но не се дел од нашето секојдневие. Тоа е нашето следно мисионско поле.

**3. Област:** Потоа Христос вели: „Сè до крајот на земјата“. Божјата мисија нè повикува да досегнеме до поединците од сите места, народи, јазици и етнички групи. Тоа е нашето конечно мисионско поле.

***Предизвик:*** Во текот на оваа седмица, молете се секој ден за заедницата во која живеете. Бог ве поставил тука со причина.

***Дополнителен предизвик:*** Истражувајте ја демографијата на вашето подрачје (какви луѓе живеат околу вас) – проучувајте го етничкото и верското потекло, стари, млади, сиромашни, богати, јазиците на кои се зборува итн. Замолете го Бога да ви покаже како можете да бидете канали на Неговата љубов кон тие луѓе.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

***За сведоштво за сите народи.*** „Зборовите на Спасителот: ‘Вие сте светлина на светот’, укажуваат на фактот дека Тој им доверил на своите следбеници мисија од светски размери. Како што сончевите зраци продираат до најоддалечените краишта на земјината топка, така Бог планира светлината на евангелието да допре до секоја душа на земјата. Кога Христовата црква би ја исполнила намерата на нашиот Господ, светлината би ги осветлила сите што седат во темнина, ‘во пределот и сенката на смртта’“. Наместо да се групираат и да ја избегнуваат одговорноста и носењето на крстот, членовите на црквата ќе бидат расеани по сите земји, дозволувајќи Христовата светлина да свети преку нив. Тие би работеле како што работел Тој на спасение на душите, и на тој начин ова ‘евангелие за царството’ брзо би се раширило низ целиот свет.

Од сите земји се слуша македонскиот повик: ‘Дојдете да ни помогнете’. Бог ги отворил полињата пред нас. Небесните созданија соработуваат со луѓето. Провидението оди пред нас, а божествената сила се здружува со човечките напори. Сигурно се слепи оние што не го гледаат Господовото дело, и глуви оние што не го слушаат повикот на верниот Пастир упатен до неговите овци. Некои го слушнале Божјиот повик и одговориле. Нека се ѕвие сега секое посветено срце, настојувајќи да ја објавува животворната порака. Ако мажите и жените понизно и верно го преземат делото што Бог им го дал и наменил, божествената сила ќе се покаже во обратувањето на мнозина кон вистината. Резултатите од нивните напори ќе бидат величествени“ (Елена Г. Вајт, *The Advent Review и Sabbath Herald*, 14 ноември 1912 г.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Веродостојноста на влијанието на црквата во заедницата главно се одредува од степенот до кој ние – телото Христово – во нашиот живот даваме пример за Божјата љубов додека ја исполнуваме Неговата мисија. Како вие лично се справувате со тој предизвик?**
2. **Што мислите, како вашата црква ја гледаат и разбираат нејзините соседи кои не се адвентисти? Како го знаете тоа? Ако нивното мислење е позитивно, што можете да направите за дополнително да го утврдите? Ако е негативно, што можете да направите за да го промените?**
3. **Зошто е толку важно да се инсистира „вечното евангелие“ да остане во центарот на нашата мисија во светот? На крајот на краиштата, каква надеж можеме да пружиме кому било, каде и да е, ако не е втемелена на големата надеж што ја имаме благодарение на евангелието, добрата вест за она што Исус го направил за нас на крстот?**

**Лекција 3**
**Од 8 до 14 октомври 2023**

# БОЖЈИОТ ПОВИК ДА СЕ ВКЛУЧИМЕ ВО НЕГОВАТА МИСИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 11,1-9; 1. Мојсеева 12,1-3; Даниел 9,24-27, Матеј 1,21; 1. Мојсеева 12,10-13,1; Дела 8,1-4; Дела 1,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сѐ до крајот на земјата“ (Дела 1,8).**

Бог понекогаш може да нѐ изведе од нашата конфорна зона и да нѐ направи свои сведоци. Понекогаш таа промена може да послужи за постигнување на Неговите цели, како што е, на пример, расејувањето на народот собран околу Вавилонската кула. „Тоа разотидување придонело луѓето да се раселат по земјата; така Божјата намера сепак се остварила и тоа токму со оние средства со кои луѓето се обиделе да го спречат и да го оневозможат нејзиното остварување“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 120 оригинал.). Аврам, од друга страна, ја напуштил својата татковина и тргнал во друга (1. Мојсеева 12) со цел да сведочи. Исусовите ученици, кои првично работеле само меѓу својот народ (Дела 3), почнале да работат и за другите (Дела 8,1-4). Во Дела 1,8, Исус го поставил принципот на евангелизирање: тие требало да започнат локално, во Ерусалим и во Јудеја, потоа да одат во Самарија и, на крајот, да одат до сите краишта на земјата.

Што се однесува до нас, дури и да не ја напуштиме нашата земја, Бог сепак сака да допреме до луѓето околу нас. Кога црквата во Ерусалим станала задоволна од нејзината состојба, нејзините членови биле принудени да се раштркаат. Иако имало прогонство и луѓето страдале, овие немили случувања станале средство за ширење на радосната вест низ целиот свет.

# ИЗЛЕГУВАЊЕ ОД НАШАТА ЗОНА НА УДОБНОСТ

За да допреме до другите, Божја намера е ние да излеземе од нашата зона на удобност. Желбата да останеме само со своите, со оние кои припаѓаат на нашата етничка или социјална група, може да доведе до себичност, па дури и до други зла. Таа опасност е една од поуките што можеме да ги извлечеме од извештајот за Вавилон.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 11,1-9. Кои биле намерите на народот? Што сакале да направат и зошто Бог го спречил тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Овој извештај за градењето на Вавилонската кула ја открива големата амбиција на луѓето што биле инволвирани во тоа. Планирале да изградат монументална структура, град и кула какви што немало никаде на друго место во светот – „град и кула, со врв до небото! Да си спечалиме име, за да не се распрснеме по целата земја!“ (1. Мојсеева 11,4).

Колку често луѓето и денес сè уште се стремат да го прават истото? Дали тоа ќе го постигнат преку политиката, уметноста, бизнисот, па дури и религијата, не е важно. Има и такви кои сакаат да стекнат големо име за себе. Но, на крајот, колку се залудни и бесмислени тие нивни потфати! (Видете: Проповедник 2,1-11.)

Во текстот 1. Мојсеева 11,4, Библијата вели дека овие луѓе сакале да изградат кула за да не се расеат по земјата. Сакале да се држат заедно од свои себични причини. Но, Бог имал друг план.

Тие луѓе, впрочем, се обединиле поради таа работа. Но, „Господ рече: ‘Ете, еден народ се, со еден јазик за сите! Но, ова е само почеток на нивните настојувања. Сега ништо нема да им биде неостварливо, што и да намислат да направат’“ (1. Мојсеева 11,6). Тој амбициозен план на народот, всушност, бил многу лош.

Иако Светото писмо не зборува за тоа изречно, Елена Вајт вели дека тие не поверувале во Божјето ветување дека Тој никогаш повеќе нема да ја уништи земјата со вода (1. Мојсеева 9,14.15). Граделе со намера да ја обезбедат сопствената сигурност, наместо да веруваат во Божјата реч. Без оглед на нивните крајни мотиви, Бог знаел дека нивните намери не се чисти, туку исполнети со себични амбиции, па затоа ги спречил да ги остварат своите цели.

**Дали сте дел од некоја група или етничка заедница која се чувствува најудобно внатре во самата себе? На кои начини можете да воспоставите контакт со другите кои не се припадници на вашата раса, етничка група или националност?**

# КАКО ДА СТАНЕТЕ БЛАГОСЛОВ ЗА ЦЕЛИОТ СВЕТ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 12,1-3. Во која смисла Божјиот налог упатен до Аврам, всушност, бил повик за мисија?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Бог го повикал Аврама (чие име подоцна го променил во Авраам) да ја напушти својата земја и својот народ и да замине во друга земја. Сето тоа било дел од Божјиот план да го употреби Аврама како средство за исполнување на Божјите намери на земјата. И Аврам тргнал, според Господовиот збор. Ако Бог има некој план за вас, тоа би можело да биде повик да го напуштите вашето пошироко семејство или вашиот народ и да одите на некое место каде што Тој ве упатил за да му служите, со намера да бидете благослов за другите.

**Прочитајте ги следните текстови. Што секој од нив ни кажува за Божјиот завет, Неговото ветување за нас?**

**1. Мојсеева 3,15** __________________________________________

**1. Мојсеева 17,19** _________________________________________

**4. Мојсеева 24,17** _________________________________________

**Исаија 9,6** ______________________________________________

**Даниел 9,24-27** ___________________________________________

**Матеј 1,21** ______________________________________________

Од наведените текстови јасно се гледа дека Бог сакал да го исполни ветувањето дадено во Едемската градина, дека ќе дојде некој како решение за проблемот со гревот. Тоа решение, Исус Христос, Месија, требало да дојде преку лозата на Аврам и Исак (преку Сара). Во стихот Евреите 11,9 се тврди дека Исак и Јаков биле наследници на ветувањето за благослов што Бог му го дал на Аврам.

Не знаеме точно колку самиот Авраам разбрал и бил свесен за начинот на кој ќе се појави ветеното Семе преку него, но во секој случај, тој се иселил со вера. „Преку вера Авраам послуша, кога беше повикан да излезе на местото што требаше да го прими во наследство, и излезе не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8).

Каков пример е тоа за нас!

**Да претпоставиме дека вие сте повикани од Бога да одите некаде, „не знаејќи“ каде точно одите? Како би реагирале и зошто?**

## АВРАМОВИОТ ПОВИК

Аврам го послушал Божјиот повик и влегол во земјата во согласност со заповедта што Бог му ја дал. Сепак, се чини дека работите не се одвивале најдобро за него уште од самиот почеток. Тој пристигнал таму каде што Бог му рекол да оди, но, според Библијата, „во тоа време Хананците живееја во земјата“ (1. Мојсеева 12,6) – незнабошци познати по својата суровост и насилство. Не е ни чудо што, веднаш по неговото пристигнување, Господ му се јавил на Аврама и му рекол: „Ќе му ја дадам оваа земја на твоето потомство“ (1. Мојсеева 12,7). Нема сомнение дека на Аврама му требало охрабрување.

Меѓутоа, работите *и понатаму* не се одвивале посебно добро, барем на почетокот.

**Прочитајте 1. Мојсеева 12,10-13,1. Што му се случило потоа и какви грешки правел тој Божји човек?**

___

Колку ли големо обесхрабрување претставувало тоа за него што го оставил удобниот и најверојатно богат живот во својата татковина, само за да замине „не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8). А една од првите работи со кои се соочил беше гладот! Тој глад бил толку силен што морал да го напушти местото каде што Бог му рекол да се смести и да замине на друго место. А потоа, работите се влошиле уште повеќе.

„За време на својот престој во Египет, Аврам покажал дека ни тој не бил слободен од човечки слабости и несовршености. Прикривајќи го фактот дека Сара е негова сопруга, покажал недоверба во божествената заштита, еден недостиг на онаа возвишена вера и храброст кои толку често и благородно го обележувале неговиот живот... Со тоа што немал доволно вера, Аврам Сара ја изложил на голема опасност. Дознавајќи за нејзината убавина, египетскиот цар наредил да ја доведат на неговиот двор, планирајќи да ја земе за жена. Но Господ, во својата голема милост ја заштитил Сара, казнувајќи го царското семејство“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 130 оригинал).

Во никој случај не може да се каже дека мисионската работа е лесна, но Аврам само ги влошил работите со своето лажење и користењето измами. За среќа, Бог е Бог на трпението и не го отфрлил својот слуга поради таа грешка, која, за жал, не била единствената што Аврам ја направил. Колку е утешно тоа што знаеме дека, и покрај нашите грешки, ако се држиме за Господа со вера и покорност, како што го правел тоа Аврам, не само што може да ни бидат простени грешките, гревовите и маните, туку Господ и понатаму може да нè употреби во својата мисија.

**Кои поуки можеме да ги извлечеме од извештајот за Аврам во Египет?**

## РАНАТА ЦРКВА И ЗОНИТЕ НА УДОБНОСТ

**Прочитајте го текстот Дела 8,1-4. Што довело до расејување на верниците надвор од нивната зона на удобност во раната црква?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

До тој момент, раната црква главно се наоѓала во Ерусалим (или на еврејската територија и меѓу еврејскиот народ). Меѓутоа, кога започнало прогонството, во кое активно бил вклучен Савле, побожен Евреин и фарисеј, црквата од Ерусалим се расеала низ цела Јудеја и Самарија. Во текстот Дела 1,8 Исус предвидел: „Ќе ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија.“ Таа изјава се исполнила, а во текстот Дела 8,4 е наведено дека „тие што се беа распрснале, сега одеа наоколу благовестувајќи го словото“.

Дури и откако црквата почнала да излегува од Ерусалим, верниците продолжиле да проповедаат во областите населени со Евреи или во соседството на еврејските населби во други градови. Дела 11,19 укажува на тоа дека црквата била расфрлена сè до Феникија (Либан) и Кипар, но во оваа фаза тие не ја пренесувале пораката на никој друг, освен на Евреите. Исусовите ученици и првата црква немале намера да се потрудат и оние што не биле Евреи, а не само Евреите, да дојдат кај Господа. Тие сè уште имале многу ограничени сфаќања за тоа која треба да биде мисијата на црквата.

Петар, Исусовиот ученик и една од водечките фигури во раната црква, покажал одбивност кон тоа да им ја пренесува евангелската порака на незнабошците, дури и откако Павле почнал да го прави тоа. Петар бил познат како апостол на обрежаните (што значело на Евреите), а Павле како апостол на незнабошците (Галатјаните 2,8). Во почетокот, Петар дури и не сакал да биде виден во друштво на незнабошци (Галатјаните 2,11.12). Меѓутоа, Бог го извлекол Петар од неговата зона на удобност и го променил неговото срце. Тој почнал да учи за тоа што, всушност, подразбира евангелскиот налог и што требало да се постигне со Исусовата смрт за целиот свет.

**Прочитајте го текстот Дела 10,9-15.28.29. Каква порака му дал Господ на Петар во таа пригода и на кој начин и ние, во наше време, сме обврзани да го примениме тој принцип во мисионското дело?**

## ДА ПОЧНЕМЕ ОД МЕСТОТО КАДЕ ШТО СЕ НАОЃАМЕ

**Прочитајте Дела 1,8. Кој принцип го претставил Исус тука во врска со објавувањето на пораката и сведочењето за Него пред светот?**

___

Тој Исусов принцип ни покажува како треба да се однесуваме како Негови ученици, кои имаат радосна вест што треба да ја споделат со другите. Објавувањето на вистината не се состои во тоа да ги убедуваме другите колку грешат, туку во тоа да зборуваме за Исуса на начин на кој Тој е прикажан во пораките на тројцата ангели од текстот Откровение 14,6-12.

Споре тоа, постојат одредени принципи што ги наоѓаме во Исусовите зборови запишани во Дела 1,8.

Прво, „ќе ми бидете сведоци... во Ерусалим“. Како што веќе видовме (но вреди да се повтори), ние треба да бидеме Негови сведоци таму каде што престојуваме физички. Ова го вклучува нашиот сопствен дом, нашата црква, нашето соседство и нашата општествена заедница. Ние мора да бидеме Негови сведоци прво таму каде што се наоѓаме, на подрачјето каде што првично нè поставил – дома или на работното место – пред луѓето кои ни се најблиски. Тоа може да бидат членовите на нашето потесно или пошироко семејство, луѓето од црква, колегите од работа, соседите и пошироката општествена заедница.

Понекогаш луѓето се заинтересирани само да одат во некоја далечна земја и во некоја туѓа култура за да бидат Негови сведоци таму, а не да им сведочат на луѓето околу себе. Треба да почнеме таму каде што се наоѓаме и оттука да тргнеме каде што Господ ќе нè води.

А потоа, „и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата“ (Дела 1,8). Исус тука повторно го потврдува фактот дека сведочењето вклучува преминување на културните граници. Бидејќи почнуваме од местото каде што се наоѓаме, можеби ќе бидеме повикани да се преселиме во други подрачја за да допреме до различни општествени, етнички и верски групи. Ако припаѓам на одредена етничка или јазична група, можеби ќе ми биде многу полесно да ѝ сведочам токму на таа конкретна група, поради минималните културни бариери што треба да ги поминам. Во некои делови од светот, само еден клан или племе има свои претставници во состав на црквата. Меѓутоа, Големиот налог на Исус ни кажува дека од пресудна важност е, како Негови сведоци, да излеземе од нашата комфорна зона и да вложуваме средства за да ги досегнеме таквите групи луѓе. И ним им е потребна Исусовата порака.

***Предизвик:*** Воочете ги групите на луѓе со посебни потреби во вашата заедница и направете листа на таквите групи до кои црквата не се потрудила да допре.

***Дополнителен предизвик:*** Почнете да се молите за можност во блиска иднина да се ангажирате во мисија за луѓето со посебни потреби.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Делата на апостолите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги поглавјата со наслов „Големиот налог“, стр. 25-34 (оригинал) и „Човекот што ја барал вистината“, стр. 131-142 (оригинал).

„Пред да се вознесе на небото, Христос им одредил задача и им дал налог на своите ученици. Тој им кажал дека тие мора да го извршат неговото завештание со кое Тој на светот му ги оставил ризниците на вечното богатство. ’Вие бевте сведоци на мојот самопрегорен живот за добро на светот‘, им рекол. ’Ги видовте моите заложби за Израел. И, иако мојот народ не сакаше да дојде кај мене за да добие живот, иако свештениците и поглаварите сторија со мене што сакаа, иако ме отфрлија, сепак, уште еднаш ќе им дадам можност да го примат Божјиот Син. Видовте дека радо ги примам сите што доаѓаат кај мене и што ги признаваат своите гревови. Јас никогаш нема да го отфрлам оној што ќе дојде кај мене. Вие сте мои ученици и вам ви ја доверувам таа порака на милоста. Тоа морате да им го пренесете и на Евреите и на незнабошците. Одете прво кај Израел, а потоа кај племињата и народите на сите јазици. Сите што ќе поверуваат мора да се соберат во една заедница‘“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 27, 28 ориг.).

Големиот налог е јасен: „Одете и научете ги сите народи“ (Матеј 28,19). Според тоа, дефинитивно станува збор за одење кај другите, особено меѓу другите народи.

„Овој евангелски налог претставува голема мисионерска повелба на Христовото царство. Должност на учениците била сесрдно да се заложат за луѓето и на сите да му го упатуваат повикот на милоста. Не чекајте, им било кажано, луѓето да доаѓаат кај вас, туку вие одете кај нив со божествената порака“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 28 оригинал).

„Во светот има голем број луѓе кои се многу поблизу до Божјето царство отколку што претпоставуваме ние. Во овој мрачен грешен свет Господ има многу драгоцени души на кои ќе им прати свои весници. На сите страни сè уште има луѓе кои ќе застанат на Христова страна. Мнозина ќе знаат да ја ценат божествената мудрост повеќе од каква било земна корист и ќе станат верни носители на факелот на божествената светлина... Уверени дека постапката на Петар претставува непосредно исполнување на Божјиот план и дека нивните предрасуди и поделби се наполно туѓи на духот на евангелието, тие го славеле Бога: ‘Значи, Бог им даде и на незнабошците покајание за живот!’ Така, без полемика и без борба, биле соборени предрасудите, а на поделбата вкоренета со вековниот систем ѝ е ставен крај. И така отворен е патот за проповедање на евангелието меѓу незнабошците“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 140-142 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Како би го дефинирале зборот „мисија“ кога го применувате на сопствениот живот?**
2. **На кои сè начини би можеле секојдневно да ја извршувате мисијата со вашиот став и однесување? Како можете да бидете повеќе сосредоточени на мисијата додека ги извршувате вашите секојдневни задачи?**
3. **Колку е важно да го преиспитуваме нашето срце и да бараме сила одозгора за да се очистиме од предрасудите спрема оние што не се слични на нас?**

**Лекција 4**
**21 - 27 октомври 2023**

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БОЖЈАТА МИСИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 18; Јаков 5,16; Римјаните 8,34; Евреите 7,25; 1. Мојсеева 19,1-29; 1. Мојсеева 12,1-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,34.35).**

Од самиот почеток, Аврам сакал Бог да го употреби во мисија. Дека тоа е вистина може да се види, на пример, во текстот 1. Мојсеева 18, кога Бог го предупредил за тоа што ќе се случи со Содом и Гомора. „Зашто Господ Бог не прави ништо додека не им ја открие тајната Своја на Своите слуги - пророците“ (Амос 3,7). А во сторијата за Содом и Гомора, „Неговиот слуга пророк“ бил Аврам.

Аврам одморал во жештината на денот кога здогледал тројца патници. „Аврам во своите гости видел само тројца уморни патници, не помислувајќи дека меѓу оние што ги послужувал бил и Оној кој е непогрешен“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 138, 139 оригинал).

Сепак, Аврам наскоро лично се вклучил во Божјата мисија. Неговото учество, како што е покажано во оваа глава, се состоело во тоа да се моли и да се застапува за народот од Содом и Гомора. Односно, сакал да види дали овие луѓе, некако, и покрај самите нив, сепак можат да бидат спасени. Во извесна смисла, ако тоа не е суштината на мисијата – тогаш што е?

Во оваа глава се откриваат три големи духовни квалитети на Аврам: гостопримството, љубовта и молитвата – особини кои можат во голема мера да придонесат за мисијата.

# ДАРОТ НА ГОСТОПРИМСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 18,1-15. Кои елементи на гостопримство се прикажани во одговорот што Аврам им го дава на своите гости?**

____________________________________________________________________

Аврам седел на влезот од својот шатор на пладневната жега. Тоа било сосема необично. Во тој период од денот во лето, кога сонцето е во својот зенит, сите бараат сенка и свежо ветре. Но, можеби Аврам поднесувал жештина токму од причина што сакал да им помогне на можните минувачи.

Додека седел таму, здогледал тројца патници. Неговиот обичај, најверојатно, бил да им нуди гостопримство на странци. Затоа иницијативата за средбата дошла токму од Аврама. Имено, во текстот гледаме дека тој потрчал да им излезе во пресрет. Тоа е исто така важен момент – Аврам презел иницијатива да се запознае со нив уште пред тие да му пристапат.

„Ќе Ви донесат малку вода и ќе ги измијат нозете Ваши, па одморете се малку под ова дрво! И ќе Ви донесам малку леб за да се поткрепите штом веќе навративте кај слугата Ваш, па тогаш продолжете (го својот пат)“ (1. Мојсеева 18,4.5).

Аврам бил свесен за својата мисија, која се состоела во тоа да го споделува своето знаење за Господа со сите во светот потонат во паганство, идолопоклонство и многубоштво. Како што гледаме во овој случај, тој ја исполнувал својата мисија на најнепосреден начин со тоа што бил гостопримлив кон овие странци, кои навидум тукутака се појавиле на хоризонтот.

Патем кажано, Аврамовото „големо домаќинство имало повеќе од илјада души, мнозина од нив биле глави на семејства, а имало и многу новообратеници од незнабоштвото. Едно такво домаќинство барало цврста рака на кормилото. Не би имало полза од слаби и колебливи методи... Влијанието на Аврам се ширело и надвор од неговиот дом. Каде ѝ да го подигал својот шатор, тој покрај него подигал и олтар за принесување жртви и богослужение. Кога шаторот ќе се тргнел, олтарот останувал; многу ханански номади, кои своето знаење за Бога го добиле врз основа на животот на Аврам, неговиот слуга, би застанувале крај олтарот да му принесат жртва на Господа“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 187 оригинал).

Од самиот почеток, на овој човек му било јасно дека Бог го повикал во мисија и дека неговото патување во Ветената земја не било одење на одмор, туку можност да стане благослов за оние околу него, а преку неговите потомци и за целиот свет.

**Кои принципи ги наоѓате во примерот на Аврамовото гостопримство, на кои би можеле да се угледате во својот живот?**

## ЉУБОВТА НА АВРАМ КОН СИТЕ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 18,16-33. Како Аврам покажувал љубов со посебен квалитет кон сите луѓе, без разлика на нивната припадност на одредено племе, раса или народ?**

_______________________________________________________________

Друга особина на Аврам што доаѓа до израз во текстот 1. Мојсеева 18 е неговата љубов кон луѓето, дури и кон оние што лично не ги познавал. Тоа е голема поука за секој од нас. Луѓето од Содом и Гомора биле грешници, ни близу до неговото мерило на вредности, но неговото срце било полно со љубов кон сите, без оглед на нивната раса, пол, јазик или религија.

А тогаш Бог му ја открива на Аврам неговата одлука да ги уништи градовите Содом и Гомора. „И Господ рече: 'Голем викот е против Содом и Гомора, зашто гревовите нивни се претешки. Затоа ќе слезам да видам дали е тоа токму така, како што доаѓа викот до Мене, или не'" (1. Мојсеева 18,20.21).

Со голема понизност и длабока почит, Аврам ја упатил својата молба до Бога: „Не е можно така да постапиш Ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со праведникот како и со неправедникот; не може да биде тоа од Тебе; зарем Судијата на целата земја нема да суди право?" (1. Мојсеева 18,25)

Аврам се надевал дека со својата љубов ќе ги спаси сите луѓе во тие градови, а не само праведните. Се разбира, нему му било јасно колку се злобни и расипани луѓето што живееле таму. Кој знае какви приказни слушал за нив и за нивните навики? А според она што го знаеме за нив, што ни е откриено во следната глава, во непријатниот извештај за Лот и за толпата насобрана пред неговата куќа (видете 1. Мојсеева 19,1-11), тие биле многу расипани луѓе.

Но сепак, Аврам, бидејќи лично ја познавал Божјата љубов, се обратил кон Него и се обидел да посредува во нивна полза. Тој знаел дека секогаш постои можност луѓето да се вратат кај Бога со покајание. Според мислењето на Аврам, спасувањето на жителите на тие градови ќе им даде можност да се покаат.

Во крајна линија, Аврам ја засновал својата молба на она што го знаел од своето лично искуство за Божјата љубов кон луѓето. И самиот тој имал голема љубов спрема грешниците, свесен дека, сѐ додека постои живот, постои и надеж во спасението.

**Зошто посредничката молитва е толку важна во нашиот молитвен живот? Како молитвата за другите на кои им е потребна помош, ни помага и нам духовно да растеме и подобро да ја искусиме стварноста на Божјата љубов кон грешниците?**

# АВРАМОВИОТ ДУХ НА МОЛИТВА

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 18,23-32 и Јаков 5,16. Што треба да научиме од ова за силата на посредничката молитва?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Дијалогот меѓу Аврама и Бога е тип или пример на посредничка молитва. Аврам во оваа глава е претставен како некој што посредува пред Бога за народот на Содом и Гомора. Тој се застапувал за нив, во нивно име; односно, тој на некој начин бил тип, симбол на Исуса Христа како наш Застапник пред Отецот. Нашата мисија во денешно време ќе биде успешна само ако продолжиме да упатуваме такви молитви.

Аврам научил да ги сака жителите на Содом, Гомора и на другите блиски градови. Затоа и неговата молитва била искрена. Тој веќе се борел против некои владетели кои своевремено ги победиле владетелите на Содом и Гомора. По победата на Аврам, Бера, владетелот на Содом, излегол да го пречека Аврама заедно со Мелхиседек. Бера барал неговите луѓе да се вратат во своите домови: „Дај ми ги луѓето, а имотот задржи го за себе“ (1. Мојсеева 14,21). Овде може да се види љубовта на тој владетел кон својот народ. А бидејќи љубовта била една од најголемите особини со кои се одликувал Аврам, тој ги засакал владетелите на Содом и Гомора и се молел за нив и за нивниот народ. „Авраамовата молитва била проникната со љубов кон душите што биле осудени на пропаст.“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 140 оригинал).

Аврам покажал понизност и истрајност во своите молитви. Штом Бог ја прифатил неговата прва молба да го спаси градот доколку во него се најдат 50 праведници, тој продолжил со своето посредување.

Нашата мисија не може да биде успешна без молитва – посредничка молитва. По средба со некого, по одржана проповед или проучување на Библијата, мораме да се молиме за луѓето со кои сме дошле во допир. Бог одговара на тие молитви допирајќи ги срцата на оние со кои сме оствариле контакт. Не е нашата речовитост таа што ќе ги преобрати нашите пријатели и познаници, туку Светиот Дух. Затоа, во секоја мисија во која учествуваме, мора да се молиме за секој човек поединечно.

**Прочитајте ги текстовите Римјаните 8,34 и Евреите 7,25. Што ни кажуваат тие за она што Исус го прави за нас, и како таа вистина може да ни помогне подобро да ја разбереме нашата улога како посредници за другите?**

# АВРАМОВАТА МИСИЈА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 19,1-29. Каков бил резултатот на Аврамовиот дух на гостопримство, љубов и молитва?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Тој текст ни дава интересно навестување во врска со положбата што ја заземал Лот во Содом: „Лот седеше кај портата содомска“ (1. Мојсеева 19,1). Тоа значи дека тој бил значајна личност во градот, секако еден од службениците, бидејќи седењето пред портата било привилегија на јавните службеници, судиите и владетелите (2. Самоилова 19,8; Еремија 38,7; Рута 4,1).

Деветнаесеттата глава од 1. Мојсеева е речиси паралелна со 18. глава и сторијата за средбата на Аврам со ангелите. И Аврам и Лот седеле крај влезот или кај портата (1. Мојсеева 18,1; 1. Мојсеева 19,1); а Аврам и Лот ги повикувале странците да се одморат во нивниот дом (1. Мојсеева 18,3.4; 1. Мојсеева 19,2); а Аврам и Лот подготвиле храна за своите посетители (1. Мојсеева 18,4-8; 1. Мојсеева 19,3). Се чини дека Лот, без оглед на грешките што ги правел, сепак имал и некои добри особини.

„Тогаш излеа Господ врз Содом и врз Гомора дожд од сулфур и оган од небото. И ги сосипа оние градови и целата околина, и сите жители во тие градови, и сите растенија“ (1. Мојсеева 19.24.25).

Не знаеме колку луѓе живееле во Содом и Гомора во времето за кое зборува овој извештај, но меѓу сите тие илјадници луѓе, само четворица го напуштиле градот, а само тројца биле спасени. Истиот случај бил и со потопот од 1. Мојсеева. Не знаеме колку од нив биле живи во тоа време, но знаеме дека повеќето од нив не биле спасени.

Малиот број жители на Содом што биле спасени, ни кажува нешто што има врска и со нашата мисија – имено, нема сите да бидат спасени. Ние би сакале сите да го прифатат Исуса и Неговиот план на спасение, но секој има своја слободна волја. Наша задача е да повикуваме што е можно повеќе луѓе да се определат за Исуса. Сè додека ја извршуваме нашата мисија, Бог ни помага преку Светиот Дух, но Тој никогаш не оди против чија било волја. Постоењето на слободна волја значи дека, во крајна линија, што и да правиме, колку и да се молиме, спасението ќе зависи само од изборот на секој поединец.

**Како можеме да научиме да не се обесхрабруваме ако не ги видиме резултатите што ги посакуваме кога се ангажираме во мисијата?**

## ПОТЧИНУВАЊЕ НА БОЖЈАТА ВОЛЈА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 12,1-9. Што можеме да научиме од овие стихови за потчинувањето на Божјата волја, дури и тогаш кога патот пред нас е нејасен?**

__________________________________________________________________

Една од главните особини на Аврам била неговата готовност да се потчини на Божјата волја. Сите негови искуства со Бога се карактеризираат со тоа потчинување.

*Неговиот повик*: Аврам добил голем повик од небото: „И му рече Господ на Аврам: 'Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, (па појди) во земјата што ќе ти ја покажам Јас!'" (1. Мојсеева 12,1) Кога го слушнал гласот од небото, неговата прва реакција можеби била тоа целосно да го занемари, мислејќи дека халуцинира. Или можел да се спротивстави на таа порака, велејќи нешто слично на ова: *Не сакам да одам; Ми се допаѓа овде.* „Во земјата што ќе ти ја покажам" – тоа изгледа како необичен опис на дестинацијата! Сепак, тој го прифатил повикот. Тој ја предал својата волја на Божјата волја и го напуштил домот на својот татко и неговата земја: „Тогаш тргна Аврам, како што му кажа Господ" (1. Мојсеева 12,4).

*Избор на земјата:* Избила кавга меѓу слугите на Лот и Аврам, но Аврам не бил човек кој би влегол во судир со сопственото тело и крв. Тој се потчинил на Божјата волја, кој повторно го благословил: „И му рече Бог на Аврам, откако Лот се оддели од него: 'Крени ги очите свои, па погледни од местото, каде што си сега, на север и на југ, на исток и на запад, зашто целата земја што ја гледаш, ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое довека'" (1. Мојсеева 13,14.15).

*Уништување на Содом и Гомора:* Кога Бог му ја открил судбината на тие два града, Аврам, воден од љубовта, се обидел да ги спаси. Но, бидејќи во тие градови немало ниту десет праведници, тие биле уништени. Аврам повторно се потчинил на Божјата волја и го прифатил Божјиот суд над тие градови.

Господ можел да го употреби Аврама токму поради таа неговата готовност да Му се покори во секоја ситуација. Така мора да биде и со нас денес.

***Предизвик:*** Ние се соочуваме со препреки во нашите градови кога станува збор за проповедање на евангелието на соодветен и делотворен начин. Затоа мора да се молиме на Бога тој да се вмеша.

***Дополнителен предизвик:*** Најдете начин да стапите во контакт со некој кој бил директно погоден од тешка ситуација слична на некоја низ која и самите вие сте поминале. Кажете ѝ на таа личност дека се молите за неа и барајте од Бога да ви покаже што друго можете да направите за да ѝ помогнете.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Аврамовата молитва била проникната со љубов кон душите што биле осудени на пропаст. Додека чувствувал одвратност кон гревовите на изопачените жители на тој град, тој сакал тие грешници да се спасат. Неговото толку длабоко и искрено интересирање и залагање за жителите на Содом покажува колкава загриженост би морале и ние да чувствуваме за непокајаните. Гревот треба да се мрази, а грешникот треба да се сака и да се има кон него сомилост. Насекаде околу нас се наоѓаат души кои безнадежно заминуваат во пропаст, страшна исто толку колку и онаа што го снашла Содом. Секој ден за некого значи крај на времето што му било одредено да се провери. Секој миг некои ја преминуваат границата зад која милоста веќе не допира. А каде се весниците со опомена и со сесрдно преколнување да го повикаат грешникот да ја одбегне таа страшна судбина? Каде се рацете подадени да го оттргнат од смртта? Каде се оние кои понизно и со истрајна вера би го молеле Бога за него?

Духот што го покажал Аврам е Христов дух. Божјиот Син е најискрен посредник за добро на грешниците. Тој, кој платил висока цена за нивниот откуп, ја знае вредноста на човечката душа. Тој кон гревот чувствувал одвратност каква што може да постои само во една беспрекорно чиста душа, но кон грешникот покажувал љубов што може да ја сфати само бесконечната доброта. Во своите претсмртни маки на крстот, додека и самиот бил под страшниот товар на гревовите на цел свет, Тој за своите убијци и за сите оние што го исмевале, се молел: ’Оче, прости им, зашто не знаат што прават‘ (Лука 23,34)“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 140 ориг.).

„Околните народи Аврама го почитувале како моќен кнез и мудар и способен поглавар. Тој соседите не ги лишувал од своето влијание. Неговиот живот и карактер, видливо различни од животот на тие идолопоклоници, вршеле мошне силно влијание во прилог на вистинската вера. Во својата преданост кон Бога бил непоколеблив, додека со својата љубезност и добронамерност влевал доверба и се здобивал со пријателство. А неговата природна големина му носела признание и висока почит“ (*Патријарси и пророци*, стр. 133, 134 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кои други примери на поединци, кои одговориле на нивниот повик за мисија, ни укажува Светото писмо? Што е со Јован Крстителот? Дали него би го нарекле успешен?**

**2. Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 19,30-36. Што ни кажува тој за карактерот на одредени личности кои биле спасени од Содом?**

**3. Што друго можеме да научиме од примерот на Аврам во врска со мисијата и начинот на кој таа се спроведува?**

**4. Размислете за следново: Што мислите, дали посредувањето на Аврам за Содом и Гомора било успешно или неуспешно?**

**Лекција 5**
**Од 28 октомври до 3 ноември 2023**

# ИЗГОВОРИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА МИСИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јона 1-4; Наум 1,1; 2. Царевите 17,5,6; Псалм 24,1; Јаков 1,27; Исаија 6,1-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш го чув Господовиот глас: ʼКого да испратам? И кој ќе ја однесе нашата порака?ʻ Јас реков: ʼЕве ме, прати ме менеʻ“ (Исаија 6,8).**

Не сите што биле повикани во мисија биле послушни како Аврам. Јона е еден таков пример (прочитајте ја Книгата за пророкот Јона). Бог го повикал Јона да пророкува против Ниневија, главниот град на Асирија. Тој град, кој се наоѓал на територијата на денешен Ирак, бил оддалечен околу 900 километри од Ерусалим, што барало цел еден месец патување. Јона не само што одбил да оди туку тој поитал во спротивна насока. Пристигнувајќи во Јопа, купил билет за Тарсис, место на југот на денешна Шпанија. Патувањето со брод на растојание од над 3.000 километри траело најмалку еден месец, во зависност од временските услови. Според тоа, Јона, не сакајќи да се соочи со асирскиот цар, имал намера тој еден месец, што ќе му треба за да стигне до Ниневија, да го искористи за да избега од неа. Зошто тој, Божји човек, направил такво нешто?

Ниневјаните биле озлогласен народ, познат по своите зла и суровост, кој ги напаѓал Израел и Јуда низ историјата. Сепак, Бог го повикал Јона да оди во Ниневија и да пророкува против нејзината голема лошотија (Јона 1,2). Изборот на зборови овде е многу сличен на оној што Бог го употребил во разговорот со Аврама во врска со Содом и Гомора, во 1. Мојсеева 18,20.21. Меѓутоа, како што ќе видиме, Јона не бил како Аврам.

Што можеме да научиме од ставот на Јона во врска со изговорите што ги наоѓаме за да не ја извршуваме мисијата на која сме повикани?

## НАШИТЕ ИЗГОВОРИ - СТРАВОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Наум 1,1; Наум 3,1-4; 2. Царевите 17,5.6; 2. Царевите 19,32-37. Што откриваат овие стихови за Ниневија и за односот меѓу Асирија и Израел? Како можел тој однос да влијае на одлуката на Јона да оди во Тарсис наместо во Ниневија?**

____________________________________________________________

Една од причините зошто Јона веројатно не бил подготвен да оди во Ниневија бил стравот. Асирците биле страшен непријател, а Ниневија престолнина на нивното царство.

„Во времето на поделениот Израел, Ниневија, престолнината на Асирското царство, била еден од најголемите градови во стариот свет... За време на таа поминлива благосостојба, Ниневија била средиште на злосторства и безбожништво. Вдахновената книга го опишува како „крвнички град,... полн со лаги и грабеж“. Пророкот Наум со својот сликовит јазик ја опишал Ниневија како свиреп, ненаситен лав. ’Зашто врз кого ли,‘ запрашал тој, ’не премина твојата злоба постојано?‘ (Наум 3,1.19)““ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 265 оригинал).

Ниневија била величествен град. Историчарите велат дека Сенахерим во голема мера го проширил градот, вклучувајќи ја и изградбата на огромната југозападна палата со димензии 503 на 242 метри и со најмалку 80 соби. Изградил и 18 канали за вода преку кои водата се доставувала до градот од далечина од дури 65 километри. И самата големина на тој град влевала страв.

Освен тоа, Асирците биле и немилосрдни. Во својот извештај за освојувањето на Вавилон, Сенахирим се фалел дека ги наполнил улиците на тој град со трупови на неговите жители, млади и стари, а релјефните резби, пронајдени за време на ископувањата, прикажуваат сцени на војници кои набиваат жртви на колци. Тоа не биле луѓе што би сакале да ги налутите. Тие не се притеснувале да применат насилство, и тоа незамисливо сурово, врз оние што не им се доаѓале. Навистина, Јона сигурно треперел од страв при самата помисла дека мора да помине низ такво мноштво во Ниневија.

И покрај сево ова, често со неодобрување ја читаме сторијата за Јона затоа што тој дозволил, во неговиот случај, стравот да го попречи извршувањето на Божјите упатства. Но, она што не го сфаќаме е дека и ние би можеле да го сториме истото, т.е. да дозволиме да нѐ контролираат нашите стравови а не Бог.

**Сетете се моментот кога сте имале силен впечаток дека Бог ве упатува да направите нешто што, од страв, навистина не сте сакале да го направите. Што сте научиле од тоа искуство?**

## НАШИТЕ ИЗГОВОРИ – ПОГРЕШНИ СФАЌАЊА

Кога настапила бура, Јона се обвинил себеси (Јона 1,1-12). Неговиот став открива многу за погледот на свет и за разбирањето на Бога и „боговите“ на многу луѓе од тоа време. Додека се верувало дека различни богови владеат над различни земји, морето се сметало за хаотично царство на демоните. Според сфаќањата на морнарите од Книгата за Јона, била неопходна жртва за да се смири гневот на тие демони. Иако Јона бил Евреин, сосема е можно и неговиот поглед на светот да бил под влијание на традиционалните верувања од тоа време.

**Прочитајте го текстот Јона 2,1-3,7-10. Што ни откриваат овие стихови за тоа како Јона почнал да го сфаќа Божјото провидение?**

_______________________________________________________________

Иако бегал од територијата на народ кој го сметал Јахве за свој Бог, Јона сепак морал да научи (на потешкиот начин) дека Јахве сѐ уште е суверен, и покрај тоа што се упатил кон туѓи култури. Ветерот и брановите му припаѓале на Бога. Рибата исто така. „Господова е земјата и сѐ што е на неа, светот и сите кои живеат во него“ (Псалм 24,1). И срцето на Јона било свртено кон суверениот владетел на земјата и морето, така што тој сепак ја признал својата вина и бил спасен.

И ние можеме да имаме погрешни сфаќања за Бога и за тоа што Тој очекува од нас. Едно од вообичаените погрешни сфаќања е дека Бог од нас очекува да се сосредоточиме на сопственото спасение и да се држиме подалеку од расипаноста на светот околу нас. Меѓутоа, иако сме повикани себеси да се чуваме „неосквернети од светот“ (Јаков 1,27), сепак треба да се фокусираме на тоа како да им ја пренесеме нашата надеж и Божјите благослови на оние на кои им се потребни.

Уште една заблуда којашто нѐ спречува да го прифатиме Божјиот повик за мисија е верувањето дека успехот зависи од нас самите. Меѓутоа, ние не можеме да спасиме ниту една единствена душа, токму како што ни Јона не можел да ја спаси Ниневија. Сепак, може да се случи да го усвоиме менталитетот на „спасител“ во нашиот однос спрема мисијата. Но, ние не сме повикани да спасуваме, туку да соработуваме со Бога во *Неговото* спасоносно дело. Ние го изнесуваме нашето сведоштво фалејќи го Бога за извонредните начини на кои Тој нѐ менува, но само Бог може да ги привлече луѓето кон Себе. Ние можеме да го посееме семето на вистината, но само Бог може да го преобрати срцето. За жал, честопати ја мешаме нашата улога со Божјата, што е доволен изговор за многумина да се откажат од сведочењето. Да, Бог го употребил Јона, но само Бог, а не Јона, можел да ја преобрати Ниневија.

**Придобивањето души е тешко, премногу тешко за луѓето да можат да го направат тоа сами. Како можеме да научиме да му дозволиме на Бога да ги освојува душите, но преку нас, преку нашиот живот и сведочење?**

## НАШИТЕ ИЗГОВОРИ – НЕПРИЈАТНОСТ

Искуството на Јона во стомакот на рибата (видете Јона 2) било драматично прикажување на Божјата љубов и милост, а неговата молитва открива дека тој не ја пропуштил Божјата порака проникната со љубов. Но, тоа што имал неверојатна средба со Бога не значело дека неговите стари навики на размислување и ставови лесно ќе се променат, и покрај тоа што на крајот сепак отишол во Ниневија.

**Прочитајте го текстот Јона 3. Како реагирале луѓето на проповедањето на Јона? Какви поуки наоѓаме тука за самите нас, кога станува збор за сведочењето?**

________________________________________________________________

Без оглед на неговите лични чувства спрема Ниневјаните, Јона го проповедал она што му го рекол Бог, а резултатите биле восхитувачки. Ниневјаните биле поттикнати на покајание! Да, Јона морал да помине низ многу работи и да го направи она што не сакал да го направи. Но, кога конечно го сторил тоа, Бог бил прославен.

Според тоа, Божјата мисија ја носат врз свои плеќи оние кои се спремни да се жртвуваат, дури и ако неволно го прават тоа. Нашите лични вредности мора да им отстапат место на Божјите приоритети во работата за изгубените. И ние, како Јона, понекогаш негуваме предрасуди коишто нè спречуваат да допреме до некоја личност или група луѓе.

Соочувањето со нашите предрасуди бара понизност. Мисијата, исто така, го бара нашето време и емоционална енергија. Инвестирањето во животите на другите луѓе и вистинската грижа за нив го зема својот данок. Во време кога справувањето со сопствените животни потреби и проблеми создава огромен стрес, давањето емоционална поддршка на некој друг може да ни изгледа претешко.

И на крајот, учеството во мисијата често бара промена на нашите чувства и трошење на нашите сопствени пари. Без разлика дали се грижиме за луѓето укажувајќи нега, дали купуваме литература и други материјали или плаќаме за разни услуги и бенефиции за да имаме повеќе слободно време за работа во делото, постојат трошоци поврзани со мисијата. Во секој случај, мисионската работа бара жртва.

Но добра вест е дека, и покрај недостатоците на Јона, Бог силно дејствувал и ги довел Ниневјаните до покајание. За жал, Јона не учествувал во тој благослов на небесна радост.

**Каква жртва Бог бара од вас да поднесете – или да бидете спремни тоа да го направите – за да му кажете на некој друг за Божјата љубов? Дали целосно верувате во тоа дека Тој ќе го исполни своето ветување и ќе го збогати вашиот живот преку жртвата?**

# НАШИТЕ ИЗГОВОРИ – НЕПРИЈАТНИ СООЧУВАЊА

**„И Му се помоли на Господа и рече: ‘О, Господи, не го зборував ли тоа уште додека бев во својата земја? Затоа сакав да избегам во Тарсис; зашто знаев дека Ти си милостив и добар Бог, спор на гнев и богат со милосрдие, и дека се сожалуваш над несреќата’“ (Јона 4,2). Колку убава молитва од страна на Јона. Или можеби не?**

**Прочитајте го текстот Јона 4. Што не било во ред со тој човек?**

____________________________________________________________

Јона негувал длабока омраза кон луѓето до кои Бог го испратил, до таа мера што сметал дека е подобро за него да умре отколку да го изгуби образот ако неговата најава за судниот ден над Ниневија не се оствари. Јона сакал Ниневија да биде следниот Содом и Гомора. Тој се надевал на Божјиот суд над тој омразен народ. Кога тоа не се случило, неговиот светоглед бил разнишан до срж, а Јона повеќе сакал да умре отколку да дозволи неговиот свет да се преврти наопаку.

По втор пат во сторијата за Јона Бог му се спротивставува, не преку проповед или наредба, туку преку лично искуство. Погледот на свет не се формира според нечија желба, ниту, пак, се менува со слушање на нешто ново или различно. Погледот на свет обично се формира или менува врз основа на животните искуства и начинот на кој тие се толкуваат и објаснуваат.

Новото искуство што Бог му го дал на Јона требало да му помогне да стане свесен за неговиот искривен поглед на светот. Бог направил некое растение на чудесен начин да порасне за само еден ден и да стане доволно големо за да направи сенка што можела да го заштити Јона од жештината на сонцето. И Јона бил благодарен, но не на Бога што го направил тоа чудо – туку на растението. Наместо да гледа на тоа како незаслужено чудо, тој гледал на тоа како соодветен благослов што го заслужил со неговите добри дела. А кога растението пресушило, тоа го доживеал како несреќа која го налутила и му ја разнишала самодовербата, па почнал да негува самоубиствени мисли.

Меѓутоа, по ова искуство, се слуша Божјиот глас кој нежно му упатува благ укор и му помага да увиди колку е неразумно од него да цени едно растение повеќе од илјадниците мажи, жени и деца во Ниневија, како и нивниот добиток.

**Оваа сторија не завршува со извештај за покајанието на Јона. Наместо тоа, тој недовршен извештај се врти кон нас. Што ќе направиме ние со Божјата загриженост за злите луѓе, за насилниците, за недосегнатите групи ширум светот?**

## „ЕВЕ МЕ, ИСПРАТИ МЕ МЕНЕ“

Сторијата за Јона е повеќе од чудесна. Фактот дека Бог можел да ги спаси Ниневјаните и покрај неволното сведочење на Јона, претставува моќен потсетник дека нашата улога се состои во тоа само да бидеме проводници на Божјото влијание, бидејќи само Тој може да ги осведочи и да ги преобрати срцата. Тоа е потсетник дека Бог бара само скромни гласници кои се желни да го следат Неговото водство.

**Прочитајте го текстот Исаија 6,1-8. Која е клучната идеја изразена во тој пасус?**

____________________________________________________________

Повикот е упатен. Бог бара доброволци. Ние треба да одговориме на тој повик така што ќе се потчиниме на Неговото водство, ќе го слушаме Неговиот глас, а потоа ќе одлучиме да го послушаме Бога, што и да ни каже Тој.

Сторијата за Јона, меѓу другото, ја открива и Божјата љубов кон луѓето кои живеат на места каде што не се чувствува Неговата љубов и не се слуша Неговиот глас. Како што се сожалил над Ниневија, Бог со сочувство гледа и на милионите луѓе кои живеат во градовите денес, каде зградите ги заменуваат цвеќињата и дрвјата, а постојаната врева го отежнува смирувањето и слушањето. За жителите на Ниневија, Бог рекол дека „не знаат да ја разликуваат десната рака од левата“ (видете Јона 4,11). Затоа Му требаат вестители кои се спремни да им ја пренесуваат Неговата порака на надеж на оние кои се оптоварени со постојана зафатеност и живот во кој нема убавина.

Исаија слушнал глас кој прашал: „Кој ќе оди?“ Како би одговориле вие на тоа прашање?

***Предизвик:*** На празен лист хартија, или во вашиот молитвен дневник, направете список со 10 луѓе за кои знаете дека не се верници. Ќе ги наречеме ваши „ученици“. Ако е можно, наведете ги по име. Чувајте го тој список при рака и молете се секој ден до крајот на тримесечјето за секој од вашите 10 ученици. Молете се Бог да ви помогне да се зближите со оние кои само површно ги познавате. Молете се да развивате подлабоки, потесни, подоверливи пријателства со оние со кои се гледате повремено. Додека ги продлабочувате вашите меѓусебни односи, внимателно гледајте и слушајте за да можете да ги забележите нивните специфични потреби и проблеми. И потоа молете се Бог да им излезе во пресрет во тие области.

***Дополнителен предизвик:*** Изберете еден град во ваша близина и еден на другиот крај на светот. Почнете да се молите за луѓето кои живеат и работат во тие градови. Побарајте од Бога да го зајакне адвентистичкото присуство во тие места, за да може да се објавува вистината каква што ја знаеме – вистината за скорешното Христово доаѓање.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Вајт упатува силно предупредување до оние кои имаат потешкотии да го следат Исусовиот повик да им сведочат на луѓето околу нив.

„Оправдувањата на оние кои не се успешни во извршувањето на оваа работа не ги ослободуваат од нивната одговорност, а ако свесно одлучат да не ја вршат оваа работа, тие ги занемаруваат душите за коишто умрел Христос, занемарувајќи ја нивната од Бога дадена должност и во небесните книги се впишуваат како неверни слуги. Дали проповедникот постапува како што правел Учителот, давајќи им сила и благослов на другите, ако се одвраќа од оние на кои им е потребна неговата помош? Оние кои пропуштаат лично да се поврзат со луѓето, стануваат егоцентрични и им недостига токму тоа искуство на воспоставување комуникација со своите браќа, за да ја разберат нивната духовна состојба и да научат како да го хранат Божјото стадо, давајќи му на секого соодветен оброк во вистинско време. Оние кои ја занемаруваат оваа работа, покажуваат дека им е неопходна морална обнова. Дури тогаш ќе видат дека не го понеле товарот на работата како што треба“ (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald*, August 30, 1892).

Иако тие многу моќни зборови ја нагласуваат важноста што Бог ѝ ја придава на мисијата, ние не сме оставени без надеж. „Голема била должноста што му била доверена на Јона, но Оној кој му наредил да оди бил во состојба да го поддржи својот слуга и да му обезбеди успех. Да се покорел пророкот без приговор, би избегнал многу горчливи искуства и би примил голем благослов. Но, и покрај тоа, Господ не го оставил Јона во тие најтешки моменти од неговиот живот. Цела низа искушенија и необични случки ја повратиле пророковата доверба во Бога и во Неговата бескрајна сила да спасува“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 266 ориг.).

Можеби и нам ни е полесно, исто како на Јона, да најдеме изговори за да не учествуваме во мисијата. Причините кои нѐ наведуваат да ги бараме овие изговори можат да бидат многубројни. Сепак, нашиот повик за мисија не е помалку посебен од повикот на Јона. Меѓутоа, прашање е што ќе избереме: каков ќе биде нашиот одговор?

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои изговори сте во искушение да ги користите за да не учествувате во мисијата? Што е вашата Ниневија?**
2. **Размислете колку е скапоцена вистината што ја имаме ние како адвентисти на седмиот ден. Размислете за тоа колку сте благословени со тоа што ги знаете овие вистини. Што ве спречува да го споделите со другите она што самите толку многу го сакате?**
3. **Како можете да научите со Божјата благодат да го надминете секој страв што можеби го имате во врска со сведочењето и мисијата?**

**Лекција 6**
**4 - 10 ноември 2023**

# МОТИВАЦИЈА И ПОДГОТОВКА ЗА МИСИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 24,1-12; Лука 24,36-49; Дела 1,12-26; Евреите 10,24,25; Дела 2,1-41; 1 Коринќаните 11,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им рече: 'Тоа се зборовите што ви ги зборував додека уште бев со вас, дека треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите'" (Лука 24,44).**

Павле им напишал на Филипјаните: „Навистина, едни Го проповедаат Христа од завист и љубов кон препирки, а други од добра волја; едни од љубов, знаејќи дека лежам во окови за одбрана на Евангелието, а други Го навестуваат Христа од нечесно честољубие, не со чиста намера, мислејќи да ми нанесат неволја во моите окови. Но што тогаш? Само тоа: дека на секој начин, било дволично или искрено, Христос се проповеда. И му се радувам на тоа, а и ќе се радувам" (Филипјаните 1,15-18).

Моќни зборови! Или преку „дволично или искрено" (во српскиот превод „дволично или со вистина"), Христос се проповеда – и тоа му било важно на Павле. Меѓутоа, во идеален случај, нашите побуди за проповедање на Христа, за мисија, за досегнување до другите со радосната вест, треба да произлегуваат од љубовта и вистината – а не од себични амбиции, зависти или несогласување.

Тогаш, кои се некои од побудите за да се проповеда Христос, и на кои сè начини можеме да се подготвиме за тоа?

Оваа седмица ќе разгледаме некои настани во раната црква кои можат да ни дадат насоки во врска со овие клучни аспекти на мисијата.

## СПОДЕЛУВАЊЕ НА РАДОСНАТА ВЕСТ

**Прочитајте го текстот Лука 24,1-12. Каква била реакцијата на оние што слушнале за воскреснатиот Христос?**

___

Лука кажува дека во недела рано наутро, по Исусовата смрт, неколку жени отишле на Неговиот гроб. Со себе донеле балсами, па веројатно сега, кога завршила саботата, сакале да се погрижат за Исусовото тело. Очекувајќи да ја најдат гробницата сѐ уште запечатена, биле шокирани кога откриле дека е празна. Не знаејќи што да прават, уште повеќе се исплашиле кога им пристапиле двајца луѓе во блескава облека. Меѓутоа, овие луѓе имале порака за нив. Потсетувајќи ги на Исусовите зборови, тие им рекле на жените дека Тој навистина воскреснал, како што најавил. Пресреќни од таа вест, тие веднаш се вратиле таму каде што биле учениците и многу други Исусови следбеници, за да им кажат што виделе и чуле, бидејќи не можеле да го запрат своето восхитување. Односно, тие го споделиле со другите она што го дознале за Христа.

Можете ли да замислите како се чувствувале тие жени? Штотуку доживеале нешто неверојатно, што сигурно ги исполнило со стравопочит, но учениците го сметале тоа за „празни приказни“ и не им поверувале. И така Петар, нерешителен во тоа дали да им верува на тие жени или не, истрчал до гробот за лично да се увери.

Петар – како што многумина од нас би направиле – се двоумел да прифати нешто само затоа што некој друг го рекол тоа. Иако слушнал што рекле жените, Петар го доживеал истото искуство дури подоцна. Отпрвин, сѐ што видел било празен гроб, и како што известува Лука, си заминал „чудејќи се сам во себе заради она што се случило“ (Лука 24,12). Неговото искуство кај гробот не било исто како она што го доживеале жените.

Без разлика на реакцијата на Петар, штом овие жени ја слушнале веста за Исуса, сакале да ја споделат со другите. Која друга поголема мотивација за мисија би можеле да ја имаат, освен желбата да им кажат на другите што направил Исус за нив? Која побуда би можела да биде подобра од ширењето на радосната вест за спасението во Исуса, единствената надеж што ја има секој од нас?

Се разбира, треба да имаме и ние лично искуство со Бога за да можеме да го споделиме со другите. Желбата да го споделуваме со другите она што толку многу го сакаме, мора да биде клучен дел на нашата мотивација за мисија. На крајот на краиштата, не можеме да делиме нешто што самите го немаме, зар не?

**Какви искуства сте имале во врска со реалноста на постоењето на Бога и Неговата љубов? Зошто тие моменти ви се толку драгоцени и како ве мотивираат да допрете до другите со радосната вест?**

## ПРОРОЧКИ ТЕМЕЛ

**Прочитајте го текстот Лука 24,36-49. Што се случило таму и зошто тоа искуство било од толку клучна важност за апостолите?**

______________________________________________________________________

Интересно е што учениците на почетокот не поверувале од страв. Потоа, кога го виделе Исуса и се увериле дека тој навистина е жив, не можеле да веруваат *од радост* (Лука 24,41). Дали некогаш сте помислиле дека нешто е премногу добро за да биде вистинито? Токму такво било искуството на учениците и на останатите во горната соба.

И кога Исус би ги оставил само со тоа искуство, нивната вера, по Неговото заминување, можеби не би траела. Моќта на искуството може да избледи со текот на времето. Тие едноставно би го заборавиле, а потоа можеби дури и би почнале да го доведуваат во прашање. Затоа Исус не престанал да им ги покажува своите лузни и да јаде риба пред нив. А потоа ги упатил на Речта и им го покажал пророчкиот темел на неговата работа и служба. Така, и покрај големото искуство што го имале со Него, Исус сепак сакал нивната вера да биде втемелена на Божјата реч.

„Ете, тоа се зборовите што ви ги зборував додека уште бев со вас, дека треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите“ (Лука 24,44).

Исто така, тука наоѓаме и моќна мотивација за сведочење, за мисија, а тоа е Божјата реч. Исус знаел дека за да можат учениците да се утврдат во нивното искуство, треба да разберат зошто Тој морал да умре и што значело Неговото воскресение. Нивниот поглед на светот требало да се пренасочи од политичкото и земното царство кон големото решение за проблемот со гревот и Христовата победа над смртта. Евангелието значело многу повеќе од постигнување политички суверенитет за Израел. Тоа ја откривало Христовата победа над сатаната и гарантирало дека еден ден сето зло на светот ќе биде уништено, дека земјата повторно ќе биде создадена и дека Бог ќе биде меѓу својот народ. Исус морал да им го „отвори умот“ (Лука 24,45) за да можат да ги сфатат вистините што морале да ги споделат со светот.

Ниту нашето искуство со Исуса не може да се одржи ако не е втемелено на Неговата Реч, вклучувајќи ги и пророштвата коишто укажуваат на историјата и настаните што довеле до првото, а ќе доведат и до второто Христово доаѓање. Кога добро ќе ги разбереме овие вистини, ќе бидеме подготвени и мотивирани за мисија.

**Колку добро сте втемелени во пророштвата кои укажуваат на Христа и на Неговото прво и второ доаѓање? Зошто, особено во последното време, е толку важно да бидеме втемелени на Божјата реч, вклучувајќи ги и пророштвата, и зошто е од пресудна важност да ги разбереме, особено кога станува збор за мисијата?**

## ЧЕКАЊЕТО И МИСИЈАТА

Текстот Лука 24 завршува со Исусовото вознесување на небото (Лука 24,50-53). Но, тоа не е крајот на приказната. Авторот Лука продолжува и ја пишува книгата Дела апостолски. Непосредно пред да се вознесе на небото, Исус на учениците им дал мисија, ветување и јасно упатство да чекаат во Ерусалим за „сила одозгора“ (Лука 24,49; видете и Дела 1,4-8).

Затоа Исус ги упатил учениците да чекаат во Ерусалим додека Тој не го исполни своето ветување дека ќе го испрати ветувањето на Отецот (Светиот Дух), што ќе ги оспособи да бидат сведоци во Ерусалим, Јудеја, Самарија и пошироко.

**Прочитајте го текстот Дела 1,12-26. Што правеле учениците, кои сега биле околу 120 на број – мажи и жени, додека чекале?**

---

Исус им дал на учениците јасна мисија – тие требало да му сведочат на светот за Него. И додека чекале, тие се подготвувале за својата мисија на два начина. Прво, вели Лука, постојано биле во заедничка молитва и молење. Никој од нив не се сомневал во мисијата што им ја дал Исус и сите ја прифатиле. Тоа ги поттикнало да се обединат во молитвата. Лука не кажува за што се молеле, но сосема е извесно дека тие се молеле за мудрост, сила и храброст за да можат заедно да ја остварат својата мисија. Каков пример е тоа за нас!

Друго нешто што презеле додека чекале, било логистички да се подготват за својата мисија. Јуда го предал Исуса да биде погубен, а потоа си го одзел животот. Така, меѓу дванаесеттемина имало слободно место. И така, додека чекале, учениците барале водство од Бога за да изберат замена за Јуда. Всушност, учениците се организирале и го испланирале почетокот на својата мисија. Петар имал водечка улога во донесувањето на тие одлуки. Никој не го оспорил тој негов потег. Сите ја гледале во тоа Божјата мудрост. Постоело општо разбирање и доверба дека Бог дејствува, работи и се движи во нивната средина. Тоа време на чекање не било исполнето со безделничење, туку со цел и мисионски насочено дејствување.

Така и ние, додека чекаме да се излее Светиот Дух за да ни помогне да ја завршиме големата Божја мисија, мора да се обединиме за да се охрабриме едни со други (Евреите 10,24.25), молејќи се за Божјиот Свети Дух . Исто така, треба да се усогласиме себеси и нашата црква со Божјиот приоритет – спасување на изгубените.

**Како да научите да чекате на Господа, а притоа да не ја изгубите верата? Во меѓувреме, додека чекате, како можете максимално да ги искористите тие моменти, како што правеле учениците во раната црква?**

## „КОГО ВИЕ ГО РАСПНАВТЕ“

Втората глава од Дела апостолски го бележи излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница. Додека Исусовите следбеници се молеле, над нивните глави се спуштиле огнени јазици. Тие во тоа ја препознале силата на Светиот Дух што им била ветена, и која во таа пригода им била дадена.

**Прочитајте го текстот Дела 2,1-41. Што се случило со учениците како резултат на примањето на Светиот Дух за време на Педесетница?**

________________________________________________________________

Учениците почнале да зборуваат на други јазици, „како што Духот им даваше да говорат“ (Дела 2,4). Она што е од клучно значење овде е фактот дека Бог го оспособил секој човек за доброто на неверниците. Тој благослов не бил наменет само за нивно добро. Тој не требало само да ги оспособи за небото или да им ја олесни работата на туѓ јазик. Тој благослов бил даден за да се исполни Божјата мисија кон изгубените. Дури и денес, Бог го повикува секој од Неговите следбеници да ги искористи своите лични дарови во полза на Неговата мисија за неверниците. Даровите сме ги добиле, но дали постои поголем повик за мисија од тоа да го употребиме она што ни е дадено за да допреме до другите луѓе?

Излевањето на Светиот Дух довело до тоа многумина да се покаат затоа што го отфрлиле Месија, бидејќи некои од нив сигурно биле во Ерусалим кога Тој умрел. Замислете каква е таа сила – Петар обвинил некои од нив дека го распнале Христа. Очигледно е дека сфатиле што направиле и, откако биле осведочени, извикале: „Луѓе браќа, што да правиме?“ (Дела 2,37)

И навистина, дури и тие можеле да добијат проштавање. Петар им рекол: „Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исус Христос за простување на гревовите; и тогаш ќе примите дар од Светиот Дух“ (Дела 2,38).

Работејќи заедно, во слога со Светиот Дух и едни со други, овие Исусови следбеници проповедале покајание и проштавање на гревовите – дури и на оние кои можеби директно учествувале во распнувањето на Исус! Тоа е силата на евангелието! Ако таа порака не нè мотивира за мисија, тогаш што би нè мотивирало? Повикани сме да го шириме евангелието по светот – грешен, паднат, расипан свет со грешни, паднати и расипани луѓе. Нашата работа не е да судиме, нашата работа е да сведочиме за Исусовата спасоносна сила.

**Зошто идејата дека дури и на некои од оние кои учествувале во Христовото убиство им било понудено спасение би требало: (1) да нè охрабри во врска со спасението на нашата сопствена душа и (2) да нè поттикне да им сведочиме на другите, без разлика колку тие ни изгледаат лоши?**

## ПОРТРЕТ НА РАНАТА ЦРКВА

**Прочитајте го текстот на Дела 2,41-47. Каква слика на раната црква е прикажана тука?**

___________________________________________________________________

Втората глава од Дела апостолски завршува со една преубава слика на раната црква. Дела 2,41 вели: „И во тој ден се приклучија околу три илјади души“. Ова би можеле да го сфатиме едноставно како некој да правел пресметка, а потоа бројот на нови верници го додал на бројот на веќе постоечките, одредувајќи ја новата вкупна бројчена состојба на групата. Меѓутоа, тоа би било плитко разбирање на текстот. Идејата, што всушност се крие во тој текст, е дека овие новокрстени верници се придружиле на групата како рамноправни членови.

Основната улога на ранохристијанската црква била ученииштвото. Кога се придружиле на црквата, новите членови биле поучувани на три начини. Прво, тие продолжувале да се поучуваат во апостолската наука и заедништво. Зборовите „учење“ и „заеднички живот“ во овој текст (Дела 2,41-47) буквално значат „поука“ и „партнерство“. Апостолското проповедање се справувало со погрешните верувања и нудело нови објаснувања за она што луѓето го гледале и доживувале. Меѓутоа, тоа не можело да ги научи како да ја применат оваа нова вистина во нивниот живот. До примена на вистината во нечиј живот доаѓало преку меѓусебните односи во рамките на групата. Новите верници внимателно и свесно биле поучувани преку директно учење, како и преку учество во секојдневниот живот на другите верници, а сето тоа под надзор и водство на духовно зрелите и втемелени апостоли.

Лошо проповедање е она проповедање кое им кажува на луѓето што треба да прават, но не и како да го направат тоа. Меѓутоа, дури и ако читаме книги со упатства или слушаме проповеди кои објаснуваат како треба нешто да се направи, тоа не може да ја замени можноста да набљудуваме како луѓето прават нешто, а потоа да ги имитираме. Павле го знаел ова, па ги повикал своите следбеници да го имитираат него како што тој самиот го имитирал Исуса (1. Коринќаните 11,1). Кога другите можат да ве набљудуваат и да се уверат во стварноста на вашето искуство со Христа, тоа ќе влијае и на нив.

**Предизвик:** Сетете се на некоја личност во вашиот живот која би сакале да биде верник. Молете се секој ден тој или таа да стекнат лично искуство со Исуса.

**Дополнителен предизвик:** Кого вие го поучувате и го доведувате во врска со Исуса? Побарајте начин да ја доведете таа личност во заедништво со другите верници.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Нашата мисионска работа мора да произлегува од длабока љубов и благодарност за она што Исус го направил и што го прави во нашиот живот. Секоја друга мотивација е погрешна. Да се остане нурнат во Речта и во согласност со Речта, тоа е клучот за успешно досегнување до луѓето и евангелизирање.

„Нашиот живот треба да се поврзе со Христовиот; мораме постојано да црпиме од него, да се храниме со него, со живиот леб кој слегол од небото, да се напојуваме од свежиот, непресушлив извор на неговото богатство. Ако постојано го имаме пред себе Господа, ако му дозволуваме на нашето срце да му се обраќа со фалба и благодарност, нашиот верски живот постојано ќе се освежува. Нашите молитви ќе добијат вид на разговор со Бога како што се разговара со пријател. Тој сам ќе ни ги открива своите тајни. Мошне често ќе уживаме радост што произлегува од свеста за Исусовото присуство. Често нашето срце ќе гори во нас кога Тој ќе се приближува да разговара со нас, како што правел со Еноха. Кога тоа ќе стане дел на искуството на христијанинот, во неговиот живот ќе се забележи едноставност, скромност, кротост, понизност на срцето - особини што на сите со кои доаѓа во допир ќе им покажат дека бил со Исуса и дека се научил од него“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 129, 130 ориг.).

„Нема никакво растење ниту плод во животот кој е свртен кон себеси. Ако сте го прифатиле Христа како свој Спасител, треба да заборавите на себе и да се обидете да им помагате на другите. Зборувајте за Христовата љубов, говорете (им на другите за Неговата самопожртвувана љубов кон вас)... Кога ќе го примите Христовиот Дух – духот на несебична љубов и труд за другите – вие ќе растете и ќе носите плод... Вашата вера ќе расте, вашето уверување ќе се продлабува, вашата љубов ќе се усовршува“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 67, 68 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како ги разбирате зборовите на Павле упатени до Филипјаните, за фактот дека Христос понекогаш се проповеда од завист, кавга или себична амбиција? Како можеме да бидеме сигурни дека ние самите не сме виновни за такво нешто?**
2. **Какво е вашето лично искуство во врска со стварноста на Божјото постоење и Неговата љубов? Со други зборови, би можеле ли, врз основа на сопственото искуство, искрено и чесно да им проповедате на другите за Божјата добрина и љубов? Какво би гласело вашето сведочење?**
3. **Какво е вашето искуство на чекање на Господа, и што ве научило тоа, кога станува збор за довербата во Него и верата воопшто?**

**Лекција 7**
**11 - 17 ноември 2023**

# МИСИЈА ЗА МОЈОТ БЛИЖЕН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 10,25-37; 2. Тимотеј 3,16; Јаков 2,17-22; Матеј 22,37-40; Галатјаните 5,14; Михеј 6,6-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Тој му рече: ‘Што е напишано во Законот? Како читаш?’ А тој одговори и рече: ‘Љуби Го Господа, својот Бог - со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум; и својот ближен како себеси!’“ (Лука 10,27)**

На сите ни е познат стихот: „Љуби Го Господа, својот Бог – со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум“ (Лука 10,27). Сепак, нашата љубов спрема Бога може да стане многу површна ако кажеме дека го сакаме Бога, но не Му се покоруваме. Ние мислиме дека го сакаме Бога, но како се покажува таа љубов во нашиот секојдневен живот? Љубовта кон Бога бара целосна посветеност на нашето срце, душа, тело и ум – и тоа секојдневно. Секој може да каже дека го сака Бога, но за вистински да го сакаме, треба да вложиме свесен напор.

Меѓутоа, иако е добро и важно да го сакаме Бога, Тој сака да ги сакаме и другите, бидејќи нашата љубов кон другите ја одразува нашата љубов кон Бога, на моќен и многу реален начин. Стихот 1. Јованово 4,20 гласи: „Ако некој рече: ’Го љубам Бога‘, а го мрази брата си, лажец е; зашто кој не го љуби брата си, кого го видел, не може да Го љуби Бога, Кого не Го видел?“ Во Галатјаните 5,14, Павле исто така вели дека „целиот Закон е исполнет во еден збор: ‘Љуби го својот ближен како самиот себе!’“

Оваа седмица ќе научиме како таа лекција може да се примени во нашиот живот.

## ПРАШАЊЕ НАД СИТЕ ПРАШАЊА

Кои сме ние? Зошто сме тука? Што се случува со нас кога ќе умреме? Која е нашата конечна судбина? Ова се, во многу нешта, најважните прашања што можат да ги постават смртните суштества – суштества кои знаат дека се смртни (остригите и кокошките се исто така смртни, но не го знаат тоа). А во Евангелието според Лука гледаме како некој му пристапува на Исуса со нешто што е, всушност, најважно од сите прашања.

**Прочитај Лука 10,25. Какво прашање поставил овој познавач на законот и зошто го направил тоа?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Колку и да е сериозно тоа прашање само по себе, Библијата јасно кажува дека тој всушност дошол да го *искуша* Исуса. Знаеме дека луѓето понекогаш ни пристапуваат со скептицизам и недоверба, дека дури можат да бидат и неискрени во своето поставување прашања, но сепак може да се допре и до нив. Токму на овој начин Исус постапил со овој законик, иако знаел дека неговите првични намери не биле искрени. Меѓутоа, и за законикот и за другите слушатели, ова прашање било пригоден вовед што Исус го искористил за да ги поттикне да ги преиспитаат своите срца. Иако знаел кои биле мотивите на тој законик, сепак Исус не го игнорирал и не покажал непочитување кон него.

На крајот на краиштата, кое прашање може да биде поважно од тоа? „Што треба да правам за да наследам вечен живот?" Без оглед на нашите верски ритуали или обичаи, зад сите нив стои тоа клучно прашање. Што друго, освен тоа, би можело да биде навистина важно за созданија чиј живот е опишан како „пареа, која се јавува за миг, и потоа исчезнува" (Јаков 4,14)? Зашто, која друга опција постои, освен вечниот живот, ако не вечна смрт?

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 15,30-32. Која поента ја истакнува Павле овде за да ја нагласи важноста на вечниот живот?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Колку и да биле сомнителни неговите мотиви, законикот поставил суштинско прашање, а Исус, внимавајќи да ја искористи секоја пригода за мисија, се послужил со тоа за да допре до душите.

**Како можеме и ние да внимаваме на тоа да ја искористуваме секоја пригода што ќе ни се укаже за да сведочиме, дури и ако околностите не се баш идеални?**

# ИСУСОВИОТ МЕТОД И ОДГОВОР

Библијата ни кажува дека тој законик дошол за да го искуша Исуса, но Исус бил свесен за неговите намери. Навистина, Бог ги познава стремежите и желбите на нашето срце подобро и од нас самите. А она што сигурно не го знаеме, тоа се срцата и побудите на оние кои нè испитуваат, зар не?

Понекогаш припадниците на другите религии нè прашуваат за нашата вера. На пример, нашите пријатели муслимани ни поставуваат прашања во врска со Исусовата божествената природа, како на пример: „Каде во Библијата Исус рекол дека е Бог?“ или „Зошто велите дека има еден Бог кога имате три лица во Тројството? „Овие прашања се чинат провокативни, но тие можат да откријат длабока, искрена потреба за Исуса и скриен копнеж или чувство на празнина кај оние што ги поставуваат ваквите прашања. Ние не ги познаваме нивните срца, а тоа и не е ни потребно. Едноставно треба да им служиме на другите најдобро што можеме, без оглед на нивните најдлабоки побуди.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 26,56; Дела 17,11; 1 Коринќаните 15,3 и 2. Тимотеј 3,16. Како овие стихови ни помагаат да го разбереме Исусовиот одговор на законикот во текстот Лука 10,26?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Понекогаш бараме одговори, но не се трудиме самите да дојдеме до нив. Исус рекол: „Што е напишано во законот? Како читаш?“ (Лука 10,26). Тој овде истакнал еден многу важен аспект на учењето. Наместо само да слушаме што имаат другите да ни кажат, ние треба сами да го читаме Светото писмо (Божјата реч). Одговорите се веќе тука, а Светиот Дух дејствува на нашето срце за да нè по што треба да правиме.

Бог ни ја дал својата Реч. Во него наоѓаме сè што треба да знаеме за тоа како да живееме, како да се однесуваме кон другите и како можеме да „наследиме вечен живот“. Се разбира, учителите и проповедниците имаат своја улога во ова, но во крајна линија, мора да се свртиме кон Библијата за да дојдеме до вистините коишто навистина се важни. „Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека“ (Псалм 119,105). Тој стих не е само поезија. Тоа е света вистина, која нè упатува на Божјата реч и на нејзината важност за верникот.

**Исус, Слово Божјото станало тело, секогаш им укажувало на луѓето на Пишаното Слово. Што ни кажува ова за важноста на Библијата, и за тоа зошто мора да го отфрлиме секое филозофско и теолошко резонирање кое ја намалува нашата доверба во Библијата?**

## ДА СЕ НАСЛЕДИ ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

**Прочитајте го текстот Лука 10,27.28. Каков бил одговорот на законикот на сопственото прашање?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Законикот го поставил прашањето и самиот го дал одговорот: „Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце...“ и „ближниот свој како себеси“ (Лука 10,27).

А каков бил Исусовиот коментар? Тој му рекол: „Право одговори!“ (Лука 10,28) А потоа го поттикнал и да направи нешто во врска со тоа, велејќи: „Прави го ова и ќе живееш“ (Лука 10,28).

За повеќето верници не е толку тешко да ги дадат правите одговори во врска со доктрината и верата. Меѓутоа, вистинскиот предизвик доаѓа кога треба да го направат она што знаат дека е правилно и да го следат она во што веруваат. Многумина кои знаат доволно за да бидат спасени, сепак ќе бидат изгубени затоа што не го послушале она што го знаеле. Ете колку е сериозно ова прашање. Не е доволно само да знаеме дека треба да го сакаме Бога и ближните. Треба тоа и да го правиме!

**Прочитајте го текстот Јаков 2,17-22. Во која смисла овие стихови се паралелни со она што Исус му го кажал на законикот?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Ако го сакаме Бога, ќе ја читаме Неговата Реч, ќе се молиме, ќе ги држиме Неговите заповеди и ќе бидеме послушни на Неговиот глас „со сето свое срце“. Ако велам дека ги сакам другите, но не се грижам за другите луѓе во црквата, или ако ги занемарам потребите на другите, иако можам да помогнам, каква полза има од мојата вера? Христијанството не е само збир на различни верувања, тоа е начин на живот.

„Ако некој брат или сестра се голи и немаат што да јадат, па некој од вас им рече: ‘Одете си во мир, стоплете се и наситете се!’ а не им даде она, што им е потребно за телото, каква е ползата?“ (Јаков 2,15.16).

**Колку се грижите за благосостојбата на другите? До кој степен ги следите зборовите на Павле: „Не гледајте секој само на своето, туку секој нека гледа на она што се однесува за другите“ (Филипјаните 2,4)? Како можете, преку Божјата благодат, да научите да бидете погрижливи за другите?**

## ДА ГИ САКАМЕ ДРУГИТЕ КАКО САМИТЕ СЕБЕ

**Прочитајте го текстот Матеј 22,37-40. Како ова што го рекол Исус овде се согласува со она што му одговорил законикот во текстот Лука 10,27.28?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Според текстот Матеј 22,37-40, Исус јасно ни кажал дека секојдневното изразување на вистинското верување почива на тие две заповеди. А во текстот Лука 10,27.28 јасно е кажано дека оној што ги извршува тие две заповеди ќе има вечен живот.

„Љубовта мора да биде начело на нашето дејствување. Таа е темелно начело на Божјето владеење на небото и на земјата, а мора да стане темел и на христијанскиот карактер. Само љубовта може христијанинот да го одржи непоколеблив. Единствено таа може да го оспособи да им се противстави на неволјите и искушенијата“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 49 ориг.).

**Прочитајте ги следните текстови: Галатјаните 5,14; Михеј 6,6-8 и 1. Јован 4,20,21. Како овие стихови дополнително го нагласуваат она што ни го кажал Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Според Павле, „целиот закон се извршува со еден збор, а тоа е: „Љуби го својот ближен како самиот себе“ (Галатјаните 5,14). Павле смета дека љубовта кон Бога може да се види во практична смисла само преку примерот на нашето однесување кон другите. Иако рекол дека „Праведникот преку верата ќе живее“ (Римјаните 1,17), сепак живеењето со вера не е нешто што е скриено, непознато и невидливо пред другите. Павле, Михеј и Јован јасно кажуваат дека токму практичните дела ја покажуваат реалноста на верата што ја исповедаме.

Во 1. Коринќаните 13 глава, Павле мошне енергично тврди дека ако некој поседува големо знаење или прави големи дела, или има голема вера, па дури и се откажува од сопствениот живот, но нема љубов, тогаш таа личност е како „бакар, што ѕвони, или кимвал, што ѕвечи“ (1. Коринќаните 13,1).

**Прочитајте го горенаведениот цитат од Елена Вајт. Забележете дека таа вели оти само љубовта им овозможува на луѓето да останат непоколебливи и да се спротивстават на искушенијата. Како оваа идеја покажува дека заповедта за љубовта не го подразбира спасението преку дела, туку претставува израз на верата што ја имаме во Исуса?**

## ПАРАБОЛАТА ЗА ДОБРИОТ САМАРЈАНЕЦ ДЕНЕС

Кога го пофалил законикот затоа што го дал вистинскиот одговор, Исус додал: „Прави го тоа и ќе бидеш жив“ (Лука 10,28). Со тоа ја допрел најдлабоката нишка на човечкото срце. Давањето точни одговори било лесно за овој законик, но постапувањето според нив претставувало проблем пред 2.000 години, и сè уште е проблем за многумина од нас денес. Законикот сакал да го фати Исуса во стапица и да се пофали со своето знаење. Затоа поставил дополнително прашање: „А кој е мојот ближен?“ (Лука 10,29)

**Прочитајте го текстот Лука 10,30-37. Како накратко би ја изразиле пораката што Исус сакал да ја изнесе преку оваа парабола?**

______________________________________________________________

Дали има луѓе околу нас кон кои другите постапиле неправедно? Дали сме направиле сè што е во наша моќ за да им помогнеме?

Точно е дека понекогаш пасторите, старешините и верниците не им помагаат на оние на кои тоа им е потребно. Понекогаш луѓето од друга вера се пољубезни од нас во постапувањето кон поединците во нашата општествена заедница. Ние зборуваме за тоа дека треба да бидеме љубезни, но можеби некој друг е тој што навистина ги задоволува потребите на луѓето на кои ние не сме им посветиле внимание. Но, ако сакаме нашата вера воопшто да значи нешто, тогаш мора да допреме до луѓето и да им помогнеме на оние кои имаат потреба.

Исус ја завршил параболата за добриот Самарјанец со прашање кој од тројцата споменати луѓе навистина му бил ближен на човекот кому му била потребна помош.

„Така на прашањето ‘кој е мој ближен’ даден е одговор за сите времиња. Христос укажал дека наш ближен не е само оној што ѝ припаѓа на нашата црква и вера. Тоа нема никаква врска со расата, со бојата или со општествениот статус. Наш ближен е секое лице на кое му е потребна наша помош. Наш ближен е и секоја душа што ја ранил и ја измачил непријателот. Наш ближен е секој што е Божја своина“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 503 оригинал).

**Предизвик:** Почнете да се молите секојдневно за некој што е поразличен од вас, па дури и за некој што можеби лично вам не ви се допаѓа.

**Дополнителен предизвик:** Наведете најмалку три имиња на ваши познаници (неадвентисти), уочете ги нивните потреби (емоционални, физички, социјални) и размислете како би можеле лично да одговорите на тие потреби. Што можете практично да направите за нив во текот на претстојната седмица?

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Добриот Самарјанец“, стр. 497-505 (оригинал).

Во нашиот свет денес има многу гладни, сиромашни и злоупотребувани луѓе на кои им е потребна помош. И ние можеме да дадеме свој придонес во тоа, колку и да изгледа „ситен“. Сепак, нема да можеме да ги решиме сите проблеми на овој свет пред да се врати Исус. Не сме ни повикани да го сториме тоа. Но дотогаш, нашата работа може да биде така едноставна како што е помагање на некој што го познаваме а кој нема доволно за јадење, или на член на црквата кој се соочува со неправда, можеби дури и со предрасуди и нетрпеливост, што и ден-денес претставува проблем што е реално присутен во нашиот свет.

„Чиста и непорочна вера пред Бога Отецот е оваа: ’да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот’“ (Јаков 1,27). Добрите дела се плод што Христос бара од нас да го носиме: љубезни зборови, дела на милосрдие, нежен обѕир кон сиромашните и напатените. Кога сочувствуваме со обесхрабрените и тажните, кога нашата рака подава на сиромашните, кога ги облекуваме голите и правиме место за странецот во нашиот дом и срце, тогаш ангелите ни се многу блиску, а ние ја допираме нишката што одѕвонува на небото. Секој чин на правда, милост и добродетел наоѓа одек на небото. Отецот од својот престол ги набљудува оние што ги прават овие дела на милосрдие и ги вбројува во неговите најскапоцени богатства. ’Тие ќе бидат Мои, вели Господ Саваот, Моја сопственост во оној ден, што го готвам‘ (Малахија 3,17). Секое дело на милосрдие спрема сиромашните и неволните се смета како да му е направено на Исуса. Кога му помагаме на сиромашен, кога сочувствуваме со измачен и угнетен, кога се спријателуваме со сираче, тогаш се доведуваме во поблиска заедница со Исуса“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 2, стр. 25).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како можеме да бидеме сигурни дека правилно сме разбрале дека послушноста на заповедта да го сакаме Бога и ближните не е спасение со дела? Со оглед на тоа кој е Исус и што сторил Тој за нас на крстот (видете Филипјаните 2,5-8), зошто помислата дека ние можеме да направиме што било за да го стекнеме или да го заслужиме спасението претставува толку голема заблуда? Како можеме да научиме да правиме разлика меѓу постапките со кои би се обиделе да се спасиме, што би било фатална грешка, и делата со кои во нашиот живот го откриваме спасението што веќе го имаме во Исуса?**

**2. Како можеме да научиме да препознаваме некои од длабоко вкоренетите предрасуди кои можеби ги негуваме кон оние кои се поразлични од нас?**

**3. Покрај стиховите што ги проучувавме во рамките на лекцијата за оваа седмица, кои други библиски текстови ги наоѓате а кои го поддржуваат сфаќањето дека е неопходно да се покаже љубезност кон другите, кои и да се тие?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 8**
**18 - 24 ноември 2023**

# МИСИЈА ЗА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 5,17-26; Јован 5,1-9; 5. Мојсеева 10,19; 3. Мојсеева 23,22; Матеј 25,34-40; Јован 15,13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Царот ќе им одговори: ‘Вистина ви велам, доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте’“ (Матеј 25,40).**

Текстот Лука 5,17-26 содржи повеќе илустрации за тоа како Бог им помага на оние кои имаат потреба. Понекогаш Тој користи други луѓе за да ни помогне нам, а понекогаш нè користи нас за да им помогнеме на другите. Таа работа може да биде со предизвик, но носи големи награди. Помагајќи им на оние на кои им е потребна помош, ние вршиме служба по примерот на Исуса Христа. Понекогаш лесно може да се заклучи на кого му треба помош, но има случаи кога тоа тешко може да се уочи. Сепак, каква и да е ситуацијата, повикани сме да бидеме Божји помошници на сите луѓе кои се наоѓаат во неволја, без разлика на нивното потекло.

Библијата нè поттикнува да се зближуваме со луѓето што не ги познаваме и, стекнувајќи ја нивната доверба, да дознаеме како на најдобар начин да им помогнеме да го најдат Исуса.

Во поуката за оваа седмица, нашата тема со наслов „Мисија за оние на кои им е потребна помош“ покажува дека Бог има план да допре до оние кои, од најразлични причини, можат да се најдат во тешки околности. Нивните потреби можат да бидат физички, емоционални, финансиски, па дури и општествени, бидејќи има и такви кои се практично исфрлени од нивната заедница или семејство. Какви и да се нивните потреби, ние мора да бидеме подготвени да направиме сè што е во наша моќ за да им помогнеме. Тоа е суштината на она што значи да се биде христијанин и затоа мора да биде составен дел од нашата мисија.

## ВЕРАТА НА ПРИЈАТЕЛИТЕ

Еден впечатлив настан од Евангелието открива низ што поминале некои луѓе за да доведат кај Исуса една личност, веројатно пријател, која била во неволја. Врз основа на она што се случило тука, дознаваме колку напор понекогаш мора да се вложи во служба за оние на кои им е потребна помош.

**Прочитајте го текстот Лука 5,17-26 (види исто така: Матеј 9,1-8; Марко 2,3-12). Какви поуки можеме да извлечеме од тој запис, кога станува збор за мисијата и службата?**

___

Со тоа што го довеле својот пријател кај Исуса, тие луѓе ја презеле одговорноста да се погрижат за него. Бог и нас нè повикува да бидеме како пријателите на овој човек – да ги доведеме кај Исуса Христа оние на кои им е потребна помош. За таква работа потребна е вера, иницијатива, трпение и подготвеност, доколку е потребно, да се направи и нешто невообичаено. Луѓето сакале да дојдат до Исуса, но наишле на препреки. Не можеле да го доведат својот беспомошен пријател пред Исуса на вообичаениот начин. Сепак, тие не се откажале и нашле иновативен начин за да го направат тоа. *Го спуштиле пријателот од покривот!* И, според Лука, нивната постапка наишла на одобрување од Исуса (видете Лука 5,20).

Исус сака и ние да ги доведуваме нашите беспомошни пријатели кај Него. Библијата зборува за Исуса како Голем Лекар кој копнее да им прости на оние кои страдаат и да ги исцели, кои и да се.

Исто така, Елена Г. Вајт нè поттикнува да им помагаме на беспомошните: „Не чекајте да ви се укаже на вашата должност. Добро отворете ги очите и погледнете кој се наоѓа околу вас. Запознајте ги беспомошните, напатените и оние кои имаат потреба. Не кријте се од нив и не обидувајте се да ги прикриете нивните потреби. Кој дава доказ дека има чиста вера, неизвалкана од себичност и расипаност, каква што е спомната во Посланието на Јаков? Кои се тие што нестрпливо чекаат да направат сè што е во нивна моќ за да придонесат за големиот план на спасението?“ (*Сведоштва за Црквата,* кн. 2, стр. 29).

Исус со личен пример покажал како треба да им помагаме на беспомошните, и нè повикал и ние да го правиме истото. Прво, треба да се спријателиме со нив, потоа да дознаеме кои се нивните потреби и конечно да ги доведеме кај Исуса, кој единствено може да им помогне. Токму тоа го направиле луѓето во овој настан, а истото треба да го правиме и ние во каква било ситуација да се најдеме. Да им помогнеме на луѓето да стигнат до Единствениот кој може да ги спаси – Исус Христос.

**Кому во вашето опкружување, во овој момент, му треба помош? Што ќе направите за тие луѓе?**

# САМО ХРИСТОВИОТ МЕТОД

**Што нè учат следните стихови во врска со тоа дека треба да им служиме на оние на кои им е потребна помош?**

**Јован 5,1-9**__________________________________________________

**Марко 1,23-28** ______________________________________________

Елена Г. Вајт го опишува Исусовиот метод како процес од пет чекори кој покажува како треба да им служиме на другите, особено на оние на кои им е потребна помош: „Само Христовиот метод ќе донесе вистински успех во приближувањето на луѓето. Спасителот одел меѓу луѓето како оној кој им го посакува најдоброто. Тој покажувал сочувство кон нив, служел на нивните потреби и ја стекнувал нивната доверба. Дури тогаш ги повикувал: „Врви по мене!“ (*Во потрага по подобар живот*, стр. 143 ориг.).

Прво, мора да се дружиме со беспомошните, да поминуваме време со нив за да ги запознаеме и да ги разбереме нивните потреби, со намера да им правиме добро. Ајде да погледнеме што направил Исус за одземениот човек во бањата Витезда. Тој бил токму таму, среде тоа мноштво „болни, слепи, куци, исушени“ (Јован 5,3).

Второ, треба да покажеме сочувство. Ова понекогаш претставува предизвик бидејќи наидува на недоверба, затоа што има луѓе кои се однесуваат љубезно и ја стекнуваат довербата од другите за подоцна да ги злоупотребат. Во секој случај, Бог нè повикува да покажуваме сочувство без да очекуваме ништо за возврат.

Третиот чекор е да им служиме на човечките потреби. Тоа подразбира нешто повеќе од зборови. Треба да направиме нешто за да бидат задоволени потребите на пријателите или странците. Исус разговарал со фатениот човек, го прашал што сака и дури тогаш направил чудо за него. Во сторијата за човекот опседнат од „нечист дух“, Исус презел целосна контрола над ситуацијата, правејќи го за беспомошниот човек она што тој не можел да го направи самиот за себе.

Четвртиот чекор е стекнување доверба. Кога им служиме на луѓето, кога им помагаме, тие ќе научат да ни веруваат и на нас и на нашите зборови, па ќе бидат поспремни да нè слушаат и тогаш кога ќе им зборуваме за Исуса. Исус не сакал само физички да ги лекува луѓето; Тој сакал тие да имаат вечен живот во Него (видете Јован 10,10).

Последниот чекор е да ги доведеме луѓето до Исуса – чин што бара вера и од ваша страна и од страна на личноста на која ѝ помагате.

**Во принцип, ние не сме во состојба да правиме чуда какви што правел Исус. Но на кој начин сепак можеме да им послужиме на оние на кои им е потребна помош?**

## БЕГАЛЦИ И ИМИГРАНТИ

Темата за имигрантите и бегалците стана тема на жестоки дебати, особено што денес ги има толку многу. Без разлика дали се раселени поради војна, природни катастрофи или надеж за подобра иднина во економска смисла, милиони луѓе ширум светот ги напуштиле своите домови и имаат очајна потреба од помош.

Во текстот Матеј 2,13.14 гледаме дека и Исус бил бегалец. Неговите земни родители, Јосиф и Марија, биле принудени да побегнат од Витлеем среде ноќ и да побараат засолниште во Египет, за да ја избегнат убиствената рака на Ирод. Библијата не кажува ништо за нивното искуство во Египет, но не е тешко да се замисли дека и тоа време имало свои предизвици, можеби истите оние со кои се соочуваат бегалците денес. Всушност, постои одредена паралела во тоа како семејството на Исус барало азил во странска земја, со тоа колку муслимани, будисти, хиндуисти, христијани и неверници денес бараат азил во нови земји.

Општо земено, полесно е да се дружите со луѓе од сопствената култура и јазична група, бидејќи имаме многу заеднички работи. Потешко е да се најде заеднички јазик со имигрантите и бегалците кои изгледаат поинаку од нас, не го зборуваат нашиот јазик, не споделуваат исти верски вредности и не јадат иста храна. Меѓутоа, евангелието нè повикува да излеземе од нашите етнички, национални и културни зони на удобност и да допреме до оние на кои им е потребна помош, без оглед колку тие се разликуваат од нас.

**Прочитајте ги следните текстови: 5. Мојсеева 10,19; Псалм 146,9; Римјаните 12,13 и 3. Мојсеева 23,22. Која важна тема се спомнува тука, а треба да ја имаме на ум?**

______________________________________________________________

Како можеме да им служиме на имигрантите и бегалците? Тоа може да биде тешко, бидејќи во некои земји не е политички коректно да се мешате со овие луѓе и да им помагате. Сепак, мораме да сториме сè што можеме, и секогаш кога можеме, за да им послужиме на оние луѓе, кои сигурно поминале низ многу тешки моменти и имаат потреба од нашата помош. Затоа мораме да им помогнеме колку што можеме.

Започнете со молитва, а потоа побарајте информации за имигрантите и бегалците. На многу места постојат организации кои се грижат за нив. Можете да почнете да соработувате со некоја од овие организации или вашата локална црква може да започне служба за имигранти и бегалци.

**Дури и ако е нешто ситно, што можете да направите за да им помогнете на имигрантите и бегалците за коишто знаете?**

## ПОМАГАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИТЕ

Кој од нас не искусил колку може да биде болен животот на овој свет? Без разлика дали сте опкружени со богатство и материјализам, или со сиромаштија и недостиг – тоа навистина не е важно. Луѓето страдаат, се мачат, се борат. Доволно е да се прочита, на пример, за неверојатната сума пари што секоја година се троши во западниот свет на антидепресиви, за да се разбере дека материјалното богатство само по себе не може ни приближно да гарантира мир и среќа.

**„Духот Господов е врз Мене; зашто Господ Ме помаза. Ме прати да им соопштам радосна вест на бедните. Ме прати да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените“ (Лука 4,18). Што нè учат овие зборови во врска со она што го правел Исус и што ние, во наш личен домен, би треба да го правиме за ранливите лица во нашата средина?**

---

Бог нè повикува да ги задоволиме потребите на сите луѓе, иако не знаеме кога, или дали тие некогаш ќе го прифатат Исуса. Иако придобивањето луѓе за Исуса е темел на нашата мисија, ние мора да им помагаме на сите едноставно затоа што им е потребна помош. Ние им помагаме на луѓето затоа што сме го прифатиле Исуса како наш Господ, и затоа што Тој нè повикува да го правиме тоа.

Исусовото настојување да ги задоволи потребите на сите луѓе претставува библиски принцип што треба да се следи. Ние не знаеме дали сите оние на кои Тој им помогнал го прифатиле или не.

Но, за вистински да им помогнеме на луѓето, мора да станеме свесни за нивните потреби. Секоја култура покажува на свој начин како треба да се однесуваме спрема пријател. Во Индија, на пример, вообичаено е да се служи храна и пиење кога се служат посетителите. Од друга страна, полесно е на некој што не го познаваме да му дадеме симболична сума пари, отколку да го утешиме пријателот кој штотуку изгубил некој свој близок. Можеби на вашиот пријател во тој момент му треба нешто повеќе отколку пари и материјални работи. Вашата сочувствителна поддршка во време на голема загуба веројатно би била многу покорисна.

За да бидеме Исусови соработници во помагањето на нашите пријатели, важен принцип е да им пристапиме со цел да покажеме несебична љубов кон нив и да ги разбереме нивните потреби пред да им понудиме да им помогнеме. А потоа треба да им ја пружиме потребната помош, дури и ако не знаеме дали се подготвени да го следат Исуса или не.

**Прочитајте Матеј 25,34-40. Која порака се наоѓа тука за нас?**

## ПОГОЛЕМА ЉУБОВ

Како што сите знаеме – и тоа многу добро знаеме – потребите никогаш не престануваат. Ако сте спремни да им помагате на другите, ќе имате многу можности. Без разлика дали станува збор за блиски пријатели или бегалци од далеку, луѓето имаат свои потреби и ние треба да направиме сè што можеме, и секогаш кога можеме, за да им помогнеме. За време на својата земна служба, Исус секогаш им помагал на луѓето кои не можеле да си помогнат сами на себе. Во некои случаи, Тој дури преземал иницијатива и им пристапувал на оние на кои им била потребна помош. Во други пригоди, како во случајот со фатениот маж кој бил спуштен од покривот пред Исуса, неговите пријатели презеле иницијатива.

**„Никој нема поголема љубов од оваа: да го положи сопствениот живот за своите пријатели“ (Јован 15,13). Како да го примениме тој принцип на нашата служба за другите?**

_______________________________________________

Едно мисионерско семејство служело шест години во карипската држава Тринидад и Тобаго. Во првите три години, тие живееле во претежно хинду и муслиманска заедница. Многу Хиндуси се жалеле дека христијаните ги одбиваат нивните повици на годишната служба по повод Денот на благодарноста. Но ова христијанско семејство еднаш присуствувало на таа служба кај нивниот нов пријател хиндуист. Тие го направиле угледувајќи се на Исусовиот пример – Тој ги посетувал пријателите кога го повикувале на нивните прослави. Всушност, хиндуизмот учи дека посетителите и пријателите носат благослов во куќата на домаќинот.

Ајде да се обидеме да се спријателиме со некого оваа седмица со тоа што ќе бидеме благослов за таа личност. Проучете го најпрво вашето опкружување, заедница, село или град. Дали знаете за некои бегалци или имигранти кои живеат таму? Што е со луѓето кои живеат во вашата улица? Дали ги познавате сите? Без оглед на вашата ситуација, склопувањето пријателство со целосен странец не е лесна задача. Молете му се на Бога за тоа и барајте помош од Него. Тој го познава секој човек, па дури и странецот со којшто сакате да се спријателите. Не заборавајте, вашата цел е да се спријателите со таа личност помагајќи ѝ на тој начин што ќе ја упатите да бара помош од Бога.

***Предизвик:*** Дознајте за странците и за нехристијаните кои живеат во вашата земја. Веб-страницата joshuaprojects.net е место на кое можете да се информирате за недосегнатите етнички групи во вашата култура.

***Дополнителен предизвик:*** Издвојте некого во рамките на вашата сфера на влијание. Започнете редовно да се молите за таа личност, откако ќе одговорите на следниве прашања:

- Дали оваа личност е мој пријател – во согласност со Исусовото мерило за пријателство?
- Дали сум запознаен со неговите/нејзините животни потреби?
- Како таа личност да ја донесам кај Исуса за да ја исцели?

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако сте во можност, прочитајте го следново: Arthur White, „A Few Days at Long Point", Ellen G. White: The Australian Years: 1891-1900, vol. 4, pp, 100-104.

Писателите на евангелијата запишале примери на Исусовиот обичај да гради мостови со припадниците на другите култури за да може да ги спаси (Матеј 8,28-34; Марко 5,1-20). И ние сме повикани да склопуваме пријателства и да им служиме на припадниците на другите култури. Христос умрел за сите луѓе, без оглед на потеклото, расата, националноста или имотната состојба. Тоа е нешто што никогаш не смееме да го заборавиме. „Тој е жртва помирница за нашите гревови; не само за нашите, туку и за гревовите на целиот свет" (1. Јованово 2,2).

„Луѓето не ја исполнуваат Божјата намера со тоа што едноставно изразуваат наклоност во рамки на својот семеен круг... додека ја скусуваат љубовта кон оние кои би можеле да ги утешат и да ги благословат на тој начин што ќе задоволат некои нивни животни потреби...

Кога нѐ повикува да им правиме добро на луѓето надвор од нашиот дом, Господ не мисли дека нашата наклоност кон сопствените домашни треба да се намали и дека треба помалку да го сакаме нашето семејство или земја, само затоа што Тој сака нашето сочувство да го прошириме и на другите. Меѓутоа, не треба нашата наклоност и сочувство да ги оградиме во нашите сопствени четири ѕида и благословот што ни го дал Бог да го ограничуваме за другите да не можат да имаат корист од него, и да уживаат во него заедно со нас" (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald,* Oct. 15, 1895).

Одговорноста што ни е доверена – да бидеме благослов за оние кои се надвор од нашата зона на удобност, без разлика дали станува збор за припадници на друга култура или само за некој беспомошен поединец – е мандат за кој не може да се преговара, доделен од самиот Исус Христос (Дела 1,8; Марко 11,17).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Која е вашата лична зона на удобност и зошто мора да бидете спремни да излезете од неа кога е потребно?**
2. **Кои се последиците од она што било кажано за Исуса: „Еве, човек лаком и пијаница, пријател на цариници и на грешници!" (Матеј 11,19)? Што правел Исус што довело до тоа обвинение, и што можеме да научиме од тоа за мисијата?**
3. **Во колкава мера христијанинот треба да присуствува на прославите на неверниците? Како христијаните можат да го направат тоа без да ги загрозат библиските принципи?**

**Лекција 9**
**25 ноември до 1 декември 2023**

# МИСИЈА ЗА МОЌНИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 4; 2. Царевите 5,1-19; Јован 3,1-12; Јован 7,43-52; Матеј 19,16-22; Јован 19,38-42.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, каква полза е за човек ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ (Матеј 16,26).**

Иако е напишана пред неколку векови, Библијата, Божјата реч, претставува откровение на Божјата вистина за нашиот свет. А меѓу многуте вистини што ни ги открива е и онаа за човечката природа, и за тоа дека – без разлика дали станува збор за Јудеја во седмиот век или за Бразил во дваесет и првиот век – луѓето се во основа исти – грешници на кои им е потребна божествената благодат.

Ова ги опфаќа и богатите и моќните. Богатите и моќните од библиско време не се разликувале многу од богатите и моќните на модерната доба, особено во стремежот за богатство, слава и моќ, често (но не секогаш) на сметка на ранливите и немоќните. Па сепак, Бог е подеднакво заинтересиран за спасението на богатите и моќните како што е заинтересиран и за спасението на слабите и сиромашните. Светото писмо ни дава неколку интересни примери на библиски карактери кои биле моќни, или богати, или и двете, и опишува како Бог ги употребил за да бидат благослов за многу народи: Аврам, Исак, Јов, Соломон и Јосиф, да наведеме само неколку.

Оваа седмица ќе ја проучуваме Божјата мисија за богатите и моќните. Придружете ни се на тоа патување додека размислуваме како Бог допрел до некои од овие луѓе и како Тој ги повикува и подготвува адвентистите на седмиот ден да им сведочат на таквите луѓе денес.

## НАВУХОДОНОСОР

Како адвентисти на седмиот ден, ние веруваме во таканареченото „неограничено помирување“. Ова значи дека, за разлика од некои други христијани, ние веруваме дека Христос умрел за целото човештво, а не само за посебна група луѓе кои Бог ги предодредил за спасение. Бидејќи Бог „сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината“ (1. Тимотеј 2,4), Исус се принел себеси како „жртва помирница за нашите гревови; не само за нашите, туку и за гревовите на целиот свет“ (1. Јованово 2,2). Затоа сите луѓе се избрани „преку Него, уште пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4), и покрај тоа што, за возврат, нема сите да го изберат него. Сепак, во Библијата наоѓаме извештаи за различни категории на луѓе кои биле придобиени за Бога.

**Прочитајте го текстот Даниел 4. Што се случило со царот и што ни кажува тоа за спасението на еден од најмоќните луѓе на светот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Впечатлив библиски пример за тоа како Бог допира до моќните неверници е сторијата за царот Навуходоносор. Божјиот суд врз него бил извршен на сличен начин како и во случајот со некои израелски цареви (видете, на пример, 2. Летописи 32,25.26; 1. Царевите 14,21-31; 1. Самоилова 28). Библискиот извештај за Навуходоносор, кој се вразумил и го признал Бога Создателот, покажува дека Бог се грижи за богатите и моќните, како и за слабите и сиромашните. Во 37. стих најмоќниот човек на земјата изјавува: „Сега јас, Навуходоносор, Му оддавам слава и Го величам Небесниот Цар, Чии сите дела се вистински и патиштата Негови праведни и Кој има моќ да ги понизни горделивите“ (Даниел 4,37). Кога само би ја сфатиле оваа вистина сите богати, моќни и горди меѓу нас смртниците!

Што можеме да научиме од оваа сторија? Прво, Бог користи посветени верници, како што бил Даниел, како мост за да допре до моќните неверници. Второ, Бог може директно да се вмеша во процесот на сведочење за да досегне до некој моќен неверник. Навуходоносор бил понижен од Бога поради неговата гордост и ароганција. И иако оваа сторија е многу драматична, постојат многу други начини на кои богатите, моќните и гордите можат да бидат понизат.

**Дури и ако не сме богати и моќни според световните мерила, зошто мора да водиме сметка за тоа да ја избегнеме таквата ароганција што ја покажал овој цар? Зошто и нам би можело да ни се случи, и тоа полесно отколку што мислиме, да заземеме ист таков став?**

## НАМАН

Христос умрел за сите луѓе, без оглед на нивното потекло, имотна состојба, етничка припадност или општествен статус. Бог постојано го привлекува кон себе целиот човечки род, вклучувајќи ги и оние поединци кои се вбројуваат меѓу моќните нехристијани во светот (видете: Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 416 оригинал).

**Прочитајте 2. Царевите 5,1-19. Која поука можеме да ја извлечеме од таа сторија во врска со тоа да ги досегнуваме луѓето за Господа?**

_______________________________________________________________________

Во текстот 2. Царевите 5,17-19, Наман, откако бил излечен од лепрата, упатува две необични барања. Прво, тој бара да земе со себе во Сирија онолку од израелската земја колку што може да се натовари на две маски, и тоа со цел да го обожава живиот Бог. Тој вели: „Зашто твојот слуга нема веќе да им принесува паленици и жртви на други богови освен на Господа“ (2. Цар. 5,17). Иако сега е очигледно дека верувал во единствениот вистински Бог, првото барање на Наман покажува дека паганските влијанија сепак задржале извесна контрола врз неговиот начин на размислување. Тој сириски војвода сметал дека израелскиот Бог може да се почитува само на теренот на таа земја. Иако ја спознал реалноста дека не постои друг Бог освен Израеловиот Господ Бог, Наман не го отфрлил целосно мислењето дека Бог е, на некој посебен начин, поврзан со израелската земја. Затоа сакал во сопствената татковина да го обожава Бога на земјата што ја понел од Израел.

Второто барање на Наман ја покажува искреноста на неговата вера. Иако донел цврста одлука да му служи само на небесниот Бог, му било јасно дека нема да биде лесно таквата одлука да се спроведе во неговата идолопоклоничка земја. И уште повеќе, сирискиот цар сè уште го обожавал богот Римон, а Наман, според својата служба, требало да биде во свитата на царот. Иако немал намера да ги напушти своите должности кон земниот цар, Наман сепак не сакал да го сметаат за некој што му се поклонува на богослужение на Римон. Откако му го предал своето срце на Јахве, тој не сакал да прави никаква отстапка пред идолопоклонството обожавајќи пагански бог. Тој дури не сакал ни гласините за тоа да стигнат до Елисеј.

Пророкот Илија одговорил на барањето на Наман велејќи: „Оди си во мир“ (2. Царевите 5,19). „Не смееме тие зборови да ги сфатиме како одобрување или неодобрување на барањето што Наман го упатил при разделбата. Требало да оди со мир, а не со сомнеж или чувство на неспокојство и неизвесност. Бог покажал љубезност кон него и тој требало да најде среќа и мир во познавањето и обожавањето на Бога. Наман бил новообратен, човек со осетлива совест, кој требало да расне во силата и мудроста ако се придржува до својата новооткриена вера. Бог ги води новообратените верници чекор по чекор. Тој знае кога е поволен момент да повика некого на реформа во одредена работа. Тој принцип секогаш треба да го имаат на ум оние кои работат на спасување души“ (*The SDA Bible Commentary,* кн. 2, стр. 878).

**Што треба да научиме од овој настан кога станува збор за тоа дека луѓето не треба да ги брзаме, особено не оние кои потекнуваат од нехристијанско потекло?**

## СВЕДОШТВО ЗА УЧЕНИТЕ – НИКОДИМ

Никодим бил учен човек. Библијата го опишува како еврејски кнез (Јован 3,1), а Исус го нарекол учител на Израел (Јован 3,10). Тој добро ја разбрал Библијата и чувствувал духовен глад за Господа. Од човечка перспектива, тој изгледал како Божји следбеник. Ги држел сите заповеди и бил почитуван водач меѓу Евреите. Тој бил моќен и богат. Многумина на тоа гледале како знак дека Бог го благословил. Сепак, се покажало дека она што се гледа однадвор е токму тоа – само обична надворешност.

**Прочитајте го текстот Јован 3,1-12. Што ни открива таа сторија за духовните потреби на Никодим и за тоа како Исус се однесувал кон него без заобиколување?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога дошол кај Исуса, Никодим се обидел да ја сочува својата фасада – статус кво. Но Бог го познавал неговото срце. Бог ги знае и срцата и потребите на сите богати и моќни, без оглед на нивното потекло. Никодим дошол кај Исуса затоа што Исусовите учења го осведочиле дека нешто му недостига. Гордоста го спречувала отворено да го признае Исуса Христа за Господ, но таа ноќ го променила засекогаш. Сепак, дури и откако се уверил дека Исус е испратен од Бога, тој сè уште не бил спремен отворено да се изјасни како Негов следбеник.

**Прочитајте ги текстовите Јован 7,43-52 и Јован 19,39. Што ни кажуваат овие текстови за Никодим и за Исуса?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во тие стихови можеме да видиме дека Исус очигледно извршил големо влијание врз Никодима. За време на Исусовиот живот, Никодим се обидел да го заштити, а потоа, по Неговата смрт, и да му оддаде почест. Исус, без сомнение, допрел до Никодима, кој, и покрај знаењето и мудроста со кои можел да се пофали, сепак чувствувал длабока потреба од Спасител, исто како и сите ние.

**Зошто мораме да внимаваме да не паднеме во стапицата да мислиме дека, бидејќи ја „имаме вистината“ (а навистина ја имаме), самото познавање на таа вистина е доволна да нè спаси? Колку души ќе бидат изгубени, иако имале повеќе од доволно знаење – дури и за пораките на тројцата ангели – за да бидат спасени?**

## МИСИЈА ЗА БОГАТИТЕ

**Прочитајте го текстот Матеј 19,16-22. Кои поуки можеме да ги извлечеме од оваа сторија, чиј протагонист, за разлика од Никодим, не го прифатил Исуса?**

___

___

___

Исусовиот разговор со богатиот млад кнез покажува дека богатството може да претставува опасна стапица. Обрнете внимание на следните зборови: „И пак ви велам: ‘Полесно ѝ е на камилата да помине низ иглени уши, отколку на богатиот да влезе во Божјото Царство’“ (Матеј 19,24). Тоа, се разбира, не значи дека богатите не можат да бидат спасени, туку само дека, доколку не внимаваат, богатството навистина може да стане пречка за нивното спасение.

На крајот и богатите и сиромашните ги чека истата судбина – гробот. Ова значи дека и на богатите им е очајнички потребно спасението како и на сите други. Што и да ни обезбедат парите, не можат да ни обезбедат ослободување од смртта. Тоа ослободување доаѓа само како дар, кој Исус бесплатно го понудил на секој што ќе се повика на него со вера. „Исус и рече: ‘Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене – и да умре – ќе живее’“ (Јован 11,25).

**Прочитајте го текстот Лука 19,1-10. Во што оваа сторија се разликува од сторијата за богатиот младич?**

___

___

Захеј му одговорил на Исуса на начин кој, за жал, богатиот млад кнез не го направил. Забележете, Исус не му рекол на Захеј да продаде сè што има и да им подели на сиромашните, како што побарал од богатиот младич. Исус сигурно знаел колку тој богат кнез бил приврзан за своите пари, па затоа и ги побарал од него. Спротивно на тоа, иако не знаеме за што сè се зборувало додека Исус престојувал во неговата куќа, очигледно е дека Захеј бил јасно осведочен од Исуса и знаел дека мора да направи некои промени во својот живот, особено кога станува збор за неговото богатство.

**„Зашто, каква полза ќе има човек ако го придобие целиот свет, а на својата душа и напакости? Или што ќе даде човек во замена за својата душа?“ (Матеј 16,26) Што ни порачува овој стих на сите нас?**

## МИСИЈА ЗА МОЌНИТЕ

Исус знаел како да се спријатели со моќните. Многумина од тие луѓе Му се восхитувале и го почитувале, но во исто време многумина Го презирале. Моќните луѓе од Библијата, кои доаѓале да побараат помош од Исуса, сигурно чувствувале дека Тој се грижи за нив. Од друга страна, многу богати и моќни поединци не веднаш отворено му пристапиле на Исуса, туку чекале додека не се уверат дека Тој навистина е Син Божји. Таков бил случајот и со Никодим и со Јосиф од Ариматеја.

**Прочитајте го текстот Матеј 27,57-60 (видете и: Марко 15,43-47; Лука 23,50-53 и Јован 19,38-42). Што ни кажува тој извештај за тоа како Господ употребил еден богат човек на кој Исус очигледно извршил силно влијание?**

___

До овој момент не сме слушнале ништо за Јосифа од Ариматеја. Одеднаш, речиси од никаде, се појавува овој богат човек и дава свој придонес во исполнувањето на пророштвото. Бог користел и ќе продолжи да ги користи богатите луѓе за своите цели. Затоа и ние мора да имаме мисија насочена, меѓу другото, и кон нив.

Од каде да почнеме? Таа прва фаза е веројатно најтешкиот дел, кога станува збор за создавањето пријателства со моќни луѓе. Главно, подобро е да не се обидувате да им пријдете – тие нека ви пријдат вам. Исус така постапувал. Тие биле сведоци на Неговата порака, на Неговите исцелувања и сила што потекнувале од Бога. Така, избегнувајќи ја јавноста, тие се увериле дека Тој навистина е Син Божји.

Моќните луѓе ќе бараат да се придружат на соодветната служба, и тоа од повеќе причини. Тие сакаат да бидат дел од нешто добро, што им го менува животот на луѓето. Тие се свесни дека тоа е еден од начините на кои може да се промени и нивниот живот. Тоа е добар начин за богатите и моќните да дојдат до помошта што им е потребна без да мора јавно да ја побараат.

Втората фаза е воспоставување на некоја таква, значајна служба на која богатите и моќните ќе сакаат да се придружат, што претставува пат за и тие да станат дел од Божјата мисија. Одвојте малку време за да вложите во животот на богатите и моќните луѓе во вашето општество.

***Предизвик:*** Додадете во вашата дневна молитвена листа некој кој е на моќна позиција, кој не е верник и со кого ќе можете повремено да остварите контакт.

***Дополнителен предизвик:*** Испратете писмо или е-пошта до некој што се наоѓа на моќна позиција – дури и ако тоа е некој што никогаш не сте го сретнале – и кажете ѝ на таа личност дека се молите за него или неа.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја: Елена Г. Вајт, „Служба за богатите“ од книгата *Во потрага по подобар живот*, стр. 209-216 оригинал, и „Заробеното девојче се грижи за Наман“, од книгата *Слични на Христа,* стр. 337 (оригинал).

Исус ги сакал сиромашните исто како и богатите и моќните луѓе на овој свет. Тој умрел за владетелите како и за питачите. Исус знаел кој е најефективниот начин да допре до нивните срца. И нѐ предупредил дека „полесно и е на камилата да помине низ иглени уши, отколку богат да влезе во Божјото Царство!“ (Марко 10,25) Оваа седмица сме ставени пред предизвик да допреме до моќните и богатите поединци за да ги запознаеме со евангелието за Исуса Христа. И ним им е потребно спасението како и на сите други, дури и ако тие, за жал, не го увидуваат тоа, поради „сигурноста“ која, како што веруваат, им ја обезбедува нивното богатство.

„Многу е кажано за нашата должност кон запоставените сиромашни. А зар не треба да посветиме одредено внимание на запоставените богаташи? Многумина гледаат на овој сталеж како безнадежен...Илјадници богати луѓе отишле во гроб без да бидат предупредени. Сепак, колку и да изгледаат рамнодушни, многумина меѓу богатите носат во себе товар за душите“ (Елена Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 210 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Исус ги рушел бариерите на кастите како и класните бариери служејќи им подеднакво и на богатите и на сиромашните за време на Неговата земна служба. Како ние како адвентисти се занимаваме со тоа прашање, со јазот меѓу богатите и сиромашните, кој е толку длабоко вкоренет во секое општество?**

**2. Исус го рекол следново: „А посеаното меѓу трње е оној, кој го слуша словото, но грижите за светов и измамата на богатството го задушуваат словото, и станува неплоден“ (Матеј 13,22). Според вас, што мислел Исус под „измамата на богатството“? Зошто не е неопходно да бидеме богати за да бидеме измамени од богатството?**

**3. Разговарајте во класата за прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за вторник во врска со фактот дека познавањето на вистината не е исто што и спасението со помош на неа. Зошто оваа разлика има толку клучна важност за нас? Ако самото познавање на вистината не може да нѐ спаси, тогаш што може?**

**4. Што друго можеш да наведеш како причина што богатиот млад човек го отфрлил Исуса, додека Захеј го прифатил?**

**Лекција 10**
**2 - 8 декември 2023**

# МИСИЈА ЗА НЕДОСЕГНАТИТЕ - 1 ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 17; 1. Коринќаните 2,2; Римјаните 1,18-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бог, Кој го создаде светот и сè што е во него, како Господар на небото и на земјата, не живее во ракотворни храмови“ (Дела 17,24).**

Опишувајќи го она што Павле го правел во Атина, Лука забележува: „И расправаше со Јудејците во синагогата и со побожните; и секој ден на собиралиштето со оние, кои би се нашле таму“ (Дела 17,17).

Се разбира, на Павле би му било најпријатно да работи меѓу Евреите, кои биле негова крв и тело. Сепак, тој не сакал да се задоволи само со работа меѓу сопствениот народ. Тој бил повикан да ги досегне и другите.

Исто така, тој можел да работи само со „побожните“ незнабожци, чиј поглед на светот веќе претрпел суштинска промена. Тие веќе имале библиски темел на кој Павле можел да се надогради, иако допрва требало да го запознаат Бога спрема кој покажувале „побожност“ – Исус Месија.

Но не. Додека престојувал во Атина, град познат по својата филозофија, Павле настојувал да допре и до луѓето таму. Многумина од нив имале радикално поинакво потекло и светоглед во однос на Евреите и нивната света историја, што го поставило темелот на верата за која Павле сакал да ги поучи Атињаните.

Што правел Павле обидувајќи се да допре до тие луѓе и што можеме да научиме од неговите настојувања?

# ЕВРЕИН ВО АТИНА

**Прочитајте го текстот Дела 17,1-16. Како Павле се нашол во Атина и како реагирал на она што го затекнал таму?**

______________________________________________________________________

Атина била „град полн со идоли“ (Дела 17,16). Бидејќи ја познавал историјата на својот народ и нивната склоност (и покрај бескрајните предупредувања) кон идолопоклонство, Павле сигурно бил вознемирен поради сите тие идоли на коишто наидувал таму. Сепак, тој несомнено бил поттикнат од сочувство спрема Атињаните, кои би умреле во своите гревови ако не дознаат за вистинскиот Бог.

Денес нашите градови се полни со идоли, иако тие се помалку очигледни од оние што ги гледал Павле. И за жал, на многу верници не им пречи да поминат низ некој град без воопшто да реагираат на неговите идоли. Павле, меѓутоа, бил доволно осетлив за дејствувањето на Светиот Дух и затоа реагирал подготвено. За разлика од некои други верници, кои сè уште не сфатиле дека евангелието е наменето за целиот свет, Павле бил свесен дека Бог сака и Атињаните да бидат спасени заедно со сите други. Тој го сфатил концептот на глобална мисија – дека евангелието треба да им се однесе и на оние кои се целосно недостижни, вклучувајќи ги и паганите кои се поклонуваат на идоли и филозофите со кои улиците на Атина биле полни.

Затоа Павле често го посетувал пазарот, каде што можел да ги сретне тие луѓе. Дури може да се каже дека тој го основал првиот Центар за проучување на глобалната мисија, користејќи го пазарот за проучување и испробување методи со кои би можело да се допре до срцата и умовите на тие незнабошци.

Павле знаел дека не може да им пристапи на Атињаните на ист начин како што им пристапувал на Евреите, па дури и на богобојазливите незнабошци. Тоа биле луѓе чија почетна точка не бил израелскиот Бог ниту Неговите дела меѓу израелскиот народ. Колку и да биле овие сфаќања и верувања од суштинска важност за Евреите и за богобојазливите незнабошци, тие не значеле ништо за луѓето што Павле ги сретнувал на атинскиот пазар. Затоа му бил потребен сосема нов пристап.

Ние денес често се обидуваме да допреме до луѓето чие духовно потекло нема ништо заедничко со она што се нарекува „јудео-христијанство“. Затоа и ние, како Павле, мораме да се адаптираме. Пристапот што би можел да биде успешен, на пример, во Буенос Аирес, веројатно би бил целосно бескорисен во Бангкок.

**Какви идоли обожаваат луѓето во вашето општество и како можете да им ги отворите очите за да ја согледаат нивната безвредност?**

## ПАВЛЕ НА АРЕОПАГ

Каде и да се наоѓал, Павле, според Божјиот налог, го проповедал евангелието. И токму тоа имал намера да го направи во Атина.

**Прочитајте го текстот Дела 17,18-21. На кои различни начини паганците на пазарот реагирале на Павловото говорење и испрашување?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Павле со своите „нови богови“ очигледно оставил одреден впечаток кај луѓето од пазарот (Дела 17,18), па го однеле на Ареопаг, дел од градот каде што се решавале правните и верските прашања, иако не делува како Павле таму да се соочил со некаква правна постапка и судење. Може да се каже дека Атињаните само сакале да го слушнат него и неговото „ново учење“ (Дела 17,19). Тешко било да се игнорира човек со елоквентност, страст и интелигенција како Павле, дури и ако тој се залагал за идеи што им изгледале многу чудно на тие луѓе.

Во стихот Дела 17,21 се вели дека Атињаните не правеле ништо друго освен што слушале и разменувале најнови идеи. Дали Лука ги обвинил дека се мрзеливи? Најверојатно не. Сигурно сакал само да истакне дека тие се одлични мислители и дебатери. На крајот на краиштата, Грците создале луѓе како што биле Сократ, Платон и Аристотел, филозофи чие влијание се протега до нашите денови. Со векови Атина се сметала за центар на интелектуалната и филозофската мисла. Иако тие генерално не биле атеисти, секако не во смислата во која денес го разбираме атеизмот, многу од нивните филозофски идеи радикално се разликувале од христијанското учење. Тешко е, на пример, во филозофијата на епикурејците и стоиците да се најде место за некој како воскреснатиот Месија.

Павле очекувал дека, во Атина, Светиот Дух ќе може да го употреби неговото знаење и говорнички вештини, кои ги стекнал додека бил поучуван од Гамалеил. Но она што Светиот Дух можел уште подобро да го употреби, всушност биле сознанијата до кои дошол на улиците на Атина. „Слушајќи го неговото излагање, се восхитувале и најмудрите меѓу неговите слушатели. Тој покажал дека му се познати нивните уметнички достигања, книжевноста и религијата“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 237 оригинал).

**По тоа искуство со незнабошците и филозофите во Атина, Павле им напишал на Коринќаните: „Решив да не знам меѓу вас ништо друго, освен Исуса Христа, и тоа Распнатиот“ (1. Коринќаните 2,2). Каква поука се крие тука за нас во врска со централната улога што Христос мора да ја има во нашата порака, без оглед на кого му проповедаме?**

## ПАВЛЕ И НЕПОЗНАТИОТ БОГ

Забележете дека Павле не ја омаловажува лажната религија и лажните богови на Атињаните. Тој го избира сето добро што можело да се најде и, колку и да било малку, го користи тоа.

**Прочитајте го текстот Дела 17,22.23. Што прави Павле тука во обидот да допре до тие луѓе со евангелието?**

______________________________________________________________

„Луѓе Атињани! Гледам по сѐ дека сте многу побожни“ (Дела 17,22). Павле им оддава признание на незнабошците! Нивната религија била погрешна во секој поглед, но Павле сепак ја пофалил нивната приврзаност на верата.

Потоа тој продолжува: „Имено, минувајќи и набљудувајќи ги вашите светилишта...“ (Дела 17,23) Повикувајќи се на сопственото проучување на религијата на Атињаните, Павле зазема став на почит кон тој народ. Не брза да се наметне како некаков самонаречен стручњак, кој ги има сите одговори за тоа како би требало да се промени народот. Но, реално, тој бил стручњак и, реално, ги имал одговорите што му биле потребни на тој народ! Сепак, тој не се претставил така, бидејќи во спротивно веднаш ќе бил отфрлен. А вака гледале на него како на некој што се грижи за нив и им го посакува најдоброто.

Коментирајќи го натписот „ДО НЕПОЗНАТИОТ БОГ“ (Дела 17,23), Павле го користи она што може да се смета за заедничка основа. Атињаните верувале во бог (всушност, повеќе од еден), што било одличен почеток (во споредба со оние кои воопшто не верувале) и можело да го отвори патот за подлабоки разговори. Павле не се потсмевал на идејата да му подигне олтар на непознат бог. Напротив, тој го ценел тоа и им се восхитувал на луѓето кои доволно се грижеле за духовните работи за да се впуштат во напор и трошок за да обожаваат нешто за кое ништо не знаеле, едноставно во случај нешто да пропуштиле.

Дали биле во заблуда? Се разбира, но тоа можело да се реши. За почеток важно било тоа што тие биле верни во она што го разбирале. Според мислењето на Павле, тоа бил материјал со кој Светиот Дух можел да работи.

Павле нашол тема на разговор што го разбудила нивното интересирање.

**На кои мостови и допирни точки можете да се сетите а кои би создале можности за подлабок разговор со оние со кои доаѓате во допир?**

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЕДЕН НОВ БОГ

Сега, кога го привлекол вниманието на мислителите во Атина, Павле ги упатил своите слушатели кон небесниот Бог.

**Прочитајте го текстот Дела 17,24-27. Каков пристап користи Павле тука во обидот да допре до овие луѓе?**

___

На оние кои доволно се грижеле за духовните работи, што дури изградиле и олтар на непознат бог, Павловите зборови звучеле интригантно – за Бога Создателот кој не живее во храм и не му треба ништо од луѓето, туку, напротив, Тој е тој што ги задоволува човековите потреби. За култура потоната во грчката митологија, според која боговите се непредвидливи, егоцентрични и сурови, идејата за Бог, каков што го опишал Павле, била чудесно примамлива. И така луѓето од Ареопаг ги направиле своите први бебешки чекори кон Бог кој е полн со љубов.

Факт е дека тој Бог, кој им бил непознат, можел да се запознае! Навистина, Тој дури и сакал да им биде познат.

Павле на Ареопаг веројатно рекол повеќе отколку тие неколку зборови што Лука ги претставил во оваа сторија. Се чини разумно што, поради просторот, Лука едноставно го сумирал говорот на Павле. Ако ова е точно, тогаш секој од концептите за кои читавме досега веројатно Павле подетално го објаснил. Затоа, ќе го разложиме говорот на Павле на тие посебни концепти:

1. Павле прво ја пофалува нивната моментална духовна освестеност и искреност.
2. Потоа покажува дека го проучувал нивното верување и дека, во она што го дознал, нашол нешто што го цени.
3. Потоа им кажува за една подробност за која, проучувајќи ја нивната религија, дознал дека тие се свесни дека не ја разбираат.
4. Потоа тој им открива еден аспект од Божјата личност за кој знаел дека очајно им е потребен, а тоа е фактот дека Бог постои, дека ги сака и дека не е далеку од нив.
5. Конечно, на крајот од својот говор, Павле ги предупредува што значи да се отфрли спознанието за тој Бог кого тие сè уште не го познаваат.

Павле ги одвел најдалеку што можел, врз основа на она што го знаел за нивните верувања. И ако успеал да ги донесе дотаму, тоа бил добар напредок.

**Забележете дека Павле се повикува на создадениот свет и на Бога како Творец (видете и Римјаните 1,18-25). Зошто овој пристап е толку добар, барем на почетокот, за повеќето луѓе? Што е тоа во создадениот свет што толку силно упатува на Бога?**

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА

**Прочитајте Дела 17,24-34. Како Павле го продолжува своето сведочење?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Интересно е да се забележи дека Павле дури и цитира некои од нивните поети кои, пишувајќи за нешто сосема блиску до библиската вистина, му отвориле можност да ги води своите слушатели понатаму. Со други зборови, тој го користи своето познавање на нивните верувања за да најде заеднички јазик со нив, а потоа да може да ги води понатаму. Несомнено е дека, во настојувањето да се допре до другите, познавањето на нивните верувања и барањето заеднички основи претставува моќен метод за да се досегнат тие луѓе.

Забележете, исто така, дека Павле ја користи таа заедничка основа за да ги одведе таму каде што сакал — до воскресението на Исус и надежта што тоа им ја дава на сите нив. Потоа Лука ги опишува реакциите на завршните зборови на Павле во врска со воскресението. Некои се потсмевале на таа идеја, други рекле дека би сакале повторно да слушаат за тоа, а некои поверувале. Она што е клучно за нас во оваа приказна е што *сите тие навистина го ислушале*. И токму на ова Павле се надевал уште од самиот почеток.

Знаеме дека некои луѓе ќе го отфрлат Евангелието, но ние мораме да направиме сѐ што е можно за, пред тоа да се случи, тие јасно да разберат што отфрлаат. Преку неговиот метод на работа меѓу Атињаните и стратешката употреба на она што го дознал и научил за нив, Павле се погрижил оние што биле со отворен ум да слушнат дека постои Бог што тие не го познаваат, а кој ги создал. Тој Бог ги сака и сака да Го запознаат. Бил милостив кон нив и покрај нивното незнаење. Но, Судниот ден бил пред нив. А ако сето тоа им звучело премногу неверојатно, Христовото воскресение им давало непобитен, проверлив доказ.

Сега, кога овие луѓе навистина ја слушнале и ја разбрале пораката, морале сами да одлучат дали веднаш ќе ја отфрлат или ќе продолжат да истражуваат. Некои навистина решиле да го проучат тоа понатаму и станале Исусови следбеници (Дела 17,34).

***Предизвик:*** Во молитва барајте посебно водство од Бога за да знаете како најдобро да му сведочите на некој што го познавате.

***Дополнителен предизвик:*** Истражете ги социјалните мрежи како можен „Ареопаг“ за претставување на Евангелието на неверниците – со Павловата јасност и тактичност.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Една од основните идеи што можеме да ги извлечеме од сторијата за Павловото искуство на Ареопаг е неговото проучување на теренот за тоа како да се пристапи до недосегнатата група неверници, што резултираше со основање на мала група верници во Атина.

„Зборовите на апостолот и описот на неговиот став и на сè што го опкружувало, перото на вдахновението го сочувало за сите идни поколенија како сведоштво за неговата непоколеблива вера и храброст во осаменоста и во неволјата, и за победата што ја извојувал за христијанството во срцето на паганството.

Зборовите на Павле содржат вистинска ризница на знаење за црквата. Тој се наоѓал во околности кога лесно можел да каже нешто што би ги налутило и предизвикало неговите горделиви слушатели и самиот него би го довеле во тешка положба. Кога неговиот говор би претставувал непосреден напад на нивните богови и на видните луѓе, тој би бил во опасност да ја доживее судбината на Сократа. Но со тактичност која се раѓа од божествената љубов, тој нивните мисли внимателно ги оддалечил од незнабожечките божества, откривајќи им го вистинскиот Бог кој за нив бил непознат“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 240, 241 ориг.).

Со воспоставување директен контакт со луѓето, проучување на нивната култура и религија и покажување почит кон нивната приврзаност кон духовните работи, Павле постигнал нешто значајно во Атина – нешто што станало ризница на знаење за црквата. *Тој избегнувал да ги раздразнува своите слушатели*. А тоа, само по себе, било големо достигнување вдахновено од Бога. Според Елена Вајт, тоа е ризница на знаење на кое ние, како црква, треба да обрнеме внимание во оваа сторија.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Земајќи ја како пример сторијата за делото на Павле во Атина, кој е првиот чекор што треба да го направи секој што започнува нов евангелски проект во некој град?**

**2. Какво однесување му треба на христијанинот за да може да изгради мостови со луѓето во градот (а искрено речено, и на кое било друго место) кои не го познаваат Бога?**

**3. Кога сме испровоцирани од современи видови идоли, што треба да избегнуваме, особено на почетокот, кога започнуваме ново дело меѓу луѓето кои ги обожаваат овие идоли?**

**4. Павле можел да запре откако ги запознал тие луѓе со вистината за Бога кој ги сака, и тие ќе биле сосема задоволни. Но, потоа ја преминал границата спомнувајќи го воскресението, што ги натерало тие луѓе да помислат дека тој е во тешка заблуда. Дали требало да го направи тоа? Зода а зошто не?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 11**
**9 - 15 декември 2023**

# МИСИЈА ЗА НЕДОСЕГНАТИТЕ: 2 ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Царевите 11,1-6; Матеј 4,23-25; Матеј 15,22-28; Марко 7,24-30; Дела 10,34.35; Матеј 8,10.13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш Исус одговори и рече: ‘О, жено, голема е твојата вера; нека ти биде по желбата твоја!’ И во тој час оздраве ќерката нејзина“ (Матеј 15,28).**

Бог на љубовта ги барал своите изгубени деца Од самиот почеток (1. Мојсеева 3,9), и до ден-денес, истиот Бог, кој е полн со љубов, се обидува да допре до изгубените (видете Откровение 14,6-12), вклучувајќи ги и изгубените кои живеат во градовите. Во 2018 година Обединетите нации ги објавија своите најнови откритија, кои зборуваат дека 55 отсто од населението на планетата живеат во урбани средини и дека тоа ќе се зголемува (ако потрае времето) на 68 отсто до 2050 година. Значи, немаме избор – мораме да им сведочиме на оние што живеат во градовите.

Сепак, многу припадници на Божјиот народ, кога се повикани да сведочат во некој град, се однесуваат како Јона – бараат каква било причина за да избегаат од таа задача. „А сè што беше порано напишано, за наша поука беше напишано, та преку трпението и преку утехата од Писмата да имаме надеж“ (Римјаните 15,4). И ова важи и за она што е напишано за Јона.

Додека бил на овој свет, Исус им служел не само на жителите на градовите во Израел, туку и во туѓите краишта, на оние кои не му припаѓале на еврејскиот избран народ.

Оваа седмица ќе го проучуваме библискиот извештај за Христовата мисија во Тир и Сидон, за да извлечеме поуки кои можеме да ги примениме во нашиот живот денес.

## МИСИЈА ЗА ОДДАЛЕЧЕНИТЕ КРАИШТА

Читаме дека Исус ги повел своите ученици од Генисарет (Матеј 14,34) и „отишол во областите на Тир и Сидон“ (Матеј 15,21). Зошто ги однел од Галилеја во тие пагански краишта? Тој ги одвел своите ученици на тоа патување во туѓи предели, за таму, на самото место, да научат нешто што не можеле толку лесно да го научат во Галилеја. Тој сакал да ги научи своите ученици нешто што ќе им помогне да се подготват за нивниот повик да допрат до сите луѓе, вклучувајќи ги и жителите на урбаните средини.

**Прочитајте ги следните текстови: Судии 3,1-6; 1. Царевите 5,1-12 и 1. Царевите 11,1-6. Како овие текстови ни помагаат да разбереме нешто за минатото на тие градови?**

______________________________________________________________

Врз основа на текстот Судии 3,1-6, гледаме дека Бог ги користел тие древни народи за да ја испита верата на Израелците. За жал, Божјиот народ паднал и на тој тест, барем во овој случај: „И ги земаа ќерките нивни за жени, и им ги даваа ќерките свои на синовите нивни, и им служеа на нивните богови“ (Судии 3,6). Значи, тие народи од самиот почеток биле камен на сопнување за Израел.

Во текстот 1. Царевите 5,1-11 гледаме дека постоел близок однос меѓу Сидонците и Евреите. Иако, на одредено ниво, нивната економска поврзаност била заемно корисна, несомнено е дека Евреите паднаа под негативното влијание на паганството и идолопоклонството на своите трговски партнери.

Текстот 1. Царевите 11,1-6 открива колку тоа влијание на крајот станало негативно – царот Соломон се женел со сидонските принцези, кои го одвеле во погрешна насока. „И Соломон почна да и служи на Аштарта сидонската богинка, и на Милком, одвратен амонски бог“ (1. Царевите 11,5).

Но, и покрај таа историја на паганство и идолопоклонство, и негативното влијание што тие го вршеле врз избраниот народ, Исус сепак ги одвел своите ученици во тие места. Спротивставувајќи се на нивната пристрасност и нетрпеливост, тој ги вовел во една меѓукултурна урбана мисија. И на тој начин, тој поставил модел за своите следбеници на холистичка (сеопфатна) урбана мисија насочена кон сите култури и националности.

Адвентистичкиот мисионер во урбаните средини се соочува со многу предизвици, меѓу кои се и грижа за здравјето и за животната средина. Некои други предизвици вклучуваат високи трошоци за живот, расизам, нетрпеливост, национализам и ограничувања на верската слобода и изразување. Но и покрај тие пречки, ние мора да работиме на евангелизирање на градовите.

**Што можете да преземете за да им помогнете на оние што се вклучени во служба за градовите?**

## ВО ПОТРАГА ПО МНОШТВОТО

И покрај предизвиците, надворешни и внатрешни, Исус милостиво нè повикува во својата мисија за градовите.

**Прочитајте го текстот Матеј 9,35-38. Што нè учи ова за мисијата за мноштвото, каде и да се наоѓа тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус бил трогнат од сочувство кон мноштвото што живее во градовите. Текстот Лука 19,41 опишува како Исус плачел над Ерусалим. Ние не сме во состојба да ја сфатиме длабочината на Исусовата љубов кон Неговите деца, дури и кон „безличните маси“ кои живеат во градовите. Затоа Тој ни кажува во текстот Матеј 9,38 да се молиме нашите срца и нашите побуди да бидат како Неговите.

**Прочитајте го текстот Матеј 4,23-25. Кога Исус ја започнал својата служба, од кои географски локации дошле луѓето?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во стихот Матеј 4,25 читаме дека мноштвото што го следело Исуса доаѓало од Галилеја, од десетте градови-држави на Декаполис од исток, од Ерусалим и од Јудеја на југ. Освен Самарија, кој друг регион недостасувал? Крајбрежниот регион Тир и Сидон, како и дел од Феникија долж Средоземното Море и северозападно од Галилеја. Сега гледаме зошто Исус отишол токму во таа област! Тоа патување во регионот на Тир и Сидон било едно од Исусовите меѓукултурни мисионски патувања.

„По судирот со фарисеите, Исус се повлекол од Капернаум и, поминувајќи низ Галилеја, се упатил во планинскиот предел на границите на Феникија. Гледајќи кон запад, можел да види како во долината се рашириле старите градови Тир и Сидон со своите многубожечки храмови, со величествени палати, со трговски центри и со пристаништа полни со бродови“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр . 399 оригинал).

**Како можеме да им помогнеме на луѓето да увидат колку се нивните „величествени палати и трговски центри“, сами по себе, бескорисни, и да станат свесни зошто им е потребен Исус?**

## ВО ТИР И СИДОН

Изучувачите на Библијата веруваат дека Евангелието според Матеј било напишано посебно за еврејската публика, а дека Марко пишувал првенствено за оние што не биле Евреи. Корисно е да се има на ум оваа разлика додека ги проучуваме Евангелијата.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 15,22-28 и Марко 7,24-30. Кои разлики ги забележувате во тоа како е опишана оваа жена?**

____________________________________________________________

Забележете дека Матеј ја опишува оваа мајка укажувајќи на нејзината националност – како Хананејка. Од друга страна, Марко бил воден од Светиот Дух да користи дополнителни изрази, и таа мајка да ја опишува како „Гркинка“ или „незнабошка“, по што дава и дополнителни информации дека таа е „по потекло Сирофеничанка“, односно „Сиријка од Феникија“, што претставува единствен пат каде што тој израз се користи во Библијата.

Размислете како таа сторија од 15. глава на Евангелието според Матеј би влијаела на неговата примарна целна публика, со оглед на нивното потекло и поглед на светот. Публиката на Матеј би ја сметала таа мајка како презрена незнабошка. Тоа произлегувало од историското искуство на еврејскиот народ со Хананците како народ што обожава идоли, чиј расипан начин на живот и обичаи долго време биле камен на сопнување за нив самите. Дури ни Христовите ученици не сметале дека оваа жена може да има вера и да биде дел од Божјето царство!

Меѓутоа, незнабожечката публика на Марко би реагирала на поинаков начин. Незнабошците го немале истото искуство со Хананците како Евреите. Напротив, паганите можеле да се поистоветат со таа жена која била „Елинка, родум Сирофеничанка“. Според тоа, во таа пригода Исус исцелил некој од нивните! Незнабошците би гледале на таа жена како на самопожртвувана мајка која, загрижена за судбината на својата ќерка, сакала Учителот да ја излечи. Не би обрнувале внимание на етничкото и националното потекло на таа мајка.

„Христос не одговорил веднаш на молбата на жената. Тој ја прифатил оваа претставничка на презрениот род на начин како што би го сториле тоа Евреите. Со ова имал намера да им покаже на учениците со какво студенило и бездушност би се однесувале Евреите во таков случај, што го покажал со својот прием на оваа жена, како и сожаливото постапување што Тој сакал да го покажат во таква несреќа, а што го открил со своето подоцнежно примање на нејзината молба“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 400 оригинал).

**Прочитајте го стихот 1. Јованово 2,2. Како тој текст нè потсетува дека сите сме еднакви пред Бога?**

# „ОТПУШТИ ЈА!“

Во недосегнатите предели околу градовите, има многу души кои копнеат по надеж. Што го спречувало Божјиот народ во Христово време да ја однесе месијанската надеж во странските градови како Тир и Сидон? Национализмот, гордоста и предрасудите го заслепиле Божјиот народ и го спречиле да видат како најблиските копнеат по надежта што ја даваат пророштвата за Првото доаѓање. Денес во градовите има многу категории жители со кои Исус Христос би сакал Неговиот народ да ја сподели „блажената надеж“ во врска со Второто доаѓање (Тит 2,13). И како што Исус не гледал на тоа од која националност или раса се луѓето, така и ние не треба да обрнуваме внимание на тоа.

**Прочитајте Дела 10,9-16.28.34.35. Како би ја сумирале поуката што Светиот Дух ја изнесува тука?**

___________________________________________________________

Додека го чекал оброкот, Петар добил визија на сад во вид на платно, полн со птици и нечисти животни. Три пати во таа визија му било кажано да стане и да јаде. Бог ја употребил таа визија за да се спротивстави на религиозната гордост и фанатизмот на Петар кон незнабошците. На крајот тој ја разбрал оваа вистина: „Тогаш Петар ја отвори устата и рече: ‘Навистина сфаќам дека Бог не гледа на лице; туку, напротив, Нему му е мил во секој народ оној кој има страхопочит кон Него и постапува праведно’“ (Дела 10,34,35).

Имајќи го на ум тој настан, да размислиме за поуките од нашата сторија за случувањата во Тир и Сидон. Да го погледнеме повторно Исуса и Неговиот однос кон таа мајка која дошла да моли за помош. Кои поуки ги добиле учениците на тоа патување, а кои се поврзани и со видението на Петар? Како можеме да го примениме ова во нашиот живот денес и на Христовиот повик за последното време во врска со мисијата во градовите? Кои предрасуди нè спречуваат да ги согледаме потребите на жителите во урбаните средини? Какви сè можности ни дава Бог во градовите – за да го прошириме нашето разбирање за мисијата и да се соочиме со сопствената нетрпеливост, национализам и духовна гордост?

Исус трпеливо ги поучувал своите ученици, кои сè уште не разбирале целосно дека Божјиот голем план на спасение се однесува на целиот човечки род, а не само на еден народ или на некоја рурална етничка група. Светиот Дух може да ни помогне да ја надминеме нашата пристрасност и предрасудите за да ја довршиме мисијата во градовите.

**Прочитајте го текстот Галатјаните 2,11-13. Што можеме да научиме од ова, кога станува збор за тоа колку може да биде тешко ослободувањето од предрасудите на кои сме изложени уште од детството?**

## ВЕРА НА ЗЕМЈАТА?

Во Лука 18,8, Исус, на крајот од една од своите параболи, го поставува следново прашање: „Но, кога ќе дојде Синот Човечки, дали ќе најде вера на земјата?“ Како Христови ученици во денешно време, ние мора внимателно да размислиме што Исус бара. Врз основа на таа сторија, гледаме дека Исус бара вера која блеска дури и во темнина.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 8,10.13; Матеј 9,2; Матеј 20,29-34; Марко 2,5; Марко 10,46-52; Лука 18,35-43. За кого во овие текстови Исус вели дека има вера?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

На тој список се луѓе чија вера блескала дури и во мрачните градови. Во Капернаум, Исус укажува на неколку луѓе кои имале вера. Во текстот Матеј 8,10.13 гледаме преобратен пагански командант чија вера била голема. Потоа се запознаваме со четворицата верни луѓе кои го пробиле покривот за да го доведат својот парализиран пријател кај Исуса (Матеј 9,2; Марко 2,5). Во текстот Марко 10, се среќаваме со некогаш слепиот Вартимеј, чија вера блескала во Ерихон.

Во исто време, би очекувале да се покаже голема вера и меѓу Божјиот народ. Меѓутоа, дури и во родниот град на Исус, Назарет, слабата вера, па дури и отвореното неверство станале ограничувачки фактор за Неговата служба. Во присуство на своите ученици, Исус постојано ги нарекувал Израелците маловерни (Матеј 6,30; Матеј 8,26; Матеј 14,31; Матеј 16,8). А во текстот Матеј 17,17 Тој извикува: „О, неверен и развратен роде!“

Една важна поука која можеме да ја примениме во денешно време е дека верата може да се најде на неочекувани места – во градовите, меѓу странците, паганите и луѓето од различни вери. Со чувство на понизност, и ние мораме да одиме во градовите како што го правел тоа Исус, барајќи ги оние кои, кога ќе им се укаже на вистината, ќе одговорат со спасоносна вера во Исуса. А навистина има такви луѓе на тие места.

***Предизвик:*** Отворете го своето срце во молитва за да примите поголем дел на вера, преку кој ќе ја споделувате вашата љубов со оние кои се близу и кои се далеку.

**Дополнителен предизвик:** Како вие сте се запознале со Исуса и со драгоцените пораки на тројцата ангели? Наведете три духовни благослови што сте ги примиле од Исуса во својот живот. Подгответе се да го споделите тоа со вашата саботношколска класа.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Меѓу оние што Евреите ги сметале за незнабошци имало луѓе што подобро ги разбирале библиските пророштва за Месија отколку учителите во Израел. Имало такви кои се надевале дека Тој ќе дојде како ослободител од гревот. Филозофите се обидувале да проникнат во тајната на еврејскиот начин на живеење. Меѓутоа, фанатизмот на Евреите го спречувал ширењето на светлината“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 33 оригинал).

„Господ Исус, моќниот Спасител, умрел за тие души. Тој може да ги тргне од нивната рамнодушност, да ја разбуди нивната наклоност, да ги омекне нивните срца, да им ја открие на нивната душа убавината и моќта на вистината. Врховниот работник е Бог а не смртен човек, а сепак Тој ги повикува луѓето да бидат посредници преку кои ќе им донесе светлина на оние кои се во темнина. Бог има свои бесценети камења во сите цркви, и не е наше да изнесуваме некаква сеопфатна критика на таканаречениот религиозен свет, туку на сите со понизност и љубов да им ја претставиме вистината каква што е во Исуса. Луѓето нека ги видат побожноста и посветеноста, нека ја видат сличноста со Христовиот карактерот и ќе бидат привлечени од вистината... Тие треба да го издигнуваат Исуса, Искупителот на светот, треба да се држат до Речта на животот“ (Ellen G. White, *The Advent Review and Sabbath Herald,* January 17, 1893).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои непосредни потреби постојат во областите во коишто живеете, а кои би можеле да ви дадат можност вам и на вашата црква да допрете до душите кои не ја познаваат вистината којашто ние ја знаеме?**
2. **Погледнете ги наведените зборови на Елена Г. Вајт во врска со припадниците на другите вери: „Бог има свои бесценети камења во сите цркви, и не е наше да изнесуваме некаква сеопфатна критика на таканаречениот религиозен свет“. Со други зборови, како да им укажеме на луѓето патот по кој одат е погрешен, а едновремено да не ги оцрниме тие луѓе лично?**
3. **„Но, кога ќе дојде Синот Човечки, ќе најде ли вера на земјата?“ (Лука 18,8). Што сакал да каже Исус кога го поставил тоа реторичко прашање? Која е разликата меѓу верата и верувањето? Зошто може да им се случи и на луѓето кои имаат правилно верување, кога Христос ќе се врати, да ги најде без вера?**

**Лекција 12**
**Од 16 до 22 декември 2023**

# ЕСТИРА И МАРДОХЕЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 1,1-12; Даниел 6,1-9; Естира 2,1-10,20; Естира 3,1-15; Естира 4,1-14; Естира 9,1-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ќе те поставам за светлина на народите, за да го донесеш Моето спасение до крајот на земјата“ (Исаија 49,6).**

Еден од најинспиративните извештаи во Библијата, извештај за „меѓукултурна служба“, се наоѓа во Книгата за Естира. Многу е напишано за таа книга во текот на повеќе од илјада години, а многу Евреи до ден-денес го слават празникот Пурим, врз основа на текстот Естира 9,26-31.

Естира и нејзиниот роднина Мардохеј биле Евреи кои живееле во главниот град на Персиското царство, Сусан (Суза или Шуша). За разлика од другите Евреи кои се вратиле во Јудеја, поради некоја причина тие, заедно со некои други, останале во земјата на нивното заробеништво.

И тогаш, како резултат на необични настани, Естира станала царица. „Царот ја заљуби Естира повеќе од сите други жени; таа му омиле повеќе од сите други девици и таа ја придоби неговата наклонетост. И тој го стави царскиот венец на нејзината глава, па таа стана царица место Астина“ (Естира 2,17).

Токму во оваа улога Естира, иако малку неволно, успеала да одигра голема улога во библиската историја. Оваа сторија на единствен начин покажува како Божјиот народ, дури и во туѓо опкружување, може да сведочи за вистината.

Ако времето дозволува, прочитајте ја (или барем разгледајте ја) Книгата за Естира како дел од проучувањето за оваа седмица.

# ЗАТВОРЕНИК ВО ТУЃА КУЛТУРА

Никогаш не е лесно да се биде прогонет во туѓа култура. Можеби ни е тешко денес да разбереме со што се соочувале Евреите, прво под Вавилонците, а потоа и под Персијците.

Малкумина од нас живеат, на пример, во некоја адвентистичка земја каде што принципите на нашата вера се, во голема мера, закони и на државата. Меѓутоа, еврејскиот народ, пред прогонството, живеел во својата татковина, каде што принципите на неговата вера биле во согласност со законите на државата.

Замислете колку, во извесна смисла, тоа би требало да им олесни на луѓето да му бидат верни на Бога. На крајот на краиштата, колку би било полесно да се празнува седмиот ден, сабота, кога тоа би било составен дел на законските прописи на земјата?

Од друга страна, светата историја ни покажува дека, без оглед на законските одредби во земјата, дури и да се поволни за верата, верноста мора да потекнува од срцето, однатре, во спротивно сигурно ќе следи ширење на гревот, отпадништвото и уништувањето.

„Господ рече: ‘Бидејќи овој народ Ми пристапува само со устата, и Ме почитува само со усните, а срцето му е далеку од Мене, и неговото почитување научено од човечки одредби’“ (Исаија 29,13).

Наспроти ова, оние кои цврсто решиле да останат верни, ниту најнеповолната средина не може да ги одврати од тоа.

**Прочитајте ги текстовите: Даниел 1,1-12; Даниел 3,1-12 и Даниел 6,1-9. Колку и да е единствена секоја од овие ситуации, што ни откриваат овие извештаи за предизвиците со кои може да се соочи Божјиот народ кога живее во туѓа култура?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сепак, кои и да сме и каде и да живееме, се наоѓаме во средина која донекаде, поради самите закони или културата, или и двете, може да претставува голем предизвик за нашата вера и сведочење. Тие извештаи од Книгата на пророкот Даниел, иако секогаш завршуваат „среќно“, покажуваат дека и во тешки околности луѓето можат да му останат верни на Бога. Дури и ако ниту еден од тие извештаи не завршил добро, несомнено е дека овие луѓе сепак постапиле правилно.

**Со какви предизвици за вашата вера се соочувате во вашата сопствена култура? Како одговарате на нив?**

## ВО ТУЃА ЗЕМЈА

На крајот, по падот на Вавилон и подемот на Медо-Персија, многу Евреи се вратиле во земјата на своите предци. Но, не сите. Некои останале таму каде што живееле една генерација или повеќе.

Имајќи го тоа на ум, добиваме дел од контекстот на сторијата за Естира. „Во тоа време, кога царот Ксеркс седеше на својот царски престол што е во престолнината Суза“ (Естира 1,2). Овде се одвива овој библиски наратив, во Персиската империја и под тој цар.

Во првата глава, царицата Астина паѓа во немилост кај царот, што го наведува да бара друга царица која ќе ја замени. Токму во тој контекст за првпат се појавуваат Естира и нејзиниот роднина Мардохеј.

**Прочитајте го текстот Естира 2,1-9. Што ни кажуваат овие стихови за ситуацијата во која се наоѓале Мардохеј и Естира?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Изгледа дека Мардохеј, како царски службеник, седел пред портата на палатата и живеел во градот Сусан со својата посвоена ќерка, или роднина Естира. Поради нивната положба и местото каде што живееле, тие едноставно биле потонати во персиската култура. Тоа мора да било барем една од причините зошто Естира била избрана да му биде претставена на царот: „Кога беше објавена заповедта на царот и указот негов, и откога беа собрани многу девојки во престолнината Суза под надзор на Хегај, тогаш беше земена и Естира во царскиот дом под надзор на Хеге, чуварот на жените“ (Естира 2,8).

**Прочитајте го текстот Естира 2,10.20. Што се случува тука и зошто Мардохеј ѝ го заповедал тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Иако текстот не кажува зошто, не е тешко да се погоди. Како придојдени во туѓа култура која, како што ќе видиме, може да стане непријателска, тие мудро молчеле за своето семејство и народ.

**Можете ли да замислите некои околности под кои би било мудро да не се изјаснуваме по прашање на нашата вера? Или тоа е нешто што никогаш не би требало да го криеме? Ако не, зошто?**

## ВЕРНОТО СВЕДОЧЕЊЕ НА МАРДОХЕЈ

Бидејќи живееле во туѓина, Мардохеј и Естира, ако му останат верни на Бога, порано или подоцна, би можеле да западнат во неволја. Тоа, секако, се случило со Мардохеј.

**Прочитајте го текстот Естира 3,1-15. Што се случило тука и зошто?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Во третата глава од Книгата за Естира, дознаваме дека царот Ксеркс (Асвир) му укажал чест на Аман и го поставил на висока положба, што му давало голема моќ. На сите им било кажано дека мора да се поклонуваат пред Аман. Но, како што читаме: „Мардохеј не му се поклонуваше и не паѓаше на колена“ (Естира 3,2). Библијата не кажува зошто Мардохеј не сакал да клекне пред овој човек. Но ние знаеме зошто. Тој бил верен Евреин. Мардохеј не сакал да му се поклони на потомок на Агагеј, Амалик, непријателот на неговиот народ откако го напуштиле Египет (5. Мојсеева 25,19). Како можел верен Евреин да клекне пред Амалик? Или, кога сме кај тоа, да обожава некој друг освен Господа?

„Царевите службеници кои се наоѓаа при царската врата, му рекоа на Мардохеј: ‘Зошто ја престапуваш царевата заповед?’“ (Естира 3,3) Иако не ги знаеме сите подробности од неговиот одговор, следниот стих ни кажува дека „им рече (Мардохеј) дека е Евреин“ (Естира 3,4). Сигурно, во рамки на тој одговор, Мардохеј имал можност да им објасни дека, како оној што го обожава Бога кој ги создал небото и земјата, не може да се поклони пред ниту еден грешен човек. Несомнено е дека Мардохеј во извесна мера успеал да им сведочи за својата вера, вера за која се држел толку цврсто што се довел во опасност и себеси, а за жал и другите.

„Преку Даниел и неговите другари... блескала јасна светлина среде моралната темнина на вавилонскиот царски двор“ (Ellen G. White, *Advent Review and Sabbath Herald,* May 13, 1884).

Сакајќи да го уништи еврејскиот народ, Аман ги опишал на следниов начин: „Има еден народ, распрснат меѓу народите по сите краишта на твоето царство; законите нивни се разликуваат од законите на сите народи, и царските закони тие не ги исполнуваат; па не треба царот така и да ги остави“ (Естира 3,8). Народ чии обичаи се различни и кој не е послушен на царските закони? Совршен рецепт за прогонство.

**На кои сè начини, дури и сега, можеме да бидеме тестирани слично како Мардохеј? Како треба да изреагираме?**

## „ЗА ВАКВО ВРЕМЕ“

**Прочитајте го текстот Естира 4,1-14. Зошто се сметало за соодветно Естира во тој момент да се изјасни како Еврејка?**

________________________________________________________________

Кога Мардохеј ѝ се обратил на Естира барајќи од неа помош, таа веќе неколку години била во брак со Ахасвер (Ксеркс), но во Персија постоел закон дека никој не може да пристапи до царскиот престол, освен ако царот не го повика. Кој не го почитувал тоа правило, ризикувал да биде погубен. Естира, свесна за овој ризик, сепак влегла во салата каде што бил престолот – непоканета.

Мардохеј се стремел да ја разбуди верата на Естира со неговата вера. Самата срж на оваа книга се наоѓа во зборовите што Мардохеј ѝ ги упатува на Естира: „Мардохеј во одговор и рече на Естира: ’не мисли дека ти единствена од сите Јудејци ќе се спасиш во царскиот дом. Ако ти премолчиш во ова време, тогаш слободата и спасението на Јудејците ќе дојде од друго место, а ти и домот на таткото твој ќе загинете. И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство?‘” (Естира 4,13,14)

Верата на Естира била ставена на проверка кога Мардохеј се повикал на нејзината љубов кон сопствениот народ. Никој не знаел дека е Еврејка освен Мардохеј, но кога донела одлука да се вмеша, не се двоумела да го стави својот живот на коцка.

Нејзината вера во Бога била силна и ѝ било јасно дека нема да може да успее без Божјата помош. И нејзиниот одговор што му го дала на Мардохеј, ја открива нејзината вера: „Ајде собери ги сите Евреи, кои со наоѓаат во Шуша. Постете за мене: не јадете ниту пијте три дни и три ноќи. И јас ќе постам така со своите девојки. Така подготвена ќе влезам кај царот, иако е спротивно на законот, па ако треба да загинам ќе загинам“ (Естира 4,16). Мардохеј ја пренел оваа вест по целата еврејска заедница во Сусан и додека тие постеле и се молеле, Естира се подготвувала за тој опасен момент. „Во третиот ден, откако прекрати да пости ги соблече молитвенитеоблеки и се облече во царската облека, и застана во внатрешниот трем на царевата куќа, спроти царскиот дом; а царот седеше на својот царски престол во царскиот дом, спроти влезот на куќата. И кога царот виде дека царицата Естира стои во дворот; таа најде благодат пред него и царот го испружи златниот жезол што го држеше во раката, кон Естира; а Естира се доближи и се допре до крајот на жезолот“ (Естира 5,1.2).

**Во ситуација каква што е тука опишана, меѓу Евреите, постот, секако, би бил проследен со молитва. Односно, иако тие веќе правеле сè што можат во нивен најдобар интерес, молитвата имала централно место во нивниот одговор на опасноста. Која очигледна поука можеме да ја извлечеме од ова?**

## ЧУДОТО НА ПУРИМ

Коментаторите повеќе илјади години истакнуваат дека Божјето име воопшто не се појавува во Книгата за Естира. Тоа е единствената библиска книга во која се јавува таков феномен. Сепак, Евреите можеле да го препознаат Божјото дејствување во големото избавување што било постигнато за нив, и затоа Божјиот народ одлучил да ја вклучи таа книга во библискиот канон.

Дали и ние сме во состојба да го согледаме Божјото присуство под видливата реалност на нашиот секојдневен живот? Божјите дела може да изгледаат како обични, спонтани настани и ако не посветиме посебно внимание, нема да го забележиме Неговото присуство.

**Прочитајте го текстот Естира 9,1-12. Каков бил резултатот од напорите на Естира?**

____________________________________________________________

Чудото на Пурим попримило многу необичен облик. Чудото е скриено, маскирано во навидум нормални настани. Законот за истребување на Евреите не бил поништен, туку бил напишан нов закон кој им овозможил да се бранат.

Исто така, забележете што друго се случило и како Бог успеал да дејствува преку тие настани. Дури и Персијците го увиделе Божјето дејствува во полза на Евреите.

И каков бил резултатот?

„Мнозина од народите на земјата станаа Евреи“ (Естира 8,17). Тоа е одличен пример за Господовото дело во доведување на изгубените души до спознание за Него.

Водачите на еврејскиот народ го препознале Божјото дело. Откако успешно се одбраниле, Евреите прогласиле годишен празник (наречен Пурим) за да ја одбележат нивната победа. Тие денови сè уште традиционално се празнуваат во духот на благодарност кон Бога, во спомен на Неговото избавување.

**Предизвик:** Молете се Бог да ви даде храброст во текот на оваа седмица да споделите со некои од луѓето на вашата молитвена листа нешто што Тој направил за вас.

**Дополнителен предизвик:** Започнете да водите дневник или едноставно да запишувате некои посебни, ситни (или крупни) работи што Бог ги прави за вас. Прегледајте ги тие записи и молете се Бог да ве потсети на тие настани во вистинско време за да можете да ги споделите со некого.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„На секое домаќинство и на секое училиште, на секој родител, наставник и дете, кои ги осветлила светлината на Евангелието, во овој судбоносен час му е упатено прашањето поставено на царицата Естира во оној значаен миг од историјата на Израел: ‘Кој знае, дали токму и не си се искачила до царската чест заради часот како што е овој?’“ (Естира 4,14)“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 263 оригинал).

„Естира била преубава Еврејка, роднина на Мардохеј, кој ја зел во својот дом по смртта на нејзините родители и ја сакал како своја ќерка. Бог ја употребил за да го спаси еврејскиот народ во Персија. (Напомена: овој пасус е воведен материјал за Естира, вклучен во книгата *Daughters of God* / *Божји ќерки* на 45. страница, и не го напишала Елена Вајт. Но следните два пасуси ги напишала таа.)

„Во дамнешно време Господ работел на прекрасен начин преку посветените жени, кои се здружувале во Неговото дело со луѓето што Тој ги избрал да бидат Негови претставници. Бог ги употребил жените за големи и решавачки победи. Во повеќе наврати, во несекојдневни пригоди, Тој ги изнесувал во прв план и работел преку нив за да спаси многу животи. Преку царицата Естира, Господ остварил моќно избавување на својот народ. Во време кога се чинело дека никаква сила не може да ги спаси, Естира и жените поврзани со неа, преку пост, молитва и навремено дејствување, укажале помош и му донеле спас на својот народ...

Проучувањето на вклученоста на жените во Божјото дело во времето на Стариот завет ќе нè научи на нешто што ќе ни овозможи да се соочиме со вонредните околности што се појавуваат во делото денес. Можеби нема да достигнеме на толку клучна и истакната позиција како што имал Божјиот народ во времето на Естира, но преобратените жени често можат да одиграат важна улога на некои поскромни позиции. Многу жени работеле така и сè уште се подготвени да работат“ (Ellen G. White, *Daughters of God*, pp. 45, 46).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Книгата за Естира ни остава неколку неодговорени прашања, особено во врска со нејзината улога на царскиот двор, иако била издигната на позицијата царица. Како да го помириме тоа со нејзината вера, и дали е тоа воопшто можно?**

**2. Познатите зборови на Естира „ако загинам, нека загинам“ (Естира 4,16), одекнуваат низ милениумите како пример за верност дури и при соочување со смрт. Во која смисла овие нејзини зборови го одразуваат она со што ќе се соочи Божјиот народ во последните денови, кога настаните најавени во Откровение 13 глава ќе станат реалност?**

**3. Разговарајте во класата за прашањето поставено на крајот од проучувањето за понеделник, за тоа дека понекогаш е подобро да не ја откриваме својата вера. Дали тоа некогаш треба да важи и за нас?**

**Лекција 13**
**Од 23 до 29 декември 2023**

# ЗАВРШЕТОК НА БОЖЈАТА МИСИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 1,1-7; 1. Петрово 2,9; Откровение 14,6-12; Лука 11,23; 1. Тимотеј 2,4; Откровение 21,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бидејќи сѐ ова ќе се распадне така, какви треба да бидете во светото владеење и во побожноста, вие кои го очекувате и забрзувате доаѓањето на Божјиот ден, кога запалените небеса ќе се распаднат и вжарените стихии ќе се стопат?“ (2. Петрово 3,11.12)**

Книгата Откровение го исполнува нашиот ум со сцени за крајот. Епицентарот на книгата се занимава со космичкиот конфликт меѓу Христа и сатаната. Сатаната ја изгубил својата власт над земјата и сега ги прогонува оние што му останале верни на Бога. Кулминација во книгата е Христовото враќање да ги избави своите деца – праведните кои ќе бидат живи во тој момент и сите верни кои умреле уште од падот на Адам и Ева. Книгата зборува и за уништувањето на сатаната и на злите со оган и за воспоставувањето на Исусовото вечно царство на новата земја.

Проучувачите на Откровението со ентузијазам истражуваат и се трудат да ги препознаат пророкуваните знаци и настани што ја обележале црковната историја од првиот век од нашата ера до нашите денови на крајот на времето. И во право се што го прават тоа.

Меѓутоа, во последната лекција за ова тримесечје, ќе се увериме дека Откровението е всушност мисионска сторија сосредоточена на мисионерскиот Бог кој нѐ повикува да бидеме мисионерска црква. Нашиот повик да му ја објавуваме „сегашната вистина“ на светот, ќе трае сѐ додека секој човек не направи избор за или против Бога.

## ОТКРОВЕНИЕ – БОЖЈА МИСИЈА ЗА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

Воведните стихови на Откровението му укажуваат на читателот дека таа книга е сосредоточена на Божјата мисија.

**Прочитајте Откровение 1,1-7. Во што гледате доказ дека Откровението е сосредоточено на Божјата мисија на крајот на времето?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бидејќи во првите стихови се открива дека Исус е изворот и фокусот на оваа книга, текстот Откровение 1,4.5 алудира на сите три лица на Божеството, кои работат заедно за да ги спасат човечките суштества. Отецот е вечниот Бог – Оној кој бил, кој е и кој ќе дојде. Светиот Дух, кој моќно дејствува меѓу црквите во 1. век, се споменува по име. Потоа Јован се потсетува на статусот на Исуса Христа, кој е „верниот сведок“, „првородениот од мртвите“ (Откровение 1,5) и кој има легална сопственост над оваа планета. Обидот на сатаната да воспостави свое царство на земјата пропаднал. Освен Божјата победа над сатаната, пролеаната крв на нашиот Создател ја мие нашата кривица и нашиот срам.

**Прочитајте ги текстовите Откровение 1,6 и 1. Петрово 2,9. Што значат титулите што им се припишуваат на откупените во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Фокусот на Божјата мисија не се состои само во тоа да ги извлече на сигурно луѓето кои се движат кон уништување. Божјото спасение ни нуди нов и чесен статус, бидејќи Божјиот лик се обновува во нас. Како откупени, ние стануваме дел од царското семејство (цареви), бидејќи, преку пролеаната Исусова крв, ние сме крвно поврзани со Царот на вселената. Сега, како членови на царското семејство, се придружуваме на неговата мисија за спасение на другите луѓе. Тоа нѐ прави свештеници! Христос ја основал својата црква како „царство“, а нејзините членови ги назначил за „свештеници“. Да се биде припадник на тоа царство, значи да се биде свештеник.

Во текстот Откровение 1,7 ја забележуваме итноста на мисијата – Исус доаѓа, и народите „ќе се расплачат пред Него“ затоа што се изгубени. Бог копнее по оние кои се отуѓени од Него.

Значи, книгата Откровение започнува со Божјата мисија за луѓето.

**Бог не само што нѐ создал туку и нѐ откупил, и тоа по неверојатна цена. Зошто оваа вистина треба да ни влева толку многу надеж, без оглед на нашите моментални околности?**

# ПОРАКИТЕ НА ТРОЈЦАТА АНГЕЛИ И МИСИЈАТА

Книгата Откровение ни дава моќен и живописен приказ на темата за големата борба, можеби најдраматично прикажана во текстот Откровение 12,12: „Затоа, веселете се небеса и вие, кои живеете во нив. Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време.“ Тешко е да се замисли дека нешто во Светото писмо може да се разбере одвоено од мотивот на големата борба, која ќе достигне своја кулминација во последните денови.

**Прочитајте Откровение 14,6-12. Што е опишано овде и како овие стихови се поврзани со нашата мисија и порака?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Од клучно значење за мисијата, Божјата мисија, е пораката, Божјата порака, а тоа е евангелието. Таа порака, во вистинска смисла на зборот, е мисијата. Светот треба да биде предупреден за она што го чека и секој човек ќе биде принуден да направи избор – избор за живот или за смрт.

**„Кој не е со Мене, тој е против Мене и кој не собира со Мене, тој растура!“ (Лука 11,23). Што кажува Исус овде а се однесува директно на нашата мисија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Пораките на тројцата ангели од Откровение 14 ја сочинуваат суштината на она што ние, како адвентисти на седмиот ден, сме повикани да му го објавиме на светот. Две теми се од суштинско, фундаментално значење за таа порака: „вечното евангелие“ (Откровение 14,6) и обожавањето на Создателот. И во описот на светите се јавуваат исто така две теми: „Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Што и да правиме – колку и да им правиме добро на луѓето и да им помагаме – никогаш не смееме да го изгубиме од вид нашиот посебен повик и мисија, а тоа е да му ја објавува на изгубениот свет надежта што е дел од „вечното евангелие“ и да го предупредиме светот на она што ќе го снајде еден ден.

**„Кој не е со Мене, тој е против Мене“ (Лука 11,23). Како го разбирате тоа што го кажува Исус овде? Зошто овие зборови треба да нè наведат да се преиспитаме каде е навистина нашето срце?**

## ЗАВРШНАТА КРИЗА

Исус им го кажал следното на своите ученици, но и на нас: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28,19.20). Ова е Големиот налог, а пораките на тројцата ангели, кои упатуваат повик „на секое племе и јазик и племе и народ“ (Откровение 14,6), едноставно се израз на Големиот налог од перспектива на „сегашната вистина“ (видете: 2. Петрово 1,12).

**Прочитајте ги текстовите: 1. Јованово 4,8; 2. Петрово 3,9; 1 Тимотеј 2,4 и 1. Мојсеева 12,3. Зошто секоја група на луѓе е важна за Бога?**

________________________________________________________________

Христовата љубов го опфаќа целото човештво, не исклучувајќи ниту една група луѓе. Спротивно на теологијата која учи дека Христос умрел само за некоја предодредена елита, Библијата јасно кажува дека Христовата смрт била во полза на сите луѓе, без оглед на расата, на етничката припадност или на кој било друг фактор. Ако си човечко битие, Христос умрел за тебе. И точка. Единственото спорно прашање што сè уште останува за секој од нас е, *каков став ќе заземеме како одговор на Неговата смрт?*

Кога Исус ќе се врати, ќе има само две јасно разграничени групи луѓе - оние кои се потчиниле на власта што ја остварува сатаната преку религиозните и политичките институции, како што е прикажано во Откровение 13. и 17. глава, и оние кои целосно му се покориле на Исуса Христа, и чија вера се огледува во фактот дека тие ги држат „Божјите заповеди“ (Откровение 14,12).

Уште од самиот почеток луѓето имале докази за тоа кој е Бог и за Неговиот пат на праведност и љубов (Римјаните 1,18-21). Затоа, сите што живееле во изминатите векови ќе бидат судени врз основа на тоа како соработувале со Бога и како живееле – без оглед колку разбрале или не разбрале (Римјаните 2,11-16).

Но во времето на крајот, ќе доаѓа до сè поголема поларизација и повеќе нема да се почитува слободата на совеста. Луѓето ќе бидат принудувани да се придружат на страната на сатаната. Затоа има итна потреба да се објавува евангелието и да се разоткријат сериозните вести за стратегиите на сатаната. А токму со тоа се занимаваат пораките на тројцата ангели, и тоа е и целта на нашата мисија.

**Задржете се во вашите мисли на фактот дека Христос умрел лично за вас. Дали постои нешто што може да ве наведе да помислите дека некое ваше дело, без разлика колку е лошо, не е целосно платено со Христовата смрт на крстот?**

# УСПЕХОТ НА МИСИЈАТА

Што претставува успех во мисијата? Можеме да дојдеме во искушение да помислиме дека тоа е бројот на крштевања, голема црква и висока стапка на раст. Можеби сметаме дека успехот се состои во тоа вистината да продре во секое племе и секоја етничка група на земјата, што можеме да го забрзаме преку употреба на радиото, Интернетот и телевизијата. Иако сево ова е добро, сепак треба да го имаме на ум она што Павле ѝ го порачал на заедницата верници во Коринт: „Јас посадив, Аполос наводи, но Бог прави да расте“ (1. Коринќаните 3,6). Со други зборови, нашиот фокус треба да биде на процесот, а Божјиот фокус ќе биде на растот.

Веќе заклучивме дека целта на Божјата мисија е изгубените во секоја група луѓе на земјата да се спасат со тоа што ќе станат посветени Исусови ученици, вклучени во Неговата мисија.

**Прочитајте ги следните текстови. Што ни кажуваат за карактерот на Исусовите следбеници?**

**2. Коринќаните 11,2** ________________________________________

________________________________________________________________

**Исаија 30,21; Јован 10,27; Јован 16,12.13** ______________________

________________________________________________________________

**2. Солуњаните 2,9-11; Евреите 3,12.13; 1. Јован 1,8** _____________

________________________________________________________________

**1. Јованово 1,9; Откровение 7,14; Откровение 19,8** ______________

________________________________________________________________

Исусовите ученици остануваат чисти и предани на Исуса, исто како што невестата треба да биде чиста пред својот вереник. Тие го следат Исуса кој ги води со тивкиот и тенок глас на Светиот Дух. Ова значи дека Тој ќе ги води во мисионската работа за другите. Тие ученици не подлегнале на измамата. Тие не се заведени од сомнеж, лажни учења или неморал. И тие не се сметаат себеси за морално супериорни во однос на другите. Сфаќаат дека се несовршени и дека им е потребна Божјата благодат и милост којашто ја чисти душата. Бидејќи се свесни за тоа, тие се отворени и за укор и за совет од другите верници. Успехот во мисијата води до создавање такви ученици.

**Што значи да се биде „чиста девица“ пред Христа (видете 2. Коринќаните 11,2)? Како можеме ние, како грешници, да бидеме такви пред Бога и да ги водиме другите да станат непорочни пред Христа?**

## МИСИЈАТА Е ЗАВРШЕНА

**Прочитајте Откровение 21,1-4 и Откровение 21,22-22,5. Која сцена е опишана овде?**

_______________________________________________

Каков рај ќе биде новата Земја! Смртта и гревот ќе исчезнат, а сатаната и злото ќе бидат уништени. Ќе се сретнеме со нашиот возљубен Спасител и повторно ќе се споиме со нашите најблиски. Новата земја ќе биде населена со претставници од сите етнички и јазични групи.

Мисионскиот одбор при Генералната конференција ги одобри стандардите за утврдување дали е досегната одредена група луѓе или не. „Досегната група“ е онаа која има соодветен број верници и потребни ресурси за да може ефективно да им сведочи на остатокот од групата без да има потреба од надворешна помош. Тоа значи да одржува богослуженија, да има Библија и друга литература на мајчин јазик и да има домашни црковни водачи кои можат да му сведочат на остатокот од населението без помош од преведувачи.

„Недосегната група“ е онаа која нема автохтона заедница на верници адвентисти со соодветен број членови и потребни ресурси за ефективно да сведочат во својата заедница без помош однадвор.

Секоја локална црква и област мора да одредат до кои групи луѓе во нивната заедница треба да допре. Сега е време да се вложи во Божјата мисија за создавање ученици меѓу сите групи луѓе, со цел да се забрза враќањето на нашиот Спасител и, на крајот, да живееме со сите нив на новото небо и новата земја што ни се ветени овде.

***Предизвик:*** Како вие го забрзувате Христовото враќање? Дали сеете семе на надеж во срцата на оние што треба да ја слушнат радосната вест? Дали ги „полевате“ новите верници помагајќи им да научат што значи да се води живот на посветеност и послушност кон Христа? Молете се за можности да им го пренесете ветувањето за новата земја на луѓето од вашата дневна молитвена листа.

**Дополнителен предизвик:** Некои од вашите „ученици“ можеби се подготвени да го прифатат Христа. Тоа значи придружување кон црквата или кон група верници. Ставете се себеси на негово или нејзино место и замислете дека присуствувате на богослужба во вашата црква за прв пат. Какво би било тоа искуство? Колку вашата црква е подготвена да прима и да поучува нови луѓе? Дали сте отворени за основање нови групи верници, а не само за поддршка на својата веќе постоечка црква? Смислете стратегија за зајакнување во оние области каде што сте слаби. Споделете ги вашите размислувања со црковното раководство и соработувајте со нив на спроведување на планот да станете црква порешителна во тоа да создава ученици.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Со големиот план на спасението светот ќе биде вратен во својата првобитна состојба. Сè што било загубено со гревот, со Божјата милост повторно ќе биде вратено. Искупен е не само човекот, туку и целата земја – да биде вечна татковина на послушните. Сатаната шест илјади години со сите сили се бори земјата да ја задржи под своја власт. Сепак, првобитната Божја цел, она заради што земјата и е создадена, конечно ќе се оствари. ’Потоа светите на Севишниот ќе го преземат царството и ќе владеат со него во век и векови‘“ (Даниел 7,18)“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 342 оригинал).

Но пред тоа да стане реалност, наша должност е да соработуваме со Бога во Неговата мисија и да допреме до светот со пораката на предупредување, за луѓето да можат да ја прифатат и да земат учество во Божјото ветување за новото создавање.

„Копнеам да видам огромно мноштво работници кои работат за оние кои не се запознаени со доказите за нашата вера. Многумина примија голема светлина слушајќи ги пораките на тројцата ангели и сега тие треба да ги објавуваат овие пораки во сите делови на светот. Сакам да го извршам мојот дел и да го отворам патот за другите кои ја носат светлината на вистината. Господ нека ни помогне да го облечеме Неговиот оклоп. Верниците треба да се обединат во тоа свечено дело на изнесување на последното предупредување на светот“ (Ellen G. White, *Letter* 390, 1907/ необјавено писмо).

Во текот на ова тримесечје ги проучувавме различните аспекти на Божјата мисија и можните проблеми поврзани со неа. Оваа седмица го завршивме нашето проучување со истражување на клучевите што ни ги дава Откровението за да знаеме како изгледа обновениот однос со Бога, а кулминацијата на таа книга е визијата за исполнетата мисија – новото создавање и обновената земја. Иако е вистина дека моментот на уништување на гревот и страдањето ќе биде најстрашниот период од историјата на земјата, Бог ни дава визија за тоа што ќе се случува по тие денови и ни дава утеха и охрабрување со ветувањето дека земјата ќе биде обновена.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Што е „вечното евангелие“? Зошто е „вечно“? И зошто тоа учење мора да биде темел на нашата мисија?**

**2. Зошто ставаме таков нагласок на пораките на тројцата ангели? Како одговарате на тврдењето дека треба да се сосредоточиме на Исуса, а не на нешто наводно толку „негативно“ како што се тие пораки кои вклучуваат некои многу силни предупредувања?**

**3. Како ова тримесечје ви помогна подобро да ја разберете не само важноста на мисијата, туку и како вие и вашата црква би можеле на подобар начин да учествувате во неа, на што сте и повикани?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ОКТОМВРИ

## КНЕЗ НА ЖИВОТОТ

ПОНИЖУВАЊЕ НА ЦАРОТ

### ГОСПОДАР НА ЖИВОТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***Ефесјаните 5,18.*** | *Извор на животот* |
| *2. Понеделник* | ***Лука 22,15.*** | *Вистинското пасхално јагне* |
| *3. Вторник* | ***Лука 2,11.*** | *Детето од Назарет* |
| *4. Среда* | ***1. Јованово 5,11.*** | *Господар на животот* |
| *5. Четврток* | ***Псалм 16,11.*** | *Изворот на сета радост и задоволство* |
| *6. Петок* | ***Лука 23,32–42.*** | *Единствениот сигурен Водич* |
| ***7. Сабота*** | ***Псалм 18,2.*** | *Заштитник* |

### ПРАВЕДНИК

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Јован 6,14.*** | *Пророкот од Галилеја* |
| *9. Понеделник* | ***1. Јованово 3,5.*** | *Праведникот* |
| *10. Вторник* | ***Откровение 5,13.*** | *Милостивиот Спасител* |
| *11. Среда* | ***Ефесјаните 2,8.*** | *Избавител и Спасител на својот народ* |
| *12. Четврток* | ***1. Самоилова 2,2.*** | *Вечната карпа на спасението* |
| *13. Петок* | ***1. Коринќаните 1,24.*** | *Помудар од Соломон* |
| ***14. Сабота*** | ***Матеј 2,11.*** | *Новороденииот Цар* |

### КНЕЗ НА ЖИВОТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Дела 4,11.*** | *Отфрлен камен* |
| *16. Понеделник* | ***Матеј 4,23.*** | *Кнезот на животот* |
| *17. Вторник* | ***Јован 5,40.*** | *Единствениот извор на помош* |
| *18. Среда* | ***Исаија 46,4.*** | *Оној кој го одржува човечкиот род* |
| *19. Четврток* | ***Псалм 73,24.*** | *Прекрасен Советник* |
| *20. Петок* | ***1. Јованово 4,20.*** | *Невидливиот* |
| ***21. Сабота*** | ***1. Петрово 1,18.19.*** | *Небесен Првенец* |

### НЕИСЦРПЕН ИЗВОР

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Откровение 2,1.*** | *Вистинскиот чувар во Господовиот дом* |
| *23. Понеделник* | ***Лука 4,8.*** | *Законски Владетел* |
| *24. Вторник* | ***Јован 8,2.*** | *Прекрасен Учител* |
| *25. Среда* | ***Јован 17,3.*** | *Неисцрпен извор* |
| *26. Четврток* | ***Јован 11,48.*** | *Господар на славата* |
| *27. Петок* | ***Јаков 1,17.*** | *Оној од кого доаѓаат сите добри работи* |
| ***28. Сабота*** | ***Јован 1,18.*** | *Вечен ум* |

### БРАНИТЕЛ НА ВИСТИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Матеј 26,38.*** | *Печат на ветувањето* |
| *30. Понеделник* | ***1. Јованово 1,9.*** | *Спасител кој простува гревови* |
| *31. Вторник* | ***Јован 1,17.*** | *Бранител на вистината* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – НОЕМВРИ

# ЦАРОТ НА СВЕТИТЕ

### ОЧЕКУВАН ОСЛОБОДИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Лука 4,15.*** | *Кнез на сите учители* |
| *2. Четврток* | ***Матеј 16,18.*** | *Карпа на Израеловото спасение* |
| *3. Петок* | ***Захарија 10,1.*** | *Извор на секој духовен раст* |
| ***4. Сабота*** | ***Лука 4,18.*** | *Очекуваниот Ослободител* |

### ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Јован 8,46.*** | *Невиниот Откупител* |
| *6. Понеделник* | ***Исаија 53,3.*** | *Човек на болката* |
| *7. Вторник* | ***Исаија 42,4.*** | *Кнезот Емануел* |
| *8. Среда* | ***Лука 18,7.*** | *Пример* |
| *9. Четврток* | ***Колошаните 1,17.*** | *Големото средиште* |
| *10. Петок* | ***Марко 6,31.*** | *Оној кој дава одмор* |
| ***11. Сабота*** | ***Евреите 11,27.*** | *Невидливиот* |

### КНЕЗ НА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Матеј 25,6.*** | *Цар над Царевите...* |
| *13. Понеделник* | ***Матеј 4,16.*** | *Сонце на правдата* |
| *14. Вторник* | ***Евреите 3,4.*** | *Врховен Градител* |
| *15. Среда* | ***Јован 5,22.*** | *Оној кој е без вина* |
| *16. Четврток* | ***5. Мојсеева 1,17.*** | *Поголем од Мојсеј* |
| *17. Петок* | ***Евреите 4,15.*** | *Кнез на небото* |
| ***18. Сабота*** | ***Мудри изреки 17,3.*** | *Оној кој очистува* |

### СОЧУВСТВИТЕЛЕН СПАСИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Малахија 3,17.*** | *Божји пратеник* |
| *20. Понеделник* | ***Јован 13,14.*** | *Слуга на сите* |
| *21. Вторник* | ***1. Коринќаните 1,19.*** | *Божествен Учител* |
| *22. Среда* | ***Псалм 103,13.*** | *Сочувствителен посредник* |
| *23. Четврток* | ***Матеј 26,39.*** | *Гаранција за грешниот свет* |
| *24. Петок* | ***Марко 9,22.*** | *Сочувствителен Спасител* |
| ***25. Сабота*** | ***Захарија 2,8.*** | *Најмил возљубен* |

### ЦАР НА СВЕТИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Матеј 12,8.*** | *Господар на саботата* |
| *27. Понеделник* | ***Псалм 147,5.*** | *Бесконечен Помошник* |
| *28. Вторник* | ***4. Мојсеева 24,5.6.*** | *Владетел над Израел* |
| *29. Среда* | ***1. Јованово 1,5.*** | *Светлина на Сонцето, Месечината и ѕвездите* |
| *30. Четврток* | ***Откровение 15,3.*** | *Цар на светите* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ

# СВЕДОК

### СВЕДОК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **1. Јованово 3,3.** | *Бескрајна чистота* |
| ***2. Сабота*** | **1. Мојсеева 16,13.** | *Сведок* |

### БОЖЈИ СИН

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Јован 1,10.** | *Небесен Посетител* |
| *4. Понеделник* | **4. Мојсеева 21,9.** | *Големата Жртва за гревот* |
| *5. Вторник* | **2. Коринќаните 8,9.** | *Оној кој бил сличен на синовите човечки* |
| *6. Среда* | **Јован 10,30.** | *Суверен на Небото* |
| *7. Четврток* | **Ефесјаните 2,20.21.** | *Вистински темел* |
| *8. Петок* | **1. Петрово 5,10.** | *Божји Син* |
| ***9. Сабота*** | **Јован 17,24.** | *Застапник на небото* |

### СТРАЖАР

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **1. Петрово 2,6.** | *Потпирач* |
| *11. Понеделник* | **Откровение 22,17.** | *Голем Исцелител на човечката беда* |
| *12. Вторник* | **Јован 6,63.** | *Извор на непогрешлива мудрост* |
| *13. Среда* | **Мудри изреки 15,3.** | *Стражар* |
| *14. Четврток* | **1. Јованово 2,2.** | *Кнез на оние кои страдаат* |
| *15. Петок* | **Откровение 3,20.** | *Гостин* |
| ***16. Сабота*** | **Јован 1,30.** | *Ветениот* |

### СИГУРЕН ПОМОШНИК

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **Јован 1,14.** | *Зачетник на сета вистина* |
| *18. Понеделник* | **Филипјаните 3,10.** | *Откупител* |
| *19. Вторник* | **Исаија 41,10.** | *Сигурен Помошник* |
| *20. Среда* | **Мудри изреки 30,5.** | *Вистински Толкувач* |
| *21. Четврток* | **Лука 9,56.** | *Неискажлив дар* |
| *22. Петок* | **Галатјаните 3,27.** | *Личен Спасител* |
| ***23. Сабота*** | **Јован 8,10.** | *Безгрешен* |

### ВЕТЕНОТО СЕМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Евреите 4,12.** | *Најмудриот Учител* |
| *25. Понеделник* | **Евреите 7,14.** | *Ветеното семе* |
| *26. Вторник* | **Псалм 103,19.** | *Законски Цар* |
| *27. Среда* | **Откровение 13,8.** | *Јагне Божјо без мана* |
| *28. Четврток* | **Јован 12,35.** | *Извор на светлина* |
| *29. Петок* | **Мудри изреки 18,10.** | *Неисцрпен извор на сила* |
| ***30. Сабота*** | **1. Коринќаните 15,47.** | *Вториот Адам* |

### ГАРАНТ ЗА ЧОВЕЧКИОТ РОД

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | **Римјаните 6,23.** | *Гарант за човечкиот род* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## Октомври

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| **7.** | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| **14.** | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| **21.** | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| **28.** | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## Ноември

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| **4.** | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| **11.** | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| **25.** | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## Декември

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| **2.** | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| **9.** | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 1. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| **16.** | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| **23.** | 4-5 |
| 24. | 2. и 3. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| **30.** | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Октомври*

1. Псалм 79.
2. Псалм 80.
3. Псалм 81.
4. Псалм 82.
5. Псалм 83.
6. Псалм 84.
**7.** Псалм 85.
8. Псалм 86.
9. Псалм 87.
10. Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
12. Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
**14.** Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
16. Псалм 91.
17. Псалм 92.
18. Псалм 93.
19. Псалм 94.
20. Псалм 95.
**21.** Псалм 96.
22. Псалм 97.
23. Псалм 98.
24. Псалм 99.
25. Псалм 100.
26. Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
**28.** Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## *Ноември*

1. Псалм 105,1-15.
2. Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
**4.** Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
9. Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
**11.** Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
13. Псалм 111.
14. Псалм 112.
15. Псалм 113.
16. Псалм 114.
17. Псалм 115.
**18.** Псалм 116.
19. Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
23. Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
**25.** Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## *Декември*

1. Псалм 121.
**2.** Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
**9.** Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
**16.** Псалм 136,1-14.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
**23.** Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
**30.** Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| Виница | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Колешино | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Стар Дојран | 18:05 | 17:53 | 17:43 | 17:33 |
| Куманово | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:35 |
| Неготино | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Струмица | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Кочани | 18:06 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Велес | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Кавадарци | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Дебар | 18:13 | 18:02 | 17:51 | 17:41 |
| Скопје | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:37 |
| Битола | 18:10 | 17:59 | 17:49 | 17:39 |
| Кичево | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 |
| Лаки | 18:05 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Чифлик | 18:07 | 17:55 | 17:45 | 17:35 |
| Штип | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Тетово | 18:11 | 18:00 | 17:49 | 17:39 |
| Јегуновце | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 |
| Росоман | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Гевгелија | 18:06 | 17:54 | 17:44 | 17:34 |
| Свети Николе | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Делчево | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:31 |
| Валандово | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Охрид | 18:12 | 18:01 | 17:51 | 17:41 |
| Радовиш | 18:06 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Прилеп | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:37 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:04 |
| Колешино | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Стар Дојран | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Куманово | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |
| Неготино | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |
| Струмица | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Кочани | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:05 |
| Велес | 16:27 | 16:19 | 16:12 | 16:08 |
| Кавадарци | 16:26 | 16:19 | 16:12 | 16:07 |
| Дебар | 16:32 | 16:24 | 16:18 | 16:13 |
| Скопје | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 |
| Битола | 16:30 | 16:22 | 16:16 | 16:11 |
| Кичево | 16:30 | 16:23 | 16:16 | 16:11 |
| Лаки | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Чифлик | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:07 |
| Штип | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 |
| Тетово | 16:29 | 16:21 | 16:15 | 16:10 |
| Јегуновце | 16:29 | 16:21 | 16:14 | 16:09 |
| Росоман | 16:26 | 16:19 | 16:12 | 16:07 |
| Гевгелија | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 |
| Свети Николе | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 |
| Делчево | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:03 |
| Валандово | 16:24 | 16:17 | 16:10 | 16:06 |
| Охрид | 16:32 | 16:24 | 16:18 | 16:13 |
| Радовиш | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Прилеп | 16:28 | 16:21 | 16:14 | 16:10 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ДЕКЕМВРИ 2023

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:03 | 16:08 |
| Колешино | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Стар Дојран | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Куманово | 16:04 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Неготино | 16:04 | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:11 |
| Струмица | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:09 |
| Кочани | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Велес | 16:05 | 16:03 | 16:04 | 16:07 | 16:11 |
| Кавадарци | 16:04 | 16:03 | 16:04 | 16:07 | 16:11 |
| Дебар | 16:10 | 16:09 | 16:10 | 16:12 | 16:17 |
| Скопје | 16:05 | 16:04 | 16:05 | 16:07 | 16:12 |
| Битола | 16:08 | 16:07 | 16:08 | 16:11 | 16:15 |
| Кичево | 16:08 | 16:07 | 16:08 | 16:11 | 16:15 |
| Лаки | 16:01 | 16:00 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| Чифлик | 16:04 | 16:03 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Штип | 16:03 | 16:02 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Тетово | 16:07 | 16:06 | 16:06 | 16:09 | 16:13 |
| Јегуновце | 16:06 | 16:05 | 16:06 | 16:08 | 16:13 |
| Росоман | 16:04 | 16:03 | 16:04 | 16:07 | 16:11 |
| Гевгелија | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Свети Николе | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Делчево | 16:00 | 15:59 | 15:59 | 16:02 | 16:06 |
| Валандово | 16:03 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Охрид | 16:10 | 16:09 | 16:10 | 16:13 | 16:17 |
| Радовиш | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:09 |
| Прилеп | 16:07 | 16:05 | 16:06 | 16:09 | 16:13 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).